# ПРЕКРШОЦИ ВО СУДСКА ПОСТАПКА

## (ИЗБОРЕН) ЗА IV ГОДИНА

за средно стручно образование
за образовен профил

**Правен техничар**
Економско-правна и трговска струка/сектор
економија, право и трговија



Јетон Шасивари Африм Османи

Скопје, 2025

**Јетон Шасивари** **Африм Османи**

# ПРЕКРШОЦИ ВО СУДСКА ПОСТАПКА

## (ИЗБОРЕН)

### ЗА IV ГОДИНА

**средно стручно образование за образовниот профил**
**Правен техничар**
**Економско-правна и трговска струка/сектор економија, право и трговија**

**Скопје, 2025**

**ПРЕКРШОЦИ ВО СУДСКА ПОСТАПКА**
(изборен) за IV година
средно стручно образование за образовниот профил Правен техничар
Економско-правна и трговска струка / сектор економија, право и трговија

**Автори:**
Јетон Шасивари
Африм Османи

**Рецензенти:**
Насер Адеми
Ганимете Речи-Бислими
Данче Раевска

**Лектор:**
Елизабета Бандиловска

**Стручна редакција:**
Игор Камбовски

**Уредник:**
Игор Камбовски

**Издавач:** Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија,
ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, 1000 Скопје

**Техничка обработка и корица:** Бурим Исмаили

**Графичко и техничко уредување:** Ели Василевска Илиевска – АРС СТУДИО

**Место и година на издавање:** Скопје, 2025 година

Со одлука за одобрување на ракопис за учебник по наставниот предмет Прекршоци во судска постапка (изборен) за IV година, СТРУКА/СЕКТОР: ЕКОНОМСКО/ПРАВНА И ТРГОВСКА/ЕКОНОМИЈА, ПРАВО И ТРГОВИЈА, образовен профил/квалификација: Правен техничар средно стручно четиригодишно образование, бр. 26-351/3 од 26.08.2024 година донесена од страна на Националната комисија за учебници.

# ПРЕДГОВОР

Поаѓајќи од важечката наставна план-програма изготвена од Центарот за стручно образование и обука, а донесена од министерот за образование и наука за Прекршоци во судска постапка за четврта година за средното стручно образование за образовниот профил правен техничар, имајќи го предвид неопходното приспособување на оваа материја која беше нужна поради честите промени во правниот и општествениот живот во нашата држава, во ова издание на учебникот, авторите ги направиле неопходните адаптации и дополнувања на градивото со цел материјата да се усогласи со тековните реформи во прекршочното право, како и со новините во стручната литература. Во оваа насока, на крајот на секој од модуларните единици и темите се разработени и контролни прашања, како и соодветни задачи со цел учениците пред себе да имаат квалитетна педагошка ориентација, но и материјата да биде лесно достапна, така што сметаме дека преку успешното изведување на часовите по овој предмет од страна на наставниците, стручно-педагошката цел на овој предмет во потполност ќе може да се оствари.

Скопје, јануари 2024 година *Од авторите*

## С О Д Р Ж И Н А


**ПРЕДГОВОР** 2
**СОДРЖИНА** 3
**МОДУЛАРНА ЕДИНИЦА 1** 6
**ПРЕКРШОЧНА СУДСКА ПОСТАПКА** 6
**ГЛАВА I** 6
**ПРЕКРШОК КАКО СПЕЦИФИЧНА ФОРМА НА КАЗНИВО ДЕЛО** 6
1. Поим за прекршочно право 6
2. Поим за прекршок во судска постапка 8
3. Основни обележја на прекршокот 11
4. Сличности и разлики меѓу кривично дело и прекршок 14
5. Прекршочна одговорност 16
**ГЛАВА II** 26
**СУДСКА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА КАКО ПОСЕБЕН ВИД НА ПОСТАПКА** 26
1. Поим за судска прекршочна постапка 26
2. Процесни субјекти и други учесници во прекршочна постапка пред суд 28
3. Законска регулатива 29
4. Начела на прекршочната постапка 32
**ГЛАВА III** 37
**КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ** 37
1. Прекршочни санкции 37
1.1. Опомена 38
1.2. Општокорисна работа 38
1.3. Глоба 39
1.4. Престанок на важење на возачка дозвола 40
1.5. Забрана за управување со моторно возило 41
1.6. Забрана за вршење професија, дејност или должност 41
1.7. Протерување странец од земјата 42
1.8. Забрана за влез и присуство на спортски натпревари 43
1.9. Забрана за користење на субвенции и други средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија 43
2. Заштитни мерки 47
2.1. Конфискација на имот и имотна корист прибавена со прекршок 47
2.1.1. Конфискација на имот и имотна корист од физички и правни лица 47
2.1.2. Одземање предмети прибавени со прекршок 49
3. Воспитни мерки 50
3.1. Укор 52
3.2. Мерка на засилен надзор од страна на родител, односно старател 52
3.3. Мерки на засилен надзор од страна на центарот 53
4. Примена на прекршочни санкции 54
**ГЛАВА IV** 58
**ПОСТАПКА ЗА ПОРАМНУВАЊЕ И ПОСРЕДУВАЊЕ** 58

1. Постапка за порамнување 58
2. Постапка за посредување 66
**ГЛАВА V** 72
**НАДЛЕЖНОСТ НА ПРЕКРШОЧЕН СУД** 72
1. Состав на судот 72
2. Надлежност на прекршочен суд 72
3. Стварна надлежност 73
4. Месна надлежност 73
**МОДУЛАРНА ЕДИНИЦА 2** 78
**ПРВОСТЕПЕНА СУДСКА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА** 78
**ГЛАВА I** 78
**ПОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА И МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ОБВИНЕТ** 78
1. Барање за поведување судска прекршочна постапка 78
2. Постапување по барањето за поведување судска прекршочна постапка 81
3. Поведување на судска прекршочна постапка 82
4. Мерки за обезбедување присуство на обвинет 83
4.1. Покана 83
4.2. Приведување 83
4.3. Гаранција 84
4.4. Задржување 84
4.5. Задржување странец во прифатен центар 85
5. Услови за прекин на постапката 86
6. Привремено одземање предмети 86
7. Привремени мерки и забрани 87
**ГЛАВА II** 91
**ТЕК НА ПРЕКРШОЧНА СУДСКА ПОСТАПКА** 91
1. Тек на постапката 91
2. Докажување 92
3. Скратена постапка и итност на постапка 93
**ГЛАВА III** 98
**ОДЛУКИ ВО ПРЕКРШОЧНА СУДСКА ПОСТАПКА** 98
1. Донесување и соопштување на одлуката 98
2. Видови одлуки 98
2.1. Пресуда со која обвинетиот се ослободува 99
2.2. Решение за запирање на прекршочната постапка 103
2.3. Пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен 106
3. Составни делови на одлуките 111
**ГЛАВА IV** 114
**ПОТРЕБА ОД ВОВЕДУВАЊЕ ПОСЕБНА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА** 114
1. Поим за посебна постапка 114
2. Издвојување на прекршочната постапка спрема малолетник 114
3. Повикување на малолетникот 116
**МОДУЛАРНА ЕДИНИЦА 3** 120
**ВТОРОСТЕПЕНА СУДСКА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА** 120
**ГЛАВА I** 120

**ПОСТАПКА ПО РЕДОВЕН И ВОНРЕДЕН ПРАВЕН ЛЕК** 120
1. Редовни правни лекови 120
2. Вонредни правни лекови 129
3. Услови за вложување редовни и вонредни правни лекови 131
4. Составни делови на правните лекови 132
**ГЛАВА II** 137
**ВТОРОСТЕПЕНА ПРЕКРШОЧНА СУДСКА ПОСТАПКА** 137
1. Постапка по жалба и вонредни правни лекови 137
2. Второстепена одлука 141
**ПОИМНИК** 153
**БИБЛИОГРАФИЈА** 158

**МОДУЛАРНА ЕДИНИЦА 1**

**ПРЕКРШОЧНА СУДСКА ПОСТАПКА**

# ГЛАВА I

# ПРЕКРШОКОТ КАКО СПЕЦИФИЧНА ФОРМА НА КАЗНИВО ДЕЛО

***Цели на учењето:*** *дефинира прекршочно право и прекршок; наведува обележја/елементи на прекршок; прави разлика меѓу судски и административен прекршок; прави разлика меѓу кривично дело и прекршок; дава пример за кривично дело и прекршок; објаснува прекршочна одговорност; идентификува начини на извршување прекршок.*
***Клучни поими:*** *прекршок; прекршочна одговорност.*

## 1. ПОИМ ЗА ПРЕКРШОЧНО ПРАВО

Заедно со кривичните дела и престапите, прекршоците претставуваат посебен вид казниви дејства во правниот систем на секоја држава. Прекршочното право е дел од јавното право на определена држава преку кое таа го изразува своето право да ги казнува сторителите на прекршоците. Под поимот **прекршочно право** се подразбира цел збир законски прописи што ги пропишуваат прекршоците и санкциите предвидени за тие прекршоци. Но, кога се зборува за збирот на законските прописи што пропишуваат прекршоци и санкции за нив, треба да се истакне дека овој збир е доста голем и опфаќа бројни закони што пропишуваат прекршоци и санкции од различни области на општествениот живот.

Кога се зборува за дефинирање на прекршочното право, општоземено се разликуваат **две дефиниции**, и тоа: **формална** и **материјална дефиниција**.

**Формалната дефиниција** поаѓа од формалните обележја, односно од тоа како прекршочното право се изразува во стварноста, и според неа, прекршочното право претставува збир на правни прописи со кои се регулираат општите услови за пропишување

на прекршоците и на прекршочните санкции, општите услови за утврдување на прекршочната одговорност, за изрекувањето и за извршувањето на прекршочните санкции и се пропишуваат прекршочните постапки[1].

Од друга страна, **материјалната дефиниција** првенствено води сметка за самата суштина, односно за социјалната димензија (заднина) на прекршочното право, со која се определува и основната функција на прекршочното право. Така, според оваа дефиниција, прекршочното право претставува посебна гранка на позитивното право чијашто основна функција е заштита на јавниот поредок во најширока смисла на зборот. Јавниот поредок е дел од правниот поредок што е регулиран со јавно-правните прописи со кои се уредуваат односите меѓу државата, од една страна, и физичките и правните лица, од друга страна, и кој наметнува почитување на општествената дисциплина преку наредување или преку забранување соодветно поведение на физичките и на правните лица, со што се обезбедува заштита на безбедноста на луѓето и имотот, на економските, културните и другите вредности и односи. Непочитувањето на потребната дисциплина, а со тоа и нарушувањето на јавниот поредок, доведува до примена на прекршочното право, со што се создаваат услови за примена на репресивни мерки – прекршочни санкции[2].

Што се однесува до историскиот аспект на појавата на прекршоците, треба да се напомене дека, за првпат, тие се појавуваат во францускиот револуционерен Казнен законик од 1791 година, каде што постоела тројна поделба на казнивите дејства на злосторства, престапи и прекршоци, при што злосторствата како потешки казниви дејства претставувале кривични дела, во денешна смисла на зборот, додека престапите и прекршоците биле полесни казниви дејства[3].

Инаку, прекршочното право **е допирна точка** меѓу кривичното и управното право. Прекршочното право традиционално било дел од управното право. Многу институти на кривичното право се присутни во прекршочното право, но и во управното право (процесни начела, докази и доказна постапка). Прекршоците биле подразбирани како противење на одлуките и наредбите на администрацијата, а органите што ја воделе прекршочната постапка биле административните органи, пред сè, полицијата. Меѓутоа, прекршочното

[1] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 1, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.
[2] Види повеќе во: Damir Aviani, Prekršajno pravo, Pravni fakultet, Split, 2009, стр. 1-2.
[3] Види повеќе во: Željko Horvatić, Rječnik kaznenog prava, Masmedia, Zagreb, 2002, стр. 47.

право се третирало и како дел од кривичното право бидејќи прекршоците се сметале за полесни казниви дејства. Денес прекршочното право се смета за самостојна правна гранка и правна наука што претставува синтеза на кривичното и на управното право[4].

Значи, да заклучиме, **прекршочното право** е посебна правна гранка и правна наука со елементи и на управното и на кривичното право што се занимава со проучување на прекршокот како посебен облик на социјален криминалитет, но и со прашањата за прекршочната постапка, прекршочната одговорност и прекршочните санкции.

## 2. ПОИМ ЗА ПРЕКРШОК ВО СУДСКА ПОСТАПКА

Дефинирањето на поимот за прекршок е повеќе доктринарно отколку законодавно прашање, но сепак многубројните прекршочни законодавства (вклучувајќи го и нашето) го дефинираат општиот поим за прекршок кој, пред сѐ, има принципиелно значење. Во оваа смисла, и нашиот Закон за прекршоците од 2019 година, во одредбата од членот 8, **го дефинира прекршокот** како: *„Противправно дело кое со закон е определено како прекршок, чии обележја се определени со закон и за кое е пропишана прекршочна санкција“*[5].

Општоземено, сите дефиниции за прекршокот може да се поделат на **формални** и **материјални дефиниции**[6].

**Формалните дефиниции** го дефинираат прекршокот во формално-правна смисла и за нив е важно да се утврдат општите формално-правни објективни и субјективни обележја што се својствени за сите прекршоци, имено, како објективни обележја се: дејството пропишано со закон како прекршок; противправноста и прекршочната санкција, а како субјективно обележје е вината. Слабоста на формалните дефиниции на прекршокот се состои во тоа што тие не даваат одговор на прашањето зошто законодавецот пропишал

---

[4] Предраг Димитријевић, Управно право-општи део, пето издање, Ниш, 2019, стр. 17-18.
[5] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 8, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.
[6] За дефинирање на поимот прекршок види повеќе во: Stanko Pihler, Prekršajno pravo, Graphica Academica, Novi Sad, 2000, стр. 39-40; Предраг Димитријевић; Драган Јовашевић, Прекршајно право, Београд, 2005, стр. 41-43; Миленко Јелачић, Прекршајно право: теорија и пракса, Београд, 2004, стр. 51-53.

некое поведение како прекршок, односно не укажуваат на општествената суштина и на функцијата на прекршокот.

Од друга страна, **материјалните дефиниции** за прекршокот, пак, се обидуваат да ја претстават природата (суштината) на прекршоците, нивната социјална страна, т.е. се фокусираат на прекршокот како општествена појава т.е. како специфично општествено поведение со најмала општествена опасност и штетност.

**Законска дефиниција за прекршокот:** Прекршокот е противправно дело кое со закон е определено како прекршок, чии обележја се определени со закон и за кое е пропишана прекршочна санкција.

**Формална дефиниција за прекршокот:** Прекршокот е противправно и виновно дејство кое со закон е пропишано како прекршок и за кое е пропишана прекршочна санкција.

**Материјална дефиниција за прекршокот:** Прекршокот е специфична општествена појава и поведение со најмала општествена опасност и штетност.

Од друга страна, Законот за прекршоците прецизно определува за кои прекршоци постапката може да ја води и санкцијата може да ја изрече **прекршочен орган**, односно орган на јавната администрација и овластено службено лице, кои во правната теорија се нарекуваат **„административни прекршоци“.** Од друга страна, постојат и прекршоци кои во правната теорија се нарекуваат **„судски прекршоци“**, за кои постапката може да ја води и санкцијата може да ја изрече само надлежниот суд. Според Законот за прекршоците, како **критериум за разликување** на административните од судските прекршоци е **висината на глобата**.

Во таа смисла, Законот за прекршоците во член 49 став 2 пропишува дека прекршочниот орган и овластеното службено лице може да водат прекршочна постапка и да изрекуваат прекршочна санкција за одделни прекршоци за кои глобата е утврдена до најмногу 250 евра во денарска противвредност за физичко лице, 500 евра во денарска противвредност за одговорно лице во правно лице и службено лице и 1 000 евра во денарска противвредност за правно лице. По исклучок од ова, прекршочниот орган може да води

прекршочна постапка и да изрекува прекршочна санкција и кога се предвидени повисоки глоби од предвидените, доколку тоа е предвидено во законодавството на Европската Унија[7]. Тука, треба да се истакне фактот дека ваквата законска одредба не значи автоматски дека секој прекршок за кој е предвидена глоба во горенаведените рамки ќе биде административен прекршок од причина што Законот за прекршоците предвидува само можност за овие прекршоци постапките да ги водат и санкциите да ги изрекуваат прекршочните органи, бидејќи дали ова ќе биде случај ќе зависи од одредбите на посебните закони со кои се предвидуваат поединечните прекршоци. Ова значи дека може да се случи за определен прекршок иако се пропишани глоби во помали износи од горенаведените, сепак надлежноста за водење на прекршочната постапка и за изрекувањето на прекршочната санкција да ја има судот, во согласност со одредбите од посебните закони со кои се уредуваат, на пример: јавниот ред и мир, безбедноста во сообраќајот и др.

**Судски прекршоци** – прекршоци за кои постапката ја води и санкцијата ја изрекува судот.

**Административни прекршоци** – прекршоци за кои постапката ја водат и санкцијата ја изрекуваат прекршочниот орган и овластеното службено лице.

**Судски прекршоци** се оние прекршоци за кои е предвидена глоба **во повисок износ** од:

● 250 евра за физичко лице,

● 500 евра за одговорно лице во правно лице или службено лице,

● 1 000 евра за правно лице.

**Административни прекршоци** се оние прекршоци за кои е предвидена глоба **во помал износ** од:

● 250 евра за физичко лице,

● 500 евра за одговорно лице во правно лице или службено лице,

● 1 000 евра за правно лице.

---

[7] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 49, став 3, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

## 3. ОСНОВНИ ОБЕЛЕЖЈА НА ПРЕКРШОКОТ

Поаѓајќи од горенаведената законска дефиниција на прекршокот, може да се издвојат следниве негови основни обележја:

**Првото основно обележје** на прекршокот е неговата **противправност.** Противправноста значи спротивставување на правната норма или повреда на законската регулатива со човечко дејство или пропуст. Меѓутоа, противправноста не може да се разгледува одвоено од **второто основно обележје**, односно **определувањето на прекршокот со закон** бидејќи определувањето со закон на некое дело како прекршок значи дека станува збор за противправно дело. Ова значи дека прекршокот секогаш е противправно дело со кое се повредува некој задолжителен законски пропис. Во оваа смисла, ако некое лице стори прекршок, тоа значи дека и постапува противправно. Оттука, станува јасно дека овие две основни обележја на прекршокот *се нераскинливо поврзани* и имаат двојна природа бидејќи секое противправно дело не е прекршок (**на пример:** невраќање на долгот е противправно дело, но не е прекршок бидејќи е потребно соодветното противправно дело да биде определено со закон како прекршок); како што, од друга страна, можно е да се исполнети сите обележја на прекршокот, но не и неговата противправност, како **на пример**: случај на лице кое дејствува во состојба на нужна одбрана или крајна нужда кои се законски основи за исклучување на противправноста на делото[8].

**Второто основно обележје** на прекршокот е неговото **дејство на извршување** бидејќи без соодветно дејство не може да дојде до сторување на прекршокот. Дејството на извршување може да се јави како **активно однесување** (сторување) и како **пасивно однесување** (несторување).

Како **примери за активно однесување** (сторување) како дејство на извршување на прекршок, ќе се издвојат следните *три примери* од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир. *Првиот пример* е одредбата од член 12 каде што е определено дека: *„Кој на јавно место физички нападне друго лице ќе му се изрече глоба во висина од 600 до 800 евра во денарска противвредност“,* при што дејството на извршување се состои во физички напад на друго лице на јавно место. *Вториот пример* е одредбата од член 17 каде што е определено дека: *„Кој оштетува, уништува или осквернува споменик ќе му се изрече глоба*

[8] Емир Ћоровић, Прекршајно право, Правни факултет, Државни универзитет у Новом Пазару, 2015, стр. 23.

*во висина од 1 500 до 2 000 евра во денарска противвредност",* при што дејството на извршување се состои во оштетување, уништување или осквернување споменик. *Третиот пример* е одредбата од член 31 каде што е определено дека: *„Кој неовластено пука од огнено оружје, употребува пиротехнички средства или сличен експлозивен или лесно запалив материјал, или на сличен начин ги нарушува мирот и безбедноста на граѓаните ќе му се изрече глоба во висина од 200 до 500 евра во денарска противвредност"*, при што дејството на извршување се состои во неовластено пукање со огнено оружје, употреба на пиротехнички средства или сличен експлозивен или лесно запалив материјал.

Како **примери за пасивно однесување** (несторување) како дејство на извршување прекршок, ќе се издвојат следните *три примери* од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир. *Првиот пример* е одредбата од член 15 каде што е определено дека: *„Кој не ќе се оддалечи од група луѓе која овластено службено лице ја повикало да се разотиде во прилики кога јавниот ред е загрозен, ќе му се изрече глоба во висина од 600 до 800 евра во денарска противвредност"*, при што дејството на извршување се состои во неоддалечување од групата луѓе која овластено службено лице ја повикало да се разотиде. *Вториот пример* е одредбата од член 33 каде што е определено дека: *„Ако трговското друштво кое врши угостителска дејност, трговец поединец кој врши угостителска дејност или лицето на кое му е доверено водењето на угостителскиот објект или одговорното лице во трговското друштво кое врши угостителска дејност или друго правно лице не преземаат соодветни мерки за одржување на јавниот ред и мир во нив, односно не го спречат нивното нарушување, ако тоа можат да го сторат без опасност по себе или по друг, како и ако не го пријават нарушувањето на јавниот ред и мир во полициска станица од општа надлежност, ќе се изрече глоба: трговско друштво кое врши угостителска дејност или друго правно лице во износ од 2 000 евра во денарска противвредност; трговец поединец кој врши угостителска дејност во износ од 1 500 евра во денарска противвредност; одговорно лице во трговско друштво кое врши угостителска дејност или друго правно лице или лицето на кое му е доверено водењето на угостителскиот објект во износ од 30 % од одмерената глоба за правното лице"*, при што дејството на извршување се состои во непреземање соодветни мерки за одржување на јавниот ред и мир, односно неспречување на нивното нарушување. *Третиот пример* е одредбата од член 34 каде што е определено дека: *„Родител или старател чие дете, односно штитеник поради занемарено грижење*

*врши прекршоци од овој закон ќе му се изрече глоба во висина од 600 до 800 евра во денарска противвредност“*, при што дејството на извршување се состои во занемарено грижење на дете или штитеник од родител или од старател.

**Третото основно обележје** на прекршокот е определувањето на неговите **обележја со закон**. Ова основно обележје имплицира дека за постоење прекршок не е доволно со закон да се определи неговиот општ поим, туку и неговите посебни обележја бидејќи тие ги разликуваат поединечните прекршоци едни од други. Овие обележја може да се поделат на **објективни** и **субјективни** обележја. **Објективни обележја** се оние што се однесуваат на субјектот на прекршокот (дали сторителот е физичко или правно лице, или физичко лице со определено својство – службено или одговорно лице); последицата и причинско-последичната врска (каузалноста); начинот, времето и местото на сторување на прекршокот и др. Од друга страна, **субјективни обележја** се оние што се однесуваат на небрежноста, умислата, намерата и мотивот како субјективни карактеристики. Небрежноста и умислата не се само облици на вина туку и субјективни обележја на прекршокот бидејќи за постоење прекршок е доволно постоење на небрежност доколку со законот во кој е пропишан прекршокот не е определено дека на сторителот ќе му се изрече прекршочна санкција само кога прекршокот е сторен со умисла[9]. Намерата и мотивот се субјективни обележја што многу ретко се определуваат во битијата на поединечните прекршоци, при што ако се определени, тие треба да се утврдат, што не е лесна задача. **Како пример** за намерата како субјективно обележје на прекршокот, може да послужи одредбата од член 16 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, каде што е определено: *„Кој лажно повикува на помош или пријави настан **со намера** да предизвикува излегување на државен орган или јавна служба ќе му се изрече глоба во висина од 100 до 400 евра во денарска противвредност“*.

**Четврто** и последно **основно обележје** на прекршокот **е пропишаната прекршочна санкција со закон**. Ова обележје е резултат на начелото на законитост во определувањето на прекршочната санкција (*nula poena sine lege* – нема казна без закон) и ја изразува оценката за недозволивоста на прекршочното поведение кое заслужува прекршочна санкција. Во оваа смисла, нашиот Закон за прекршоците се потпира врз

[9] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 9, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

плуралистички систем на санкции, при што во одредбата од член 7 е определено дека за сторен прекршок под условите од овој закон, се изрекуваат прекршочни санкции за физички лица, прекршочни санкции за правни лица и посебни прекршочни мерки.

**Основни обележја на прекршокот:**

**1. Противправност/Определување на прекршокот со закон;**

**2. Дејство на извршување;**

**3. Определување на обележјата на прекршокот со закон;**

**4. Прекршочна санкција.**

## 4. СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ МЕЃУ КРИВИЧНО ДЕЛО И ПРЕКРШОК

Во нашиот правен систем, кривичното дело и прекршокот со соодветните закони, Кривичниот законик и Законот за прекршоците се дефинирани на формалистички начин и со идентична структура, што не остава простор за нивно суштинско разграничување. Имено, одредбата од член 7 од Кривичниот законик го дефинира кривичното дело како *противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон*, додека одредбата од член 8 од Законот за прекршоците го дефинира прекршокот како *противправно дело кое со закон е определено како прекршок чии обележја се определени со закон и за кое е пропишана прекршочна санкција*. Затоа, оправдано се поставува прашањето за границата меѓу овие две неправа, од што зависи и нивното санкционирање.

Во оваа смисла, вообичаено, кривичните дела се сметаат за потешки и поопасни дела додека прекршоците за полесни т.е. помалку опасни дела. Кога се зборува за односот меѓу кривичните дела и прекршоците, во теоријата, најчесто се присутни две гледишта, и тоа: **квантитативно** и **квалитативно** гледиште.

**Квантитативното гледиште** се обидува да најде формален критериум, а квалитативното гледиште суштински критериум за нивното меѓусебно разликување. Според *квантитативното гледиште*, разликата меѓу кривичните дела и прекршоците не е

од суштинска природа, туку се манифестира во количеството на општествената опасност, односно штета при што, според ова сфаќање, прекршоците се најлесни казниви дејства, односно дејства со најмал степен на општествена опасност и штетност, додека кривичните дела се потешки и поопасни казниви дејства.

Според **квалитативното гледиште**, разликата меѓу кривичните дела и прекршоците не е само во степенот на нивната опасност и штетност туку и во нивната природа при што, според ова сфаќање, прекршоците се морално неутрални додека кривичните дела се морално засновани казниви дејства, така што прекршоците се манифестираат како непослушност спрема администрацијата и не се до тој степен општествено опасни и штетни за да бараат морална осуда или прекор од другите членови на општеството[10].

Кога се зборува за квалитативното гледиште, **друг аргумент** за разликување на кривичните дела и прекршоците се и паралелната и посебната законска регулатива за нивно регулирање, како и различните казни утврдени за секој од нив, односно казна затвор за кривичните дела, а парична казна за прекршоците. Оваа околност би требало да претставува некаков вид надворешен аспект за различниот квалитет на овие две казниви дејства, при што кривичното дело значи повреда на оние права што постојат како начелни принципи независно од постоењето на законите, додека пак прекршокот значи обична повреда на законот зад кој не стои начелото на праведност, туку државниот интерес на законодавецот[11].

На крај, **друга важна разлика** меѓу кривичното дело и прекршокот се состои во објектот на нивната заштита, имено кај кривичните дела објектот на заштита се состои во основните и универзалните општествени вредности, додека кај прекршоците објект на заштита се јавниот поредок и системот на општествена дисциплина и контрола[12].

---

[10] За квантитативното и квалитативното гледиште види повеќе во: Stanko Pihler, Prekršajno pravo, Graphica Academica, Novi Sad, 2000, стр. 43-50.
[11] Derenčinović D., Gulišija M., Dragičević Prtenjača M., *"Novosti u materijalnopravnim odredbama prekršajnog zakona",* Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu, vol. 20, br. 2/2013, Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, 2013, стр. 3.
[12] Види повеќе во: Slavoljub Popovič, Upravno pravo-opšti deo, Beograd, 1979, стр. 277-278.

## 5. ПРЕКРШОЧНА ОДГОВОРНОСТ

За прекршок се одговорни како физичките така и правните лица. Под физички и правни лице се опфаќаат како домашните, така и странските лица. Освен ова, прекршочната одговорност се однесува и за прекршок за друг, но и за службеното лице во јавен орган.

За одговорност на физичко лице е доволна небрежност доколку со законот во кој е пропишан прекршокот, не е определено дека на сторителот ќе му се изрече прекршочна санкција само кога прекршокот е сторен со умисла. На одговорно лице во правно лице ќе му се изрече прекршочна санкција за прекршок кога до извршување на прекршокот дошло со негово дејство, со пропуштање дејство и со негово пропуштање на должен надзор. Ако исто лице е сторител на ист прекршок како физичко лице и како одговорно лице во правно лице, ќе биде одговорно само како физичко лице[13].

Правното лице може да одговара за прекршок само ако тоа е определено со законот со кој е пропишан прекршокот. Правното лице е одговорно за прекршок ако до извршување на прекршокот дошло со дејство, со пропуштање дејство или со пропуштање на должен надзор од страна на надлежниот орган или на одговорното лице во правното лице или со дејство или пропуштање друго лице кое било овластено да постапува од името на правното лице, во рамките на својот надзор, или кога тоа ги пречекорило своите овластувања заради остварување корист за правното лице. Прекршочната одговорност на правното лице не ја исклучува одговорноста на сторителот на прекршокот. За делата определени со закон прекршочно се одговорни сите правни лица, со исклучок на Република Северна Македонија, државните органи и советите на единиците на локалната самоуправа. Правно лице кое е во стечај е одговорно за прекршок извршен пред започнувањето на стечајната постапка и може да му се изрече само посебна мерка за конфискација на имот, имотна корист и одземање на предмети[14].

Значи, правните лица во Република Северна Македонија имаат два вида одговорност: прекршочна и кривична одговорност. За разјаснување на кривичната одговорност на правните лица во Република Северна Македонија, од значење е

[13] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 9 ст. 1-3, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.
[14] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 10, ст. 1-5, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

дефинирањето на нивната прекршочна одговорност. Прекршочната одговорност на правните лица во Република Северна Македонија е воведена со Законот за прекршоци од 2019 година. Со овој закон е укинат Законот за стопански престапи, а одделните стопански престапи во голем број закони се преименувани во прекршоци. Тоа што е најбитно е дека постоењето на прекршочната одговорност на правните лица е од принципиелно значење бидејќи се темели врз признавањето деликвентна способност на правното лице. Деликвентната способност на правните лица натаму води кон статуирање и на нивната кривична одговорност за сторени кривични дела.

Меѓу другото, и странското правно лице е прекршочно одговорно доколку има сторено прекршок на територијата на Република Северна Македонија или со прекршокот предизвикало последици на територијата на Република Северна Македонија. Така, од прекршочната одговорност не се исклучуваат и странските правни лица.

Во случаите кога е сторен прекршок од страна на вработен во правното лице така што доколку до извршување на прекршокот дошло со пропуштање на должниот надзор врз работењето, тогаш и за овие случаи одговара одговорното лице во правното лице Но, одговорноста на одговорното лице во правното лице не ја исклучува и одговорноста на сторителот на прекршокот.

За прекршок одговара и службеното лице во јавен орган. Кога и во кои ситуации? Службеното лице во јавен орган е одговорно доколку прекршокот го извршило во рамките на своите службени овластувања или ако при вршењето на службените овластувања ги пречекорило службените овластувања.

Прекршочната одговорност на правното лице не ја исклучува прекршочната одговорност на вработен или на застапник на правното лице со кое е остварена значителна имотна корист или на друг му е нанесена значителна штета, но како услов за да постои оваа одговорност, мора:

- на вработениот или на застапникот, извршувањето на заклучокот, наредбата или друга одлука на орган на управување, орган на раководење или надзорен орган да претставува сторување на прекршок;
- органот на управување, раководење или надзор да го пропуштил должниот надзор;
- органот на управување, раководење или надзор да го прикрил или да не го пријавил сторувањето на прекршокот.

Нашиот законодавец се определил за системот на паралелна одговорност на физичкиот сторител и правното лице, односно прекршочната одговорност на правното лице не ја исклучува одговорноста на сторителот на прекршокот. За кривичните дела определени со закон се одговорни сите правни лица во Република Северна Македонија, освен државата, вклучувајќи ги и единиците на локалната самоуправа, при што тие се прекршочно одговорни за прекршоците што се извршени надвор од нивните јавни овластувања, само со исклучок на државата како правно лице од прекршочна одговорност. Од друга страна, странските правни лица за извршени прекршоци во Република Северна Македонија се прекршочно одговорни ако прекршокот бил извршен на територијата на РСМ, без оглед дали тоа правно лице има претставништво или подружница во РСМ.

Во Законот за прекршоците се определуваат општите услови за пропишување на прекршоци и прекршочна одговорност, општите услови за утврдување на прекршочна одговорност, како и одговорните органи за изрекување на прекршочните санкции. За прекршокот и прекршочната одговорност сообразно се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот законик. Со тоа, ако нешто не е определено со овој закон, ќе бидат применети одредбите од Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Мора да постои законитост во определувањето на прекршоците и во пропишувањето на прекршочните санкции. Тоа значи дека никому не може да му биде изречена прекршочна санкција за дело за кое пред да биде сторено не било определено со закон како прекршок и за кое не била пропишана санкција со закон. Во однос на прекршочните санкции за сторен прекршок, се изрекуваат следниве санкции:

- прекршочни санкции за полнолетни сторители;
- прекршочни санкции за малолетни лица;
- прекршочни санкции за правни лица;
- посебни прекршочни мерки.

Прекршок е противправно дело кое со закон е определено како прекршок, чии обележја се определени со закон и за кое е определена прекршочна санкција. Во однос на одговорноста на физичкото лице се смета дека е доволна небрежност, доколку со законот во кој е пропишан прекршокот не е определено дека ќе се казни само кога е сторен прекршокот со умисла. Одговорност за сторен прекршок ќе сноси одговорното лице во правното лице или трговец поединец ако до прекршокот дошло поради негово дејствување

или пропуштање на должен надзор. Се смета дека нема одговорност за обид за прекршок, освен во случаите определени со закон. Нема одговорност за поттикнување или за помагање прекршок, освен во случаите определени со закон.

На сторителот на прекршок му се одмерува прекршочна санкција во границите што со закон се пропишани за сторен прекршок, имајќи ги предвид прекршочната одговорност на сторителот и тежината на прекршокот. При одмерувањето на прекршочната санкција се земаат предвид сите околности што влијаат прекршочната санкција да биде полесна или потешка (олеснувачки и отежнувачки околности), а особено: степенот на одговорност на сторителот на прекршокот, побудите од кои е сторен прекршокот, јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро, околностите под кои прекршокот бил сторен, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по прекршокот, особено дали ја надоместил штетата, како и други околности што се однесуваат на личноста на сторителот[15].

Законот за прекршоците предвидува случаи во кои се исклучува прекршочната одговорност на сторителите на прекршоците. Така, член 14 и член 15 од Законот за прекршоците предвидуваат дека:

● Нема одговорност **за обид за прекршок**, освен во случаите определени со закон[16]. Обидот е започнато, но недовршено казнено дело или прекршок, умислено започнување со извршување на делото или прекршокот што останало недовршено поради некоја причина независно од волјата на сторителот. Обидот може да биде неуспешен или неподобен.

● Нема одговорност **за поттикнување и за помагање на прекршок**, освен во случаите определени со закон.[17] Поттикнувањето е умислено создавање или зацврстување кај друг одлука за извршување на казненото дело или на прекршокот. Поттикнувачот е авторот, односно творецот на злосторството или на прекршокот, но сепак тој не е директниот сторител на делото, односно на прекршокот. Помагањето е умислен придонес во извршувањето на казненото дело или на прекршокот откако сторителот донел одлука за извршување на делото, односно на прекршокот. Помагањето може да биде физичко или психичко.

---

[15] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, чл. 16 ст. 1 и 2, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

[16] Член 14 од Законот за прекршоците.

[17] Член 15 од Законот за прекршоците.

Според законските одредби, исклучување на прекршочна одговорност за сторен прекршок се предвидува само во две ситуации, и тоа:

- за обид, без разлика на тоа дали се работи за подобен или за неподобен обид, освен доколку со закон не е предвидено поинаку. Последниот дел од одредбата се однесува на вонредни ситуации во кои постои можност прекршокот да се стори.
- за поттикнување и за помагање на прекршок, без разлика дали се работи за каков било вид поттикнување или помагање при сторувањето на прекршокот. Но, и овој дел од законската одредба има исклучок, и тоа само доколку со закон не е предвидено поинаку.

***Резиме:***

Под поимот прекршочно право се подразбира цел збир на законски прописи што ги пропишуваат прекршоците и санкциите предвидени за тие прекршоци. Кога се зборува за дефинирање на прекршочното право, општоземено се разликуваат две дефиниции, и тоа: формална и материјална дефиниција. Формалната дефиниција поаѓа од формалните обележја, односно од тоа како прекршочното право се изразува во стварноста, а материјалната дефиниција првенствено води сметка за самата суштина, односно за социјалната димензија (заднина) на прекршочното право, со која се определува и основната функција на прекршочното право. Инаку, прекршочното право е допирна точка меѓу кривичното и управното право. Прекршочното право традиционално било дел од управното право. Многу институти на кривичното право се присутни во прекршочното право, но и во управното право (процесни начела, докази и доказна постапка).

Прекршочното право е посебна правна гранка и правна наука со елементи на управното и на кривичното право што се занимава со проучување на прекршокот како посебен облик на социјален криминалитет, но и со прашањата за прекршочната постапка и за прекршочните санкции.

Дефинирањето на поимот за прекршок повеќе е доктринарно отколку законодавно прашање, но сепак многубројните прекршочни законодавства (вклучувајќи го и нашето) го дефинираат општиот поим на прекршокот кој, пред сè, има принципиелно значење. Општоземено, сите дефиниции на прекршокот може да се поделат на формални и материјални дефиниции. Формалните дефиниции го дефинираат прекршокот во формално-правна смисла и за нив е важно да се утврдат општите формално-правни објективни и субјективни обележја што се својствени за сите прекршоци; додека материјалните дефиниции за прекршокот, пак, се обидуваат да ја претстават природата (суштината) на прекршоците, нивната социјална страна, т.е. се фокусираат на прекршокот како општествена појава т.е. како специфично општествено поведение со најмала општествена опасност и штетност.

Судски прекршоци се прекршоци за кои постапката ја води и санкцијата ја изрекува судот. Административни прекршоци се прекршоци за кои постапката ја водат и санкцијата ја изрекуваат прекршочниот орган и овластеното службено лице.

Судски прекршоци се оние прекршоци за кои е предвидена глоба во повисок износ од: 250 евра за физичко лице; 500 евра за одговорно лице во правно лице или службено лице и 1 000 евра за правно лице. Административни прекршоци се оние прекршоци за кои е предвидена глоба во помал износ од: 250 евра за физичко лице; 500 евра за одговорно лице во правно лице или службено лице и 1 000 евра за правно лице.

Основни обележја на прекршокот се: противправност и определување на прекршокот со закон; дејство на извршување; определување на неговите обележја со закон и прекршочна санкција.

Во нашиот правен систем, кривичните дела и прекршоците со соодветните закони, Кривичниот законик и Законот за прекршоците се дефинирани на формалистички начин и со идентична структура, што не остава простор за нивно суштинско разграничување. Кога се зборува за односот меѓу кривичните дела и прекршоците, во теоријата, најчесто се присутни две гледишта, и тоа: квантитативно и квалитативно гледиште. За прекршок се одговорни како физичките, така и правните лица. За одговорност на физичко лице е доволна небрежност доколку со законот во кој е пропишан прекршокот не е определено дека на сторителот ќе му се изрече прекршочна санкција само кога прекршокот е сторен со умисла. Правното лице може да одговара за прекршок само ако тоа е определено со законот со кој е пропишан прекршокот. Правното лице е одговорно за прекршок ако до извршување на прекршокот дошло со дејство, со пропуштање дејство или со пропуштање на должен надзор од страна на надлежниот орган или на одговорното лице во правното лице или со дејство или пропуштање друго лице кое било овластено да постапува од името на правното лице, во рамките на својот надзор, или кога тоа ги пречекорило своите овластувања заради остварување корист за правното лице.

За прекршок се одговорни како физичките лица, така и правните лица. Под физички и правни лице се опфаќаат како домашните, така и странските лица. Освен ова, прекршочната одговорност се однесува и за прекршок за друг, но и на службеното лице во јавен орган.

За одговорност на физичко лице е доволна небрежност доколку со законот во кој е пропишан прекршокот не е определено дека на сторителот ќе му се изрече прекршочна санкција само кога прекршокот е сторен со умисла.

Правното лице може да одговара за прекршок само ако тоа е определено со законот со кој е пропишан прекршокот. Правното лице е одговорно за прекршок ако до извршување на прекршокот дошло со дејство, со пропуштање на дејство или со пропуштање на должен надзор од страна на надлежниот орган или на одговорното лице во правното лице или со дејство или пропуштање на друго лице кое било овластено да постапува од името на правното лице, во рамките на својот надзор, или кога тоа ги пречекорило своите овластувања заради остварување корист за правното лице.

За прекршок одговара и службеното лице во јавен орган. Службеното лице во јавен орган е одговорно доколку прекршокот го извршило во рамките на своите службени овластувања или ако при вршењето на службените овластувања ги пречекорило службените овластувања.

Во законот за прекршоци се определуваат општите услови за пропишување на прекршоци и прекршочна одговорност, општите услови за утврдување на прекршочна одговорност, како и одговорните органи за изрекување на прекршочните санкции.

Законот за прекршоци предвидува случаи во кои се исклучува прекршочната одговорност на сторителите на прекршоците. Така, член 14 и член 15 од Законот за прекршоци предвидуваат: нема одговорност за обид за прекршок, освен во случаите определени со закон; нема одговорност за поттикнување и за помагање на прекршок, освен во случаите определени со закон.

***Контролни прашања:***

1. Што се подразбира под поимот прекршочно право?

2. Објасни ја формалната дефиниција за прекршочно право!

3. Објасни ја материјалната дефиниција за прекршочно право!

4. Објасни го историскиот аспект на појавата на прекршоците!

5. Објасни го прекршочното право како допирна точка меѓу кривичното и управното право!

6. Поим за прекршок според Законот за прекршоците од 2019 година.

7. Објасни ги формалните дефиниции за прекршок!

8. Објасни ги материјалните дефиниции за прекршок!

9. Поим за судски прекршоци и кои се тие?

10. Кои се основните обележја на прекршокот?

11. Објасни ги противправноста и определувањето прекршок со закон како основно обележје на прекршокот, како и нивната двојна природа – илустрирај со примери!

12. Поим за дејство на извршување како основно обележје на прекршокот.

13. Два примери за активно однесување (сторување) како дејство на извршување прекршок.

14. Два примери за пасивно однесување (несторување) како дејство на извршување прекршок.

15. Објективни и субјективни обележја на прекршокот.

16. Пример за намера како субјективно обележје на прекршокот.

17. Објасни ја прекршочната санкција како основно обележје на прекршокот!

18. Зошто се вели дека кривичното дело и прекршокот во нашиот правен систем се дефинирани на формалистички начин и со идентична структура?

19. Објасни ги квантитативното и квалитативното гледиште за односот меѓу кривичното дело и прекршокот!

20. Резимирај ги најбитните разлики меѓу кривичното дело и прекршокот!

21. Кои лица имаат прекршочна одговорност?

22. Што е доволно за да постои прекршочна одговорност на физичките лица?

23. Како правното лице доаѓа до извршување на прекршок?

24. Дали постои прекршочна одговорност за службеното лице во јавен орган?

25. Во кој закон се определуваат општите услови за пропишување на прекршоци и на прекршочна одговорност?

26. Во кои случаи се исклучува прекршочната одговорност на сторителите на прекршоците?

***Задача:***

Изработете табеларен приказ на сличности и разлики меѓу кривично дело и прекршок!

## ГЛАВА II

## СУДСКА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА КАКО ПОСЕБЕН ВИД НА ПОСТАПКА

***Цели на учењето:*** *разликува кривична од прекршочна судска постапка; идентификува процесни субјекти во прекршочната постапка; опишува улога на процесните субјекти во постапката; препознава начела за водење на прекршочна судска постапка.*
***Клучен поим:*** *процесни субјекти.*

### 1. ПОИМ ЗА СУДСКА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Законот за прекршоците во член 3 став 9 ја дефинира прекршочната постапка како постапка која во согласност со одредбите на овој закон ја водат суд, прекршочен орган и овластено службено лице[18].

Од друга страна, во правната теорија, при дефинирањето на поимот на прекршочната постапка, во основа, може да се издвојат **три правни поими** (концепти) од кои зависи неговото дефинирање.

Така, се зборува за **реален**, **нормативен** и **мешовит поим** за прекршочна постапка.

**Реалниот поим** прекршочната постапка ја смета за *реална* (стварна) *појава*, нагласувајќи дека нејзините основни елементи се: 1) процесните субјекти и 2) процесните дејства. Во оваа смисла, прекршочната постапка не е ништо друго туку севкупност на процесни дејства што ги преземаат процесните субјекти заради постигнување определена цел.

**Нормативниот поим** ја третира прекршочната постапка како *правна појава*, истакнувајќи ги нејзините два основни елементи, и тоа: 1) процесните субјекти и 2) процесните односи што настануваат меѓу тие субјекти. Во оваа смисла, прекршочната постапка претставува севкупност на процесно-правни односи што се воспоставуваат, се

[18] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 3, ст. 9, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

водат и престануваат меѓу процесно-правните субјекти. Ова значи дека според овој поим, процесните дејства не го сочинуваат основниот елемент на прекршочната постапка, туку тие претставуваат содржина на процесно-правните односи што произлегуваат меѓу субјектите на оваа постапка.

И конечно, **мешовитиот поим** ја третира прекршочната постапка и *како реална и како правна појава* бидејќи, во основа, прекршочната постапка се состои од процесни субјекти и процесни дејства, со тоа што овие елементи го изразуваат статичниот дел на прекршочната постапка, меѓутоа прекршочната постапка, како и секоја друга законска постапка, претставува динамична креација што се развива, така што таа не може целосно да се разбере преку процесните субјекти и процесните дејства, туку треба да се обрне внимание и на процесните односи што настануваат со преземање на тие дејства.

На крај, треба да се подвлече дека **мешовитиот поим** за прекршочна постапка **доминира и е најприфатлив**, пред сè, поради неговата природа и систематичност бидејќи овозможува да се запознае самата динамика на прекршочната постапка. Во оваа смисла, поаѓајќи од **мешовитиот поим**, прекршочната постапка може **да се дефинира** како збир на процесни дејства што ги преземаат процесните субјекти под услови предвидени со закон, а преку кои дејства се засноваат, се водат и престануваат процесно-правните односи меѓу овие субјекти, со цел да се утврди дали лицето го сторило прекршокот за кој се товари, дали е одговорно за прекршокот и дали и која прекршочна санкција треба да му се изрече[19].

**Реалниот поим** за прекршочна постапка ги нагласува **процесните субјекти** и **процесните дејства** како два основни елементи на оваа постапка.

**Нормативниот поим** за прекршочна постапка ги нагласува **процесните субјекти** и **процесните односи** како два основни елементи на оваа постапка.

**Мешовитиот поим** за прекршочна постапка ги нагласува **процесните субјекти**, **процесните дејства** и **процесните односи** како три основни елементи на оваа постапка.

[19] За овие поими (концепти) на прекршочната постапка види повеќе во: Димитријевић Предраг, Јовашевић Драган, Прекршајно право, Београд, 2005, стр. 194-195.

## 2. ПРОЦЕСНИ СУБЈЕКТИ И ДРУГИ УЧЕСНИЦИ ВО ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА ПРЕД СУД

Во прекршочните постапки пред суд учествуваат голем број лица, но сите тие немаат исто значење. Пред сè, потребно е да се направи разлика меѓу **основните** (или главните) **субјекти** на прекршочната постапка пред суд, а тоа се оние субјекти што се неопходни за воспоставување на прекршочно-правниот однос бидејќи без нив, по правило, нема прекршочна постапка пред суд. Тоа се субјектите што вршат некоја од **основните процесни функции** во прекршочната постапка, и тоа: функцијата на прекршочно гонење, функцијата на одбрана и функцијата на решавање по прекршочните работи.

Затоа во прекршочната постапка пред суд постојат **три основни** (главни) **субјекти** на прекршочната постапка, и тоа:

**I) Подносителот на барањето за поведување прекршочна постапка** (кој ја врши процесната функција на прекршочно гонење);

**II) Обвинетиот** (кој е физичко или правно лице против кое се води прекршочна постапка[20] и кој ја врши процесната функција на одбрана); и

**III) Надлежниот суд** (кој ја врши процесната функција на решавање по прекршочни работи).

Според Законот за прекршоците, **подносители на барањето за поведување** прекршочна постапка се **овластените органи**, а тоа се: органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и други органи и организации што вршат јавни овластувања во чија надлежност спаѓаат непосредното извршување или надзорот над извршувањето на законите во кои се предвидени прекршоци. Исто така, овластен орган по службена должност е и **јавниот обвинител** во случаи кога тоа е неопходно заради заштита на јавниот интерес[21].

Во прекршочната постапка пред суд како **споредни субјект** се јавува **оштетениот** кому според Законот за прекршоците му припаѓаат извесни права во прекршочната работа, и тоа: правото да поднесе пријава за сторен прекршок до овластениот орган; правото да

[20] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 74, ст. 1, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

[21] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 83, ст. 1-3, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

поднесе приговор до повисокиот орган надлежен за вршење надзор над работата на овластените органи доколку добил известување дека барањето за поведување прекршочна постапка е неосновано, како и доколку оштетениот има имотноправно барање што може да го остварува во парнична постапка[22].

Исто така, како **споредeн субјект** е и **жртвата** која според Законот за прекршоците има право да учествува во прекршочната постапка како оштетен со приклучување кон барањето за поведување прекршочна постапка или кон барањето за остварување надоместок на штета. Ако жртвата е дете, односно спаѓа во групата ранливи категории, има право на посебни мерки на процесна заштита при давање исказ и испитување, определени во Законот за кривичната постапка[23].

Другите субјекти кои во прекршочната постапка пред суд не постапуваат во своја туку во туѓа правна работа, како што се: **бранителот** на обвинетиот, **законските застапници** или **полномошници** на определени лица, **сведоците**, **вештаците** и др., ја немаат важноста на основните и споредните субјекти во прекршочната постапка пред суд, па затоа тие се јавуваат како **други учесници** во прекршочната постапка пред суд.

## 3. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Досега во нашата држава се донесени вкупно **четири закони** за прекршоците, и тоа: Законот за прекршоците од 1997 година; Законот за прекршоците од 2006 година; Законот за прекршоците од 2015 година и Законот за прекршоците од 2019 година, кој денес е во сила. **Есенцијалната разлика** меѓу овие закони се состои во тоа што првиот Закон за прекршоците од 1997 година не ја познаваше двојноста од аспект на надлежноста за водење прекршочни постапки и за изрекување прекршочни санкции, односно не постоеја прекршочните органи, туку само судовите утврдуваа прекршочна одговорност и изрекуваа прекршочни санкции (значи постоеја само судските прекршоци). Меѓутоа, со вториот Закон за прекршоците од 2006 година дојде до реформа во однос на ова прашање со тоа што

[22] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 83, ст. 4-6, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.
[23] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 78, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

прекршоците се поделија на судски и управни прекршоци при што, според Законот за прекршоците од 2019 година, постојат два вида органи надлежни за водење прекршочна постапка, и тоа: суд што е надлежен за водење прекршочна постапка за прекршоците за кои е предвидена судска надлежност во прв степен, и во тој случај постапката ја води и суди судија поединец; и прекршочен орган во чие својство може да се јават орган на управа или организација со јавни овластувања, друг орган што врши јавни овластувања на надзор над спроведување закони со кои се пропишани прекршоци.

Инаку, во целокупната прекршочна постапка пред суд се применуваат **три вида закони**, и тоа:

● Законот за прекршоците како генерален закон – *lex generalis*;

● Соодветниот закон со кој е пропишан прекршокот; и

● Законот за кривична постапка и Кривичниот законик како специјални закони – *lex specialis* бидејќи Законот за прекршоците во член 2 став 1 и 2 содржи упатувачки законски норми за примена на овие два закони.

**Основен извор** на прекршочното право во нашата држава е Законот за прекршоците од 2019 година кој ги опфаќа општиот дел на материјалното прекршочно право, правилата на прекршочната постапка и извршувањето на прекршочните санкции, но не ги содржи и поединечните прекршоци бидејќи тие се пропишани преку многубројните материјални закони што ги регулираат различните области на општествениот живот.

**1209.**

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 4 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

Се прогласува Законот за прекршоците,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2019 година.

Бр. 08-1578/2
17 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Предмет на законот

Член 1

Со овој закон се уредуваат општите услови за пропишување на прекршоците и прекршочните санкции, општите услови за утврдување на прекршочната одговорност, за изрекувањето и извршувањето на прекршочните санкции и се пропишуваат прекршочните постапки.

## 4. НАЧЕЛА НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

Законот за прекршоците од 2019 година определува **три основни начела** на прекршочната постапка, и тоа: начело на законитост, начело на забрана за двојно изрекување санкции и начело на пропорционалност.

Според **начелото на законитост** во определувањето на прекршоците и во пропишувањето на прекршочните санкции, никому не може да му биде изречена прекршочна санкција за прекршок кој пред да е сторен не бил со закон определен како прекршок и за кој со закон не била пропишана прекршочна санкција[24].

Според **начелото на забрана за двојно изрекување санкции** никој не може повторно да биде санкциониран за прекршок за кој веќе била водена постапка и за истото дејство му била изречена кривична или прекршочна санкција[25].

Според **начелото на пропорционалност** при водењето на прекршочната постапка, судот, односно прекршочниот орган треба да ѝ овозможи на странката да ги оствари и да ги заштити своите права и правни интереси доколку тие не се на штета на правата и правните интереси на другите странки или на трети лица и не се на штета на јавниот интерес утврден со закон. Кога на странките во прекршочната постапка им се наложуваат обврски, судот, односно прекршочниот орган е должен да ги примени оние дејства што се поповолни за странките ако таквите дејства се доволни за да се постигне целта утврдена со закон[26].

---

[24] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 4, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.
[25] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 5, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.
[26] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 6, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

***Резиме:***

Законот за прекршоците ја дефинира прекршочната постапка како постапка која во согласност со одредбите на овој закон ја водат суд, прекршочен орган и овластено службено лице. Од друга страна, во правната теорија, при дефинирањето на поимот на прекршочната постапка, во основа, може да се издвојат три правни поими (концепти) од кои зависи неговото дефинирање, и тоа: реален, нормативен и мешовит поим за прекршочна постапка.

Треба да се подвлече дека мешовитиот поим за прекршочна постапка доминира и е најприфатлив, пред сè, поради неговата природа и систематичност бидејќи овозможува да се запознае самата динамика на прекршочната постапка. Во оваа смисла, поаѓајќи од мешовитиот поим, прекршочната постапка може да се дефинира како збир на процесни дејства што ги преземаат процесните субјекти под услови предвидени со закон, а преку кои дејства се засноваат, се водат и престануваат процесно-правните односи меѓу овие субјекти, со цел да се утврди дали лицето го сторило прекршокот за кој се товари, дали е одговорно за прекршокот и дали и која прекршочна санкција треба да му се изрече.

Во прекршочните постапки пред суд учествуваат голем број лица, но сите тие немаат исто значење. Пред сè, се прави разлика меѓу основните (или главните) субјекти на прекршочната постапка пред суд, а тоа се оние субјекти што се неопходни за воспоставување на прекршочно-правниот однос бидејќи без нив, по правило, нема прекршочна постапка пред суд. Тоа се субјектите што вршат некоја од основните процесни функции во прекршочната постапка, и тоа: функцијата на прекршочно гонење, функцијата на одбрана и функцијата на решавање по прекршочните работи.

Според Законот за прекршоците, подносители на барањето за поведување прекршочна постапка се овластените органи, а тоа се: органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и други органи и организации што вршат јавни овластувања во чија надлежност спаѓаат непосредното извршување или надзорот над извршувањето на законите во кои се предвидени прекршоци. Исто така, овластен орган по службена должност е и јавниот обвинител во случаи кога тоа е неопходно заради заштита на јавниот интерес.

Во прекршочната постапка пред суд како спореден субјект се јавува оштетениот кому според Законот за прекршоците му припаѓаат извесни права во прекршочната работа, и тоа: правото да поднесе пријава за сторен прекршок до овластениот орган; правото да

поднесе приговор до повисокиот орган надлежен за вршење надзор над работата на овластените органи доколку добил известување дека барањето за поведување прекршочна постапка е неосновано, како и доколку оштетениот има имотноправно барање што може да го остварува во парнична постапка.

Исто така, како спореден субјект е и жртвата која според Законот за прекршоците има право да учествува во прекршочната постапка како оштетен со приклучување кон барањето за поведување прекршочна постапка или кон барањето за остварување надоместок на штета. Ако жртвата е дете, односно спаѓа во групата ранливи категории, има право на посебни мерки на процесна заштита при давање исказ и испитување, определени во Законот за кривичната постапка.

Другите субјекти кои во прекршочната постапка пред суд не постапуваат во своја туку во туѓа правна работа, како што се: бранителот на обвинетиот, законските застапници или полномошници на определени лица, сведоците, вештаците и др., ја немаат важноста на основните и споредните субјекти во прекршочната постапка пред суд, па затоа тие се јавуваат како други учесници во прекршочната постапка пред суд.

Досега во нашата држава се донесени вкупно четири закони за прекршоците, и тоа: Законот за прекршоците од 1997 година; Законот за прекршоците од 2006 година; Законот за прекршоците од 2015 година и Законот за прекршоците од 2019 година, кој денес е во сила. Есенцијалната разлика меѓу овие закони се состои во тоа што првиот Закон за прекршоците од 1997 година не ја познаваше двојноста од аспект на надлежноста за водење прекршочни постапки и за изрекување прекршочни санкции, односно не постоеја прекршочните органи, туку само судовите утврдуваа прекршочна одговорност и изрекуваа прекршочни санкции (значи постоеја само судските прекршоци). Меѓутоа, со вториот Закон за прекршоците од 2006 година дојде до реформа во однос на ова прашање со тоа што прекршоците се поделија на судски и управни прекршоци при што, според Законот за прекршоците од 2019 година, постојат два вида органи надлежни за водење прекршочна постапка, и тоа: суд што е надлежен за водење прекршочна постапка за прекршоците за кои е предвидена судска надлежност во прв степен, и во тој случај постапката ја води и суди судија поединец; и прекршочен орган во чие својство може да се јават орган на управа или организација со јавни овластувања, друг орган што врши јавни овластувања на надзор над спроведување закони со кои се пропишани прекршоци.

Во целокупната прекршочна постапка пред суд се применуваат три вида закони, и тоа: Законот за прекршоците како генерален закон – lex generalis; соодветниот закон со кој е пропишан прекршокот; и Законот за кривична постапка и Кривичниот законик како специјални закони – lex specialis бидејќи Законот за прекршоците содржи упатувачки законски норми за примена на овие два закони.

Основен извор на прекршочното право во нашата држава е Законот за прекршоците од 2019 година кој ги опфаќа општиот дел на материјалното прекршочно право, правилата на прекршочната постапка и извршувањето на прекршочните санкции, но не ги содржи и поединечните прекршоци бидејќи тие се пропишани преку многубројните материјални закони што ги регулираат различните области на општествениот живот.

Законот за прекршоците определува три основни начела на прекршочната постапка, и тоа: начело на законитост, начело на забрана за двојно изрекување санкции и начело на пропорционалност.

***Контролни прашања:***

1. Законска дефиниција на прекршочната постапка.
2. Кои три правни поими за дефинирање на прекршочната постапка постојат во правната теорија?
3. Објасни го реалниот поим за прекршочна постапка!
4. Објасни го нормативниот поим за прекршочна постапка!
5. Објасни го мешовитиот поим за прекршочна постапка и зошто е најприфатлив!
6. Како може да се дефинира прекршочната постапка поаѓајќи од мешовитиот поим?
7. Кои се основни субјекти во прекршочната постапка пред суд и објасни ја нивната улога?
8. Кои се споредни субјекти во прекршочната постапка пред суд и објасни ја нивната улога?
9. Кои се другите учесници во прекршочната постапка пред суд и објасни ја нивната улога?
10. Колку закони за прекршоците се донесени досега кај нас и во што се состои есенцијалната разлика меѓу нив?
11. Колку закони се применуваат во целокупната прекршочна постапка пред суд и кои се тие?
12. Кои се трите основни начела на прекршочната постапка според Законот за прекршоците од 2019 година?
13. Објасни го начелото на законитост во определувањето на прекршоците и во пропишувањето на прекршочните санкции!
14. Објасни го начелото на забрана за двојно изрекување санкции!
15. Објасни го начелото на пропорционалност!

***Задачи:***

1. Изработете табеларен приказ на битните разлики меѓу кривична и прекршочна постапка!
2. Споредете ги улогата и значењето на субјектите и на другите учесници во прекршочната постапка пред суд!

## ГЛАВА III

## КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ПРЕКРШОЧНИТЕ САНКЦИИ

***Цели на учењето:*** *класифицира прекршочни санкции, заштитни и воспитни мерки; дава пример за заштитни мерки; набројува воспитни мерки; прави разлика меѓу заштитни мерки и воспитни мерки; идентификува суштина на казнувањето; анализира општи правила за одмерување на санкцијата; разликува услови што ја утврдуваат и ја исклучуваат одговорноста за сторен прекршок; наведува основи што ги исклучуваат одговорноста, противправноста на делото, казнивоста и гонењето.*

***Клучни поими:*** *прекршочни санкции; заштитни мерки; воспитни мерки.*

### 1. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

За сторен прекршок се изрекуваат прекршочни санкции за физички и за правни лица.

За прекршоци на прекршочно одговорни сторители **(физички лица)** може да им се изречат следниве прекршочни санкции[27]:

1) опомена;

2) општокорисна работа;

3) глоба;

4) престанок на важење на возачка дозвола;

5) забрана за управување со моторно возило;

6) забрана за вршење професија, дејност или должност;

7) протерување на странец од земјата;

8) забрана за влез и присуство на спортски натпревари; и

[27] Член 22 од Законот за прекршоците. Негативните поени како санкција со измените и дополнувањата на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата од 26.12.2020 година, се заменети со издавање прекршочен платен налог и изрекување глоба.

9) забрана за користење на субвенции и други средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија.

### 1.1. Опомена

Опомената претставува прва прекршочна санкција што му се изрекува на физичкото лице за сторен прекршок.

Опомената се изрекува како самостојна прекршочна санкција или во замена за глоба кога се работи за прекршок сторен под такви олеснувачки околности што го прават особено лесен или кога со нејзиното изрекување се постигнува целта на законот[28].

Опомена се изрекува за прекршок сторен под такви олеснувачки околности што го прават особено лесен или кога со нејзиното изрекување се постигнува целта на законот. Опомената може да се изрече и ако прекршокот се состои од неисполнување на пропишаната обврска или со прекршокот е нанесена штета, а сторителот пред донесувањето на одлуката за прекршок ја исполнил пропишаната обврска, односно ја отстранил или ја надоместил нанесената штета или ако прекршокот е сторен за првпат и не предизвикал штетни последици за трето лице, ниту пак бил загрозен јавниот интерес[29].

### 1.2. Општокорисна работа

Општокорисната работа е прекршочна санкција што се состои во задолжителна неплатена работа на определен број часови во слободното време на сторителот во корист на заедницата, односно општеството.

Општокорисна работа се изрекува како самостојна прекршочна санкција или во замена за глоба кога глобата не може да биде извршена во согласност со случаите определени со закон[30].

За прекршок на физичко лице за кое е предвидена глоба судот може да изрече општокорисна работа во траење од најмногу 30 дена. Мерката општокорисна работа се изрекува во часови, не помалку од пет часа неделно, во период најмногу до 30 дена. При изрекување на прекршочната санкција судот ја определува висината на глобата и утврдува

---

[28] Член 23 ст. 1 од Законот за прекршоците.
[29] Член 24 ст. 1 и 2 од Законот за прекршоците.
[30] Член 23 ст. 2 од Законот за прекршоците.

дека таа нема да се изврши ако осуденото лице за прекршок ја прифати општокорисната работа. Притоа, секој ден на општокорисната работа се изедначува со глоба во висина од 15 евра во денарска противвредност. Сторителот е должен општокорисната работа да ја одработи во рок определен од судот, без надоместок, во јавен орган или хуманитарна организација, во неработни денови и празници. Кога постојат здравствени или оправдани лични или семејни причини, општокорисната работа може да се одложи најмногу за уште 30 дена. Доколку сторителот не ја изврши општокорисната работа во рок определен од судот и не донесе потврда дека ја извршил општокорисната работа, судот ќе му изрече глоба. Начинот на остварување на општокорисната работа ќе се спроведе во согласност со закон[31].

### 1.3. Глоба

Глобата претставува прекршочна санкција што се состои во наметнување на осудениот јавно-правна обврска за плаќање на определен паричен износ на државата поради сторено казнено дело или прекршок.

Глобата се изрекува како главна прекршочна санкција. Негативните поени се изрекуваат како замена на глобата[32].

Глобата за физичко лице се состои во плаќање определен паричен износ кој не може да биде помал од 15 евра во денарска противвредност ниту поголем од 250 евра во денарска противвредност, освен ако со законодавството на Европската Унија не е поинаку определено. Глобата за одговорно лице во правно лице и за овластено службено лице не може да биде помала од 15 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 500 евра во денарска противвредност, освен ако со законодавството на Европската Унија не е поинаку определено. За прекршоци од областа на даноците, царините, јавните набавки, јавните финансии и јавниот долг може да се пропише глоба во поголем паричен износ во зависност од затаената давачка или износ на набавка. За прекршоци во областа на заштитата на здравјето на луѓето, заштитата на природните богатства, животната средина, заштитата на културното наследство, заштитата од природни и други непогоди, може да се пропише глоба во трикратен износ од 15, односно 250 евра во денарска противвредност. За

[31] Член 25 ст. 1-6 од Законот за прекршоците.
[32] Член 23 ст. 3 и 4 од Законот за прекршоците.

прекршоци од областа на конкуренцијата, енергетиката, електронските комуникации, трговијата со забранети и/или ограничени стоки за употреба, прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, може да се пропише глоба до двојниот износ од максимумот или во сразмер со висината на причинетата штета или прибавената корист, но најмногу до десеткратен износ од износот од 15, односно 250 евра во денарска противвредност. Во одлуката за прекршокот се определува рокот за плаќање на глобата кој не може да биде пократок од осум дена, ниту подолг од 30 дена од денот на правосилноста на одлуката, по што се спроведува присилна наплата во согласност со одредбите од Законот за даночна постапка. Во оправдани случаи кога сторителот нема доволно имот, не е вработен, боледува од некоја болест и други слични околности што го оправдуваат тоа, може да се дозволи глобата да се исплати на рати. Во тој случај ќе се определат начинот и рокот на плаќање кој не може да биде подолг од шест месеци[33].

## 1.4. Престанок на важење на возачка дозвола

Престанок на важење на возачка дозвола или забрана за управување со моторно возило се изрекуваат со глоба, опомена или како самостојни прекршочни санкции во случаите определени со закон[34].

Судот ќе изрече прекршочна санкција престанок на важење на возачка дозвола доколку е сторен прекршок во областа на сообраќајот на патиштата со кој е предизвикана опасност за настанување тешка последица или доколку е поднесен доказ дека сторителот постигнал 100 негативни бода во сообраќајот на патиштата во последните три години. Ако возачот за период од последните три години постигне или надмине 100 негативни бода во сообраќајот на патиштата, судот ќе изрече прекршочна санкција престанок на важење на возачката дозвола во категоријата на моторното возило со која постигнал 100 негативни бода. Изречената прекршочна санкција престанок на важење на возачка дозвола нема да биде извршена ако поминале повеќе од три години од правосилноста на одлуката за прекршок. Во случаите кога возачката дозвола престанува да важи со правосилноста на одлуката со која била изречена прекршочната санкција престанок на важење на возачка

[33] Член 26 ст. 1-7 од Закон за прекршоците.
[34] Член 23 ст. 5 од Закон за прекршоците.

дозвола, сторителот на кој му е изречена прекршочна санкција престанок на важење на возачка дозвола од определена категорија, не може да се стекне со право на управување со моторно возило од категоријата со која го сторил прекршокот за кој му е одземена возачката дозвола пред истекот на шест месеци од денот на престанокот на важењето на возачката дозвола[35].

### 1.5. Забрана за управување со моторно возило

Забраната за управување со моторно возило е прекршочна санкција што се состои во забрана за управување со моторно возило од определен вид или категорија.

За прекршок против безбедноста во јавниот сообраќај со кој е предизвикана опасност за настанување тешка последица, односно со дејството настанала штетна последица, може да се изрече прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило на определени видови или категории моторни возила во траење од 30 дена до една година. За тој што нема возачка дозвола, а стори прекршок, забраната за управување со моторно возило опфаќа забрана за стекнување возачка дозвола во период од 30 дена до една година. Забраната за управување со моторно возило се евидентира во досието на возачот најдоцна во рок од 15 дена од правосилноста на одлуката и започнува да тече од денот на евидентирањето во возачката дозвола, односно во возачката книшка. Ако прекршочната санкција му биде изречена на лице кое има странска дозвола за управување со моторно возило, оваа прекршочна санкција опфаќа забрана за управување со моторно возило на територијата на Република Северна Македонија, за што ќе се извести граничната полиција заради извршување на забраната[36].

### 1.6. Забрана за вршење професија, дејност или должност

Забраната за вршење професија, дејност или должност е прекршочна санкција што се состои во забрана за вршење на определена, а не на сите професии или дејности, како и на определени должности или работи на управување поврзани со располагање, користење, управување и ракување со имот или чување на имот само во случаи во кои доаѓа до израз

[35] Член 28 ст. 1-5 од Законот за прекршоците.
[36] Член 29 ст. 1-4 од Законот за прекршоците.

злоупотребата на професијата, дејноста или должноста заради извршување на казнено дело или на прекршок.

Забраната за вршење професија, дејност или должност се изрекува како самостојна прекршочна санкција, а во случај на повторно сторување на прекршокот се изрекува заедно со глоба[37].

На сторителот на прекршокот може да му се забрани вршење определена професија, дејност или должност или работи поврзани со располагање, користење, управување и ракување со имот или чување на тој имот ако ја злоупотребил својата професија, дејност или должност заради извршување на прекршок и ако врз основа на природата на прекршокот и околностите под кои е сторен, може да се очекува дека таквата дејност ќе ја злоупотреби за повторно вршење на прекршок. Судот го определува траењето на забраната, најдолго до една година, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката. Прекршочниот орган оваа санкција може да ја изрече во траење од најмалку три дена до најмногу 30 дена.

### 1.7. Протерување странец од земјата

Протерувањето странец од земјата е прекршочна санкција што му се изрекува само на странски државјанин, а не на домашен државјанин, која може да биде привремена или трајна.

Протерувањето странец од земјата се изрекува заедно со глоба, опомена или како самостојна прекршочна санкција во случаите определени со закон[38].

На сторителот кој не е државјанин на Република Северна Македонија судот може да му изрече прекршочна санкција протерување од земјата кога ќе оцени дека природата на прекршокот, околностите под кои е сторен и побудите на сторителот укажуваат на непожелност за натамошен престој на сторителот во земјата. Протерување странец од земјата може да трае од една до десет години или засекогаш и започнува да се смета од денот на протерувањето на сторителот од територијата на Република Северна Македонија. Прекршочната санкција не може да му се изрече на сторителот што ужива заштита во

[37] Член 23 ст. 6 од Законот за прекршоците.
[38] Член 23 ст. 7 од Законот за прекршоците.

согласност со меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија[39].

### 1.8. Забрана за влез и присуство на спортски натпревари

Забраната за влез и присуство на спортски натпревари се изрекува заедно со глоба или како самостојна прекршочна санкција во случаите определени со закон[40].

Судот ќе изрече прекршочна санкција забрана за влез и присуство на спортски натпревари доколку е сторен прекршок во случаите определени со закон. Забраната за влез и присуство на спортски натпревари може да се изрече во траење најмногу до три години[41].

### 1.9. Забрана за користење на субвенции и други средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија

Забраната за користење на субвенции и други средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија се изрекува заедно со глоба, опомена или како самостојна прекршочна санкција во случаите определени со закон[42].

Судот ќе изрече прекршочна санкција забрана за користење на субвенции и други средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија доколку е сторен прекршок во случаите определени со закон. Забраната за користење на субвенции и други средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија може да се изрече во траење најмногу до три години[43].

За прекршоци на **правни лица** може да се изречат следниве прекршочни санкции:[44]

**- опомена,**

**- глоба и**

**- привремена забрана за вршење одделна дејност.**

---

[39] Член 31 ст. 1-3 од Законот за прекршоците.
[40] Член 23 ст. 8 од Законот за прекршоците.
[41] Член 32 ст. 1 и 2 од Законот за прекршоците.
[42] Член 23 ст. 9 од Законот за прекршоците.
[43] Член 33 ст. 1 и 2 од Законот за прекршоците.
[44] Член 34 од Законот за прекршоците.

**а) Опомена**

Опомената претставува прва прекршочна санкција што им се изрекува на правните лица за сторен прекршок.

Опомената се изрекува за прекршок сторен под особено олеснувачки околности ако прекршокот се состои од неисполнување на пропишаната обврска или ако со прекршокот е нанесена штета, а сторителот пред донесувањето на одлуката за прекршок ја исполнил пропишаната обврска, односно ја отстранил или ја надоместил нанесената штета или ако прекршокот е сторен за првпат и не предизвикал штетни последици за трето лице, ниту пак бил загрозен јавниот интерес[45].

**б) Глоба**

Глобата претставува прекршочна санкција што се состои во наметнување на осудениот јавно-правна обврска за плаќање на определен паричен износ на државата поради сторено казниво дело или прекршок. Глобата се изрекува, како на физички лица, така и на правни лица.

Глобата за правно лица не може да биде помала од 50 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 1 000 евра во денарска противвредност за микротрговци, за мали трговци не може да биде помала од 50 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 2 000 евра во денарска противвредност, а за средни трговци не може да биде помала од 250 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 6 000 евра во денарска противвредност и за големи трговци не може да биде помала од 250 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 10 000 евра во денарска противвредност. За прекршоци од областа на даноците, царините, јавните набавки, јавните финансии и јавниот долг може да се пропише глоба во поголем паричен износ од затаената давачка или износ на набавката, но најмногу во двократен износ од 50, односно 2 000 евра во денарска противвредност. За прекршоци во областа на заштитата на здравјето на луѓето, заштитата на природните богатства, животната средина, заштитата на културното наследство, заштитата од природни и други непогоди, може да се пропише глоба во трикратен износ од предвидената глоба. За прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, може да се пропише глоба до двојниот износ од максимумот на оваа санкција

[45] Член 35 од Закон за прекршоците.

или во сразмер со висината на причинетата штета или прибавената корист, но најмногу до десеткратен износ од предвидената глоба. За прекршоци од областа на конкуренцијата, електронските комуникации и трговијата со забранети и/или ограничени стоки за употреба, како и во други области опфатени со законодавството на Европската Унија, може да се пропише глоба во процентуален износ, но најмногу до 10 % од приходот на правното лице остварен во претходната фискална година. За прекршоци од областа на енергетиката може да се пропише глоба во процентуален износ, но најмногу до 10 % од приходот на правното лице остварен од енергетската дејност во претходната фискална година, за чие вршење има добиено лиценца од Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија. Со законот со кој се пропишува прекршокот, висината на глобата се изразува во распон, а висината на глобата во прекршочниот платен налог се изразува во фиксен износ. Во случаи кога сторителот има оправдани причини поради кои глобата не може да ја плати одеднаш, може да се дозволи глобата да се исплати на рати, на начин и во рок определени од страна на судот, односно прекршочниот орган.[46]

При одмерување на висината на глобата на правното лице, судот, односно прекршочниот орган посебно ги оценува како олеснувачки или отежнувачки околности и:

- вкупниот приход остварен во претходната фискална година од годината во која е сторен прекршокот;

- просечниот број вработени врз основа на состојбата на крајот од претходниот месец во однос на месецот во кој е сторен прекршокот, како и претходно санкционирање на сторителот за исти или сродни прекршоци.

Доколку правното лице во Централниот регистар на Република Северна Македонија нема поднесено годишна сметка за претходната фискална година од која може да се утврди вкупниот приход, при одмерување на висината на глобата ќе се земе предвид просечниот вкупен приход на ниво на дејноста што ја врши сторителот на прекршокот. Централниот регистар на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија се должни да обезбедат и да доставaт обработени податоци за вкупниот приход, односно за просечниот број вработени на барање на судот и на

[46] Член 36 ст. 1-8 од Законот за прекршоците.

прекршочниот орган, без надоместок и во рок од седум дена од денот на приемот на барањето[47].

Ако осуденото правно лице не ја плати глобата во определениот рок, кој не може да биде пократок од осум дена, ниту подолг од 30 дена од денот на правосилноста на одлуката, ќе се спроведе присилна наплата во согласност со одредбите од Законот за даночна постапка. Глобата за странски правни лица се извршува од имотот конфискуван во Република Северна Македонија или со примена на меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија од имотот во странство[48].

**в) Привремена забрана за вршење одделна дејност**

Привремената забрана за вршење одделна дејност е прекршочна санкција што се состои во забрана на правното лице да врши некоја од дејностите што ги врши легално и при чие вршење е сторено конкретно казнено дело или прекршок.

Во одлуката со која на правното лице му се изрекува прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност, се наведува дејноста чие вршење му се забранува на правното лице. Прекршочната санкција привремена забрана за вршење одделна дејност може да му се изрече на правно лице ако постои опасност со вршењето на таквата дејност правното лице повторно да изврши прекршок опасен за животот или за здравјето на луѓето или прекршок со кој може да се нанесе имотна штета на друго правно лице или на граѓани или ако на правното лице во последните две години му е изречена прекршочна санкција поради ист или сличен прекршок. Со законот со кој се пропишува прекршокот, може да се пропише задолжително изрекување прекршочна санкција забрана за вршење одделна дејност на правно лице. Траењето на прекршочната санкција не може да биде пократко од три месеци, ниту подолго од две години од денот на правосилноста на одлуката. Прекршочниот орган може да ја изрече прекршочната санкција во траење од најмалку три дена до најмногу 30 дена. Прекршочната санкција привремена забрана за вршење дејност не може да му се изрече на правно лице основано со закон[49].

[47] Член 37 ст. 1-3 од Законот за прекршоците.
[48] Член 38 ст. 1 и 2 од Законот за прекршоците.
[49] Член 39 ст. 1-6 од Законот за прекршоците.

## 2. ЗАШТИТНИ МЕРКИ

Заштитните мерки се посебен вид прекршочни санкции и претставуваат пандан мерки на безбедност за казненото и за прекршочното право. Заштитните мерки како дел од прекршочните санкции имаат превентивен карактер.

Законот за прекршоците предвидува две заштитни (прекршочни) мерки, и тоа:

- **конфискација на имот и имотна корист прибавена со прекршок; и**
- **одземање на предмети прибавени со прекршок.**

### 2.1. Конфискација на имот и имотна корист прибавена со прекршок

Конфискацијата на имот и имотна корист претставува заштитна мерка што се состои во одземање на целокупниот или на дел од имотот на сторителот или одземање на предметите на делото, што може да ја изрече само судот.

Конфискацијата на имот и имотна корист се однесува и за физичките и за правните лица.

За конфискуваниот имот и имотна корист прибавена со прекршок на физичко лице соодветно се применуваат одредбите за конфискација на имот и имотна корист и за одземање предмети од Кривичниот законик[50].

#### 2.1.1. Конфискација на имот и имотна корист од физички и од правни лица

Никој не може да ја задржи непосредната и посредната корист прибавена со кривично дело. Имотната корист ќе се конфискува со судска одлука со која е утврдено извршувањето на кривичното дело под условите предвидени со овој законик. Судот ќе донесе одлука за конфискација во постапка определена со закон и кога од фактички или од правни пречки не е можно водење на кривична постапка спрема сторителот на кривичното дело. Под услови определени со ратификуван меѓународен договор, конфискуваниот имот може да ѝ биде вратен на друга држава[51].

Покрај непосредната имотна корист, од сторителот ќе се конфискува и посредната имотна корист што се состои во:

---

[50] Член 40 ст. 1 од Законот за прекршоците.
[51] Член 97 ст. 1-4 од Кривичниот законик.

*1) имотот во кој е трансформирана или претворена корисата прибавена од кривичното дело;*

*2) имотот стекнат од законски извори доколку корисата прибавена од кривичното дело е помешана, во целост или делумно, со таквиот имот, до проценетата вредност од помешаната корист прибавена од кривичното дело; и*

*3) приходот или друга корист што произлегува од корисата прибавена од кривичното дело, од имотот во кој корисата прибавена од кривичното дело е трансформирана или претворена или од имотот во кој е помешана корисата прибавена од кривичното дело, до проценетата вредност на помешаната корист прибавена од кривичното дело*[52].

Од сторителот ќе се конфискуваат непосредната и посредната имотна корист прибавени со кривичното дело што се состои во пари, движни или недвижни предмети од вредност, како и секоја друга сопственост, имот или актива, материјални или нематеријални права, а ако нивната конфискација не е можна, од сторителот ќе се конфискува друг имот што одговара на вредноста на прибавената корист. Непосредната и посредната имотна корист се конфискуваат и од трети лица за кои е остварена со извршување на кривичното дело. Имотната корист се конфискува и од членови на семејството на сторителот на кои им е пренесена ако е очигледно дека не дале надоместок што одговара на вредноста на прибавената имотна корист или од трети лица ако не докажат дека за предметот или за имотот дале противнадоместок што одговара на вредноста на прибавената имотна корист. Предметите што се прогласени за културно наследство и природни реткости, како и оние за кои оштетениот е лично врзан, се конфискуваат од трети лица без оглед на тоа дали тие им биле пренесени со соодветен надомест. Конфискуваното му се враќа на оштетениот, а ако нема оштетен, станува сопственост на државата. Ако на оштетениот во кривичната постапка му е досудено имотноправно барање, судот ќе изрече конфискација на имотната корист доколку тоа го преминува износот на ова барање[53].

Од сторителот на кривично дело сторено во рамките на злосторничко здружение со кое се остварува имотна корист и за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири

[52] Член 97-а од Кривичниот законик - https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/законик-пречистен-текст.pdf
[53] Член 98 ст. 1-6 од Кривичниот законик - https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/законик-пречистен-текст.pdf

години, како и на кривично дело во врска со тероризам од членовите 313, 394-а, 394-б, 394-в и 419 на Кривичниот законик за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна или е поврзано со кривичното дело перење пари за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години, ќе се конфискува имотот стекнат во временски период пред осудата што судот го определува според околностите на случајот, но не подолг од пет години пред сторувањето на делото, кога врз основа на сите околности судот основано е уверен дека имотот ги надминува законските приходи на сторителот и потекнува од такво дело. Имотот ќе се конфискува и од трети лица за кои е остварен со извршување на кривичното дело. Имотот се конфискува и од членови на семејството на сторителот на кои им е пренесен кога е очигледно дека не дале противнадоместок што одговара на неговата вредност или од трети лица ако не докажат дека за предметот или за имотот дале противнадоместок што одговара на нивната вредност[54].

Ако со кривичното дело на сторителот е прибавена имотна корист за правно лице, користа ќе се конфискува од него[55].

За конфискуван имот и имотна корист прибавена со прекршок на правно лице, соодветно се применува одредбата за видови казни на правно лице од Кривичниот законик[56].

### 2.1.2. Одземање предмети прибавени со прекршок

При одземање предмети судот, односно прекршочниот орган соодветно ги применува одредбите за услови за одземање на предмети од Кривичниот законик. Прекршочниот орган од посебните прекршочни мерки може да примени само мерка одземање на предмети или наплата на противвредноста на одземените предмети кога тоа е определено со закон со кој е пропишан прекршокот. Доколку прекршочниот орган смета дека за определен прекршок треба да се изречат мерките конфискација на имот и имотна корист, органот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка со предлог до судот за донесување одлука по барањето, со собраните докази за имотот и имотната корист од

[54] Член 98-а ст. 1-3 од Кривичниот законик.
[55] Член 100 од Кривичниот законик.
[56] Член 40 ст. 2 од Законот за прекршоците.

сторениот прекршок, независно од тоа кога било поднесено барањето за поведување на прекршочна постапка пред органот[57].

Никој не може да ги задржи или да ги присвои предметите што настанале од извршувањето на кривичното дело. Од сторителот на кривичното дело ќе се одземат и предметите што биле наменети или се употребени за извршување на кривичното дело без оглед дали се негова сопственост или сопственост на трето лице ако тоа го бараат интересите на општата безбедност, здравјето на луѓето или причините на моралот. Предметите што се употребени или биле наменети за извршување на кривичното дело може да се одземат ако постои опасност повторно да бидат употребени за извршување на кривично дело. Нема да се одземат предмети што се во сопственост на трето лице, освен ако тоа знаело или можело и било должно да знае дека се употребени или биле наменети за извршување на кривичното дело. Судот ќе донесе одлука за одземање предмети во постапка определена со закон и кога од фактички или од правни пречки не е можно водење на кривична постапка спрема сторителот на кривичното дело. Со примена на оваа мерка не се засега во правото на трети лица за надоместок на штетата од сторителот на кривичното дело. Под услови определени со ратификуван меѓународен договор, предметите може да бидат вратени на друга држава[58].

## 3. ВОСПИТНИ МЕРКИ

Според називот на самите мерки, воспитните мерки се изрекуваат стриктно само за децата (малолетниците). Затоа оваа материја ја регулира Законот за правда за децата со кој се предвидуваат санкции за дејства што со закон се предвидени како прекршоци.

Воспитните мерки се казненоправни и прекршочни санкции што се состојат во заштита, помош, надзор, стручно оспособување и развивање на личната одговорност на детето и имаат за цел негово воспитување, превоспитување и правилен развој. Се работи за санкции раководени исклучително од идејата за превенција. Постоењето на овие мерки е во согласност со основните начела содржани во Европските правила за децата сторители на

[57] Член 40 ст. 3-5 од Законот за прекршоците.
[58] Член 100-а ст. 1-6 од Кривичниот законик.

кривични дела подложени на санкции и мерки, според кои санкциите и мерките што се изрекуваат и нивното спроведување треба да се засноваат врз принципите на социјална интеграција и образование, а со цел спречување идно повторување. Воспитните мерки може да му се изречат на дете над 14-годишна возраст кое сторило дејство што со закон е предвидено како кривично дело. При изборот на воспитната мерка ќе се земат предвид возраста на детето, степенот на неговата душевна развиеност, неговите психички својства, наклонетостите, причините поради кои го сторило дејството, дотогашното воспитување, средината и приликите во кои живеело, тежината на стореното дејство, дали спрема него порано била изречена воспитна мерка или казна затвор за деца и сите други околности што влијаат врз определувањето на видот на мерката за постигнување на нејзината цел определена со закон. Воспитните мерки претставуваат кривични санкции со кои примерно се реагира на кривичните дела извршени од деца. При определувањето на воспитните мерки детето не се огласува за виновно, со оглед на фактот што примарна цел се утврдувањето на степенот на душевната развиеност и зрелост на детето, приликите во кои живее и околностите во кои се развива.

На дете од 14 до 16-годишна возраст за дејство што со закон е предвидено како прекршок, може да му се изречат:

- *мерка укор;*
- *мерка на засилен надзор од страна на родителот/ите, односно старателот/ите; и*
- *мерки на засилен надзор од страна на центарот.*

За воспитните мерки изречени за дејство што со закон е предвидено како прекршок се применуваат одредбите за воспитните мерки од овој закон. Мерката на засилен надзор не може да се изрече во траење пократко од 30 дена, ниту подолго од една година, а кон засилениот надзор судот може да определи задолжително лекување од зависности и други обврски предвидени во законот. На дете над 16-годишна возраст за дејство што со закон е предвидено како прекршок може да му се изрече воспитна мерка, а по исклучок на прекршочно одговорно дете над 16-годишна возраст и глоба и протерување на странец од земјата[59].

[59] Член 66 ст. 1-3 од Законот за правда за децата („Службен весник на РСМ“, бр. 148/2013).

На сторител кој како помладо полнолетно лице извршило дејство што со закон е предвидено како кривично дело, а во времето на пресудувањето не наполнило 21 година, судот може да му изрече соодветна мерка на засилен надзор или заводска мерка ако со оглед на неговата личност и околностите под кои е сторено делото, може да се очекува дека и со воспитната мерка ќе се постигне целта што би се остварила со изрекување на казната. На помладо полнолетно лице на кое му е изречена воспитна мерка, судот, под условите предвидени со овој закон, може да му изрече и мерка на безбедност. Изречената воспитна мерка може да трае најмногу до наполнети 23 години на сторителот.[60]

При изборот на воспитната мерка ќе се земат предвид возраста на малолетникот, односно детето, степенот на неговата душевна развиеност, неговите психички својства, наклонетостите, побудите од кои го сторил делото, досегашното воспитување, средината и приликите во кои живеел, тежината на делото, дали спрема него порано била изречена воспитна мерка или казна затвор за деца и сите други околности што влијаат врз определувањето на видот на мерката заради постигнување на нејзината цел определена со закон.

### 3.1. Укор

Укорот е дисциплинска мерка, како вид воспитна мерка, која се изрекува само на малолетникот, односно дете. Укор како воспитна мерка се изрекува ако е достатно и само прекорување на детето за стореното кривично дело или прекршок. При изрекувањето на укорот, на детето ќе му се укаже на штетноста од неговата постапка и ќе се предупреди дека во случај на повторно извршување кривично дело или прекршок, спрема него може да биде изречена друга кривична или прекршочна санкција.

Податоците за изречената мерка укор се бришат од евиденцијата кога ќе помине една година од нејзиното извршување или застарување, ако детето или помладото полнолетно лице во тој рок не стори ново дејство што со закон е предвидено како кривично дело или како прекршок.

[60] Член 70 ст. 1-3 од Законот за правда за децата („Службен весник на РСМ“, бр. 148/2013).

### 3.2. Мерка на засилен надзор од страна на родител, односно старател

Мерките на засилен надзор се изрекуваат спрема дете кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување со соодветен надзор, а не е потребно негово целосно одвојување од средината во која живее, се образува и работи.

На дете ќе му се изрече мерка на засилен надзор од страна на родителите или на старателот ако родителите или старателот пропуштиле, а се во можност да вршат таков надзор над детето. Во случаи кога ќе се изрече оваа мерка, ќе им се наложат на родителите или на старателот определени должности во поглед на мерките што треба да се преземат за воспитување на детето, за негово лекување и за отстранување на штетните влијанија врз него, а може да им се дадат и потребни упатства. При изрекувањето на оваа мерка може да се определи социјален орган да го провери нејзиното извршување и да му укажува помош на родителот или на старателот.

Податоците за изречената мерка на засилен надзор се бришат од евиденцијата кога ќе помине една година од нејзиното извршување или застарување, ако детето или помладо полнолетното лице во тој рок не стори ново дејство што со закон е предвидено како кривично дело или како прекршок.

### 3.3. Мерки на засилен надзор од страна на центарот

Во случаи кога родителите или старателот не се во можност да вршат засилен надзор над детето, а не постојат услови за предавање на детето на друго семејство заради вршење ваков надзор, тогаш детето ќе се стави под надзор на социјалниот орган.

Сѐ до времетраењето на мерката, детето и натаму останува да живее кај своите родители или кај други лица што го издржуваат, а засилениот надзор врз него го врши социјалниот орган. Па така, социјалниот орган се грижи за школувањето на детето, за негово вработување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за средувањето на приликите во кои живее.

Застареност на извршувањето на дисциплинската воспитна мерка упатување во центар за деца настапува кога ќе поминат шест месеци од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена оваа воспитна мерка[61].

[61] Член 74 ст. 7 од Законот за правда за децата („Службен весник на РСМ“, бр. 148/2013).

## 4. ПРИМЕНА НА ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

Прекршочните санкции се применуваат спрема секое лице кое може да биде субјект на прекршокот. Како субјект на прекршокот се јавуваат: физичко лице, малолетно лице (дете од 14 до 18 години), како и правно лице. Горeспоменатите лица може да се јавуваат и како сторители на прекршокот, но и како жртви на прекршокот, односно против кои е сторен прекршокот.

За прекршокот, прекршочната одговорност, како и за прекршочните санкции воопшто, соодветно се применуваат одредбите на Кривичниот законик, и тоа одредбите од општиот дел.

Во ситуации кога судот ја води прекршочната постапка, тогаш се применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка што се однесуваат на основните начела: јазикот, месната надлежност, последици од ненадлежност, судир на надлежности, изземање, обвинет, бранител, поднесоци, записници, рокови, имотноправно барање, донесување и соопштување на одлуките, достава на писмена и редовни и вонредни правни лекови.

Судскиот орган при водењето на прекршочната постапка соодветно ги применува одредбите од Законот за прекршоци, освен ако поинаку не е определено со закон.

***Резиме:***

За сторен прекршок се изрекуваат прекршочни санкции за физички и за правни лица. Опомената се изрекува како самостојна прекршочна санкција или во замена за глоба кога се работи за прекршок сторен под такви олеснувачки околности што го прават особено лесен или кога со нејзиното изрекување се постигнува целта на законот. Општокорисна работа се изрекува како самостојна прекршочна санкција или во замена за глоба кога глобата не може да биде извршена во согласност со случаи определени со закон. Глобата за физичко лице се состои во плаќање определен паричен износ кој не може да биде помал од 15 евра во денарска противвредност, ниту поголем од 250 евра во денарска противвредност, освен ако со законодавството на Европската Унија не е поинаку определено. За прекршоци во областа на сообраќајот и други прекршоци определени со закон може да се пропишат негативни поени што ги изрекува прекршочниот орган. Престанок на важење на возачка дозвола или забрана за управување со моторно возило се изрекуваат со глоба, со опомена или како самостојни прекршочни санкции во случаите определени со закон. За прекршок против безбедноста во јавниот сообраќај, со кој е предизвикана опасност за настанување тешка последица, односно ако со дејството настане штетна последица, може да се изрече прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило на определени видови или категории моторни возила во траење од 30 дена до една година. Забраната за вршење професија, дејност или должност се изрекува како самостојна прекршочна санкција, а во случај на повторно сторување на прекршокот се изрекува заедно со глоба. Протерувањето странец од земјата се изрекува заедно со глоба, со опомена или како самостојна прекршочна санкција во случаите определени со закон. Забраната за влез и присуство на спортски натпревари се изрекува заедно со глоба или како самостојна прекршочна санкција во случаите определени со закон. Забраната за користење на субвенции и други средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија се изрекува заедно со глоба, со опомена или како самостојна прекршочна санкција во случаите определени со закон. Опомената се изрекува за прекршок сторен под особено олеснувачки околности ако прекршокот се состои од неисполнување на пропишаната обврска или со прекршокот е нанесена штета. Заштитните мерки се посебен вид прекршочни санкции и претставуваат пандан мерки на безбедност за казненото право. Конфискацијата на имот и имотна корист се однесува и за физичките и за правните лица. При одземање на предмети судот, односно прекршочниот

орган соодветно ги применува одредбите за услови за одземање предмети од Кривичниот законик. Воспитните мерки се казненоправни и прекршочни санкции што се состојат во заштита, помош, надзор, стручно оспособување и развивање на личната одговорност на детето и имаат за цел негово воспитување, превоспитување и правилен развој. Укор како воспитна мерка се изрекува ако е достатно и само прекорување на детето за стореното кривично дело или прекршок. Мерките на засилен надзор се изрекуваат спрема дете кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување со соодветен надзор, а не е потребно негово целосно одвојување од средината во која живее, се образува и работи.

***Контролни прашања:***

1. Кои прекршочни санкции може да им се изречат на физичките лица?
2. Кои прекршочни санкции може да им се изречат на правните лица?
3. Во кои случаи се изрекува опомена?
4. Во кои случаи се изрекува општокорисна работа?
5. Во што се состои глобата за физичките лица?
6. Во што се состои глобата за правните лица?
7. Дали на државјанин на РСМ може да му се изрече прекршочна санкција протерување странец од земјата?
8. Кои заштитни мерки ги предвидува Законот за прекршоците?
9. Кои воспитни мерки ги предвидува Законот за прекршоците?
10. Што е укор?

***Задача:***

Изработете табела со санкции, заштитни и воспитни мерки!

**ГЛАВА IV**

# ПОСТАПКА ЗА ПОРАМНУВАЊЕ И ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ

***Цели на учењето:*** *прави анализа на целисходноста од примената на постапката за порамнување и за посредување; опишува постапка за порамнување и за посредување; идентификува ситуации кога се применува постапката за порамнување и за посредување; прави разлика меѓу постапка за порамнување и за посредување.*

***Клучни поими:*** *порамнување; посредување.*

## 1. ПОСТАПКА ЗА ПОРАМНУВАЊЕ

Постапката за порамнување се води како постапка за издавање на прекршочен платен налог. Издавањето на **прекршочен платен налог** е посебен вид **постапка за порамнување** при што основната цел на платниот налог е да се подобри ефикасноста на прекршочната постапка пред судот, т.е. нејзино забрзување и рационализација.

**Целта** на постапката за порамнување е постигнување согласност меѓу сторителот на прекршокот и надлежните органи овластени за поведување на прекршочна постапка за отстранување на штетните последици од сторениот прекршок и спречување на повторно вршење прекршоци и поради тоа избегнување на водење прекршочна постапка пред надлежниот суд. Надлежните органи овластени за поведување на прекршочна постапка **се должни** да му предложат на сторителот на прекршокот постапка за порамнување пред да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка, доколку тоа е определено со закон, при што надлежниот суд по службена должност внимава дали е спроведена постапка за порамнување, а ако не е исполнета горенаведената обврска, надлежниот суд ќе го врати барањето на надлежниот орган овластен за поведување на прекршочната постапка[62].

Во оваа насока се поставува прашањето за тоа кои се **дејствата** во постапката за порамнување **пред издавање** на прекршочниот платен налог. Според Законот за

[62] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 44 и 45, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

прекршоците, кога овластено службено лице ќе констатира прекршок, составува записник во кој ги забележува битните елементи на дејството од кое произлегува правното обележје на прекршокот: лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, а за правно лице назив, седиште и даночен број, времето, место и начин на сторување на прекршокот, опис на дејството, правна квалификација на прекршокот и лицата затекнати на самото место, како и дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, при што записникот го потпишуваат овластеното службено лице и сторителот. По исклучок од ова, ако овластеното службено лице прекршокот го утврди лично или го утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, односно со податоци од службената евиденција, тогаш записникот го потпишува само овластеното службено лице. Доколку во постапката на сторителот му бил издаден прекршочен платен налог, тоа ќе се забележи во записникот за констатиран прекршок. Доколку сторителот не се согласи да му биде издаден прекршочен платен налог или со закон не е пропишано издавање на прекршочен платен налог, тоа ќе се забележи во записникот за констатиран прекршок, а овластеното службено лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд[63].

Кога овластеното службено лице ќе утврди дека е сторен прекршок за кој со закон е предвидено издавање на прекршочен платен налог, на сторителот на прекршокот ќе му го врачи прекршочниот платен налог. Што се однесува до **содржината на прекршочниот платен налог**, во него се наведени битните елементи на дејството од кое произлегува правното обележје на прекршокот: лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, а за правно лице назив, седиште и даночен број, место и време на сторување на прекршокот, правна квалификација на прекршокот, износ на глобата, број на сметката за плаќање, правна поука, како и други податоци во согласност со законот. Во оваа смисла, во постапката за порамнување глобата во прекршочниот платен налог се изрекува во фиксен износ пропишан со закон, а ако глобата е пропишана во распон се изрекува минималниот пропишан износ за прекршокот. По приемот на прекршочниот платен налог, сторителот е должен да ја плати глобата **во рок од осум дена** од денот на приемот на прекршочниот

[63] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 46, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во овој рок **ќе плати половина од изречената глоба**, за кое право се поучува во правната поука, при што во постапката што ќе заврши со плаќање на прекршочниот платен налог не се плаќаат трошоци на постапката. Сторителот којшто со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е **должен веднаш** да ја плати глобата изречена со прекршочниот платен налог. Ако сторителот не ја плати глобата во пропишаниот рок, овластеното службено лице **поднесува барање за поведување на прекршочна постапка** до надлежниот суд[64].

[64] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 47, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

***Шематски приказ на Прекршочен платен налог на Државната комисија за спречување на корупцијата***[65]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Број_____________ **ПРИЛОГ 1**
______20___година

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), овластеното службено лице во Државната комисија за спречување на корупцијата издава:

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**
(за физичко лице)

| **А** | **ПОДАТОЦИ ЗА СТОРИТЕЛОТ НА ПРЕКРШОКОТ** |
|---|---|
| Име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Адреса на живеалиште или на престојувалиште | |

| **Б** | **ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК** |
|---|---|
| Време и место на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Број на записникот за констатиран прекршок | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Износ на глобата за прекршокот (евра во денарска противвредност) | |
| Сметка за плаќање на глобата | На ПП50 образец на трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка 840***(општината каде се уплаќа)05808, приходна шифра 722159, со цел на дознака Уплата на глоба по прекршочен платен налог број________ |

**ПРАВНА ПОУКА:**

Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Државната комисија за спречување на корупцијата, ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, овластеното службено лице на Државната комисија за спречување на корупцијата поднесува барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија во Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Потпис на сторителот** **М.П. (*)** **Овластено службено лице**

[65] Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог на Државната комисија за спречување на корупцијата од 27.3.2019 година.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Број_____________ **ПРИЛОГ 2**
______20___година

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), овластеното службено лице во Државната комисија за спречување на корупцијата издава:

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**
(за правно лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ - СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ |
|---|---|
| Назив | |
| Седиште | |
| Даночен број | |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Време и место на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Број на записникот за констатиран прекршок | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Износ на глобата за прекршокот (евра во денарска противвредност) | |

| | |
|---|---|
| Сметка за плаќање на глобата | На ПП50 образец на трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка 840***(општината каде се уплаќа)05808, приходна шифра 722159, со цел на дознака Уплата на глоба по прекршочен платен налог број_________ |

**ПРАВНА ПОУКА:**

Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Државната комисија за спречување на корупцијата, ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, овластеното службено лице на Државната комисија за спречување на корупцијата поднесува барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија во Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Потпис на сторителот** **М.П. (*)** **Овластено службено лице**

## *Шематски приказ на Прекршочен платен налог на Министерството за внатрешни работи*[66]

**Прилог бр. 1**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**________________________________________**
**(назив на организационата единица)**
**Број____________________**
**____________20____ година**

Врз основа на член 384 став (1) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, ☐ и член 92 став (1) од Законот за возила, ☐ (потребното да се означи со „X“) полицискиот службеник издава

**П Р Е К Р Ш О Ч Е Н**
**П Л А Т Е Н Н А Л О Г**
**(за физичко лице)**

| **А** | **ПОДАТОЦИ ЗА СТОРИТЕЛОТ НА ПРЕКРШОКОТ** | |
|---|---|---|
| Име и презиме | | ЕМБГ |
| Датум, место и држава на раѓање | Адреса на живеалиште или на привремен престој | |
| Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа | | |
| Државјанин на<br>(само за странски државјани) | | |

| **Б** | **ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ СООБРАЌАЕН ПРЕКРШОК** | | |
|---|---|---|---|
| Време на сторување | | час | |
| Место на сторување | | | |
| Опис на прекршокот | | | |
| Записник за сторен прекршок | | | |
| Правна квалификација<br>(член од законот со кој е предвиден прекршокот) | | Износ на глобата за прекршокот<br>(евра во денарска противвредност) | |

| | |
|---|---|
| Сметка за плаќање на глобата | на ПП 50 образец на сметка 100000000063095, уплатна сметка 840 **** (општината каде се уплаќа) 05007, приходна шифра и програма 722111, со цел на дознака уплата на глоба за **прекршоци од областа на сообраќајот** прекршочен платен налог број __________. |

**ПРАВНА ПОУКА:**
*Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршена уплата до Министерството за внатрешни работи. Сторителот кој ќе ја уплати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, полицискиот службеник поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен прекршочен орган, односно до надлежен суд.

Потпис на сторителот
______________________________
**(ако одбие да потпише –да се констатира)**

**М.П.**

Полициски службеник
__________________________________

[66] Правилник на МВР за формата и содржината на обрасците на прекршочниот платен налог, записник за сторен сообраќаен прекршок и записник за контрола на техничката исправност на возила на јавен пат од 1 февруари 2021 година.

**Прилог бр. 2**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
________________________________
**(назив на организационата единица)**
**Број**_________________
___________**20**____ **година**

Врз основа на член 384 став (1) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, полицискиот службеник издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**
**(за службено лице во државен орган /единица на локална самоуправа)**

Име и презиме________________________________________________________________
Единствен матичен број на службеното лице во државен орган/единица на локална самоуправа____________________________________________________________________
Адреса_______________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
Број и датум на издавање на личната карта/патна исправа
_____________________________________________________________________________
Податоци за државниот орган/единицата на локална самоуправа
Назив________________________________________________________________________
Седиште______________________________________________________________________
Единствен даночен број (ЕДБ)__________________________________________________
Опис на прекршокот
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
Место и време на сторување на прекршокот
_____________________________________________________________________________
Правна квалификација на прекршокот
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
Износ на глобата за прекршокот (евра во денарска противвредност)
_____________________________________________________________________________
Записник за сторен прекршок
_____________________________________________________________________________
да плати глоба во износ од _______евра во денарска противвредност на ПП 50 образец на сметка 100000000063095, уплатна сметка 840 **** (општината каде се _уплаќа) 05007, приходна шифра и програма 722111, со цел на дознака уплата на глоба за **прекршоци од областа на сообраќајот** прекршочен платен налог број _________.

**ПРАВНА ПОУКА:**

Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршена уплата до Министерството за внатрешни работи. Сторителот кој ќе ја уплати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог,ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, полицискиот службеник поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен прекршочен орган, односно до надлежен суд.

| Потпис на сторителот | | Полициски службеник |
|---|---|---|
| ___________________________ | **М.П.** | _______________________________ |
| (ако одбие да потпише –да се констатира) | | |

***Шематски приказ на Записник за сторен сообраќаен прекршок на Министерството за внатрешни работи***[67]

**Прилог бр. 3**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**______________________________**
**(назив на организациската единица)**
**Број_________________**
**__________20____ година**

Врз основа на член 369 став (4) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, ☐ и член 92 став (1) од Законот за возила, ☐ (потребното да се означи со „X“), полицискиот службеник составува:

ЗАПИСНИК ЗА СТОРЕН СООБРАЌАЕН ПРЕКРШОК

Полицискиот службеник ______________________на ден _____________година, во _________часот
на пат/улица__________________________________________во________________, констатира дека
лицето ____________________________________________со ЕМБГ________________________________
роден/а на____________година, со адреса на живеење _________________________во_____________,
чиј идентитет е утврден врз основа на___________________бр. ___________издадена од ___________,
управуваше со возило вид _________________________, марка____________________, со регистарски
таблици број _____________________, сопственост на _________________________________________.
_______________________________________________________________________________________
(адреса на престојување ако лицето престојува на адреса различна од наведената во личната карта)

Правно обележје на прекршокот, начинот на сторување на прекршокот и опис на дејствието:
_______________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________

Лица затекнати на самото место: ______________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________

Забелешка на сторителот на сообраќајниот прекршок: ________________________________________
_______________________________________________________________________________________

Забелешка на полицискиот службеник:_____________________________________________________
_______________________________________________________________________________________

Полицискиот службеник прекршокот го констатирал:
- лично ☐;
- со употреба на соодветни технички средства и направи ☐.
* (потребното да се означи со „X“).

**НАПОМЕНА:**
* На сторителот на прекршокот му е издаден прекршочен платен налог ☐;
* (потребното да се означи со „X“).

****Ако полицискиот службеник го утврди прекршокот лично или со употреба на соодветни технички средства и направи, односно со податоци од службената евиденција, записникот го потпишува само полицискиот службеник.***
****Записникот е изработен во два еднакви примероци, од кои еден му е врачен на сторителот на сообраќајниот прекршок.***

| Потпис на сторителот | | Полициски службеник |
|---|---|---|
| ______________________________ | **М.П.** | ______________________ |
| (ако одбие да потпише –да се констатира) | | |

[67] Правилник на МВР за формата и содржината на обрасците на прекршочниот платен налог, записник за сторен сообраќаен прекршок и записник за контрола на техничката исправност на возила на јавен пат од 1 февруари 2021 година.

## 2. ПОСТАПКА ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ (СПОГОДУВАЊЕ)

Постапка на спогодување (посредување) може да се води за прекршоци од областа на: даноците, царините, јавните набавки, јавните финансии и јавниот долг, конкуренцијата, енергетиката, трговија со забранети и/или ограничени за употреба стоки за употреба, заштита на здравјето на луѓето, заштита на природните богатства, животната средина, заштита на културното наследство, заштита од природни и други непогоди, електронските комуникации или за прекршоци сторени од користољубие. За прекршоци кога е тоа определено со закон, органот што е надлежен за поведување на прекршочна постапка ќе изготви записник за констатиран прекршок и во него ќе му предложи на сторителот на прекршокот постапка за спогодување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот ќе ја плати договорената глоба и другите давачки утврдени со закон, ќе ги отстрани последиците на прекршокот или ќе исполни некоја обврска предвидена со закон. Овластеното службено лице составува записник во кој се констатира согласноста за спогодување на двете страни, на кој се потпишува и сторителот на прекршокот, и во рок од три дена од потпишувањето на записникот го доставува до Комисијата за спогодување. Постапката за спогодување е итна и се води пред посебна Комисија за спогодување во рамките на надлежниот орган, независно од висината на предвидената глоба. Ако постапката за спогодување успее во рок од 30 дена од денот на започнувањето на постапката пред Комисијата за спогодување, се склучува спогодба со сторителот на прекршокот. Ако постапката за спогодување не успее, Комисијата за спогодување во рок од три дена од денот на завршувањето на постапката за спогодување го известува надлежниот орган кој го констатирал прекршокот, да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред суд, а трошоците на постапката паѓаат на товар на сторителот. Спогодбата за договорената глоба која не може да биде помала од половината од пропишаната фиксна глоба или од половината од пропишаниот минимум кога глобата е пропишана во распон, има сила на извршна исправа. Ако сторителот не ја плати глобата во утврдениот рок, таа ќе се достави на органот на управата надлежен за присилна наплата[68].

[68] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 48, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

***Шематски приказ на посредување (спогодување) на Државната комисија за спречување на корупцијата***

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на подносителот ----- Државната комисија за спречување на корупцијата на 46. седница одржана на ден 12.2 2021 година донесе:

**О д л у к а**

Постапката по предметот број 12-2052 од 2019 година оформен по пријава бр. 12-2052/1 од 28.3.2019 година, доставена од подносителот ----од с. ---, СЕ ЗАПИРА.

Во согласност со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-2052 од 2019 година, во предметниот случај е постапено од друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2052 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2052 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-2052/1 од 28.3.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносител ---- од с---.

Во доставената пријава се изнесени наводи за незадоволство од извршен вонреден инспекциски надзор од страна на службени лица вработени во Државниот пазарен инспекторат при Министерството за економија на ден 11.2.2019 година, над правното лице --- ДООЕЛ" - две продавници во с. ---, во кое управител било лицето --- синот на подносителот на пријавата, а при што тој бил задолжен да плати глоба од 2 300 евра поради незаконито работење и продажба на алкохолен пијалак (пиво) без соодветна документација за набавка.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Државниот пазарен инспекторат при Министерството за економија за информации и податоци во врска со предметниот случај. По барањето на Државната комисија е доставено известување со бараните информации со прилог-документација и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК е утврдена следната фактичка состојба:

Во конкретниот случај станува збор за вонреден инспекциски надзор извршен од страна на Државниот пазарен инспекторат при Министерството за економија на ден 11.2.2019 година, врз основа на Законот за трговија, над правното лице --- ДООЕЛ - две продавници во с. --- во кое управител било лицето --- син на подносителот. Според подносителот, наводите на инспекторите не биле вистинити, а глобата иако тие ја платиле, им била изречена на неправеден и на незаконит

начин и бара да се преиспита предметната постапка. Во прилог се доставени Записници, платен налог. Од извршениот увид во доставената документација ДКСК констатира дека:

При надзорот, од страна на инспекторот била утврдена фактичката состојба и бил составен Записник за понудена постапка за порамнување --- од 19.2.2019 година, исто така и биле издадени два прекршочни платни налози и тоа 1) за продавница --- за сторен прекршок неводење евиденција за набавка и продажба во трговска книга, во согласност со Законот за трговија чл. 28 ст. 1 а казнив по член 57 ст. 1 т. 1, со износ на утврдена глоба од 1 800 евра во денарска противвредност и 2) за продавница ---за сторен прекршок неводење евиденција за набавка и продажба во трговска книга, во согласност со Законот за трговија чл. 28 ст. 1 а казнив по член 57 ст. 1 т. 1, со износ на утврдена глоба од 540 евра во денарска противвредност, а кои сторителот на прекршокот требало да ги плати во рок од 8 дена од приемот на прекршочниот налог.

Записникот за понудената постапка за порамнување и прекршочниот налог му биле доставени на сторителот на прекршокот по пошта, поради тоа што управителот на друштвото не се јавил во закажаниот термин за понудената постапка и не ги потпишал истите, а му било укажано дека ако не ја плати глобата во законски предвидениот рок, ќе биде поведена прекршочна постапка.

На ден 6.7.2020 година, по барање на ДКСК е добиено известување од Државниот пазарен инспекторат при Министерството за економија со кое се известува дека на ден 11.2.2019 година бил извршен вонреден инспекциски надзор во продавницата за трговија на мало колонијал во с--- во состав на ТДПУТ ---- ДООЕЛ,---,за што бил сочинет записник. Предмет на надзорот биле одредбите на Законот за трговија, односно водењето на трговска евиденција на набавките и продажба на стоката во согласност со чл. 28 став 1. конкретно предмет на надзорот биле набавките на стока од --- пиво ДООЕЛ,--- и водењето на трговска евиденција за истите во периодот 1.1.2018-13.11.2018 година.

При надзорот било констатирано дека трговецот набавил стока која не била евидентирана во трговската евиденција, а утврдената состојба била потврдена и со надзор во трговската евиденција кај овластениот сметководител. По вака затекнатата состојба било постапено во согласност со чл. 57 став 1 точка 1 од Законот за трговија, при што на сторителот на прекршокот му била понудена постапка на порамнување, а одмерувањето на глобата се извршило во согласност со Законот за прекршоците, каде што се земаат предвид параметрите: вкупен приход остварен во претходната фискална година, просечен број на вработени и претходно поведение на сторителот, така што се утврдила глоба соодветна на обемот на работење на фирмата. Сторителот на прекршокот ја прифатил понудената постапка на порамнување и во законски определениот рок ја платил утврдената глоба.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај од страна на друг надлежен орган бил констатиран прекршок, а од страна на сторителот на прекршокот била прифатена понудената постапка на порамнување и во законски одредениот рок била платена утврдената глоба, по што оцени дека ДКСК нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, и постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира. Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на ден 12 февруари 2021 година под бр. 12-2118/3.

***Резиме:***

Издавањето на прекршочен платен налог е посебен вид постапка за порамнување. Целта на постапката за порамнување е постигнување согласност меѓу сторителот на прекршокот и надлежните органи овластени за поведување на прекршочна постапка за отстранување на штетните последици од сторениот прекршок и за спречување на повторно вршење прекршоци и поради тоа избегнување на водење прекршочна постапка пред надлежниот прекршочен орган. Надлежните органи овластени за поведување прекршочна постапка се должни да му предложат на сторителот на прекршокот постапка за порамнување пред да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка, доколку тоа е определено со закон, при што прекршочниот орган по службена должност внимава дали е спроведена постапка за порамнување, а ако не е исполнета горенаведената обврска, прекршочниот орган ќе го врати барањето на надлежниот орган овластен за поведување на прекршочната постапка.

Содржината на прекршочниот платен налог се состои од битните елементи на дејството од кое произлегува правното обележје на прекршокот: лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, а за правно лице назив, седиште и даночен број, место и време на сторување на прекршокот, правна квалификација на прекршокот, износ на глобата, број на сметката за плаќање, правна поука, како и други податоци во согласност со законот. Во постапката за порамнување, глобата во прекршочниот платен налог се изрекува во фиксен износ пропишан со закон, а ако глобата е пропишана во распон се изрекува минималниот пропишан износ за прекршокот. По приемот на прекршочниот платен налог, сторителот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во овој рок, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука, при што во постапката што ќе заврши со плаќање на прекршочниот платен налог не се плаќаат трошоци на постапката. Сторителот којшто со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен веднаш да ја плати глобата изречена со прекршочниот платен налог. Ако сторителот не ја плати

глобата во пропишаниот рок, овластеното службено лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот прекршочен орган.

Постапка на спогодување (посредување) може да се води за прекршоци од областа на: даноците, царините, јавните набавки, јавните финансии и јавниот долг, конкуренцијата, енергетиката, трговија со забранети и/или ограничени за употреба стоки за употреба, заштита на здравјето на луѓето, заштита на природните богатства, животната средина, заштита на културното наследство, заштита од природни и други непогоди, електронските комуникации или за прекршоци сторени од користољубие.

***Контролни прашања:***

1. Издавање на прекршочен платен налог е посебен вид на која постапка и со која основна цел?

2. Која е целта на постапката за порамнување?

3. Објаснете ја должноста на надлежните органи овластени за поведување на прекршочна постапка пред да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка!

4. Кои се дејствата во постапката за порамнување пред издавање на прекршочниот платен налог?

5. Која е содржината на прекршочниот платен налог?

6. Во кој рок сторителот е должен да ја плати глобата и што ако ја плати во тој рок?

7. Во кој рок е должен да ја плати глобата сторителот којшто со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата?

8. Што ако сторителот не ја плати глобата во пропишаниот рок?

9. Објасни ја постапката за спогодување (посредување)!

***Задача:***

Составете прекршочен платен налог!

**ГЛАВА V**

# НАДЛЕЖНОСТ НА ПРЕКРШОЧНИОТ СУД

***Цели на учењето:*** *идентификува во каков состав суди судот во прекршочна судска постапка; дефинира надлежности на прекршочен суд; разликува стварна и месна надлежност на судот.*

***Клучни поими:*** *надлежност.*

## 1. СОСТАВ НА СУДОТ

Прекршочната постапка во прв степен ја води **судија поединец** во основниот суд, а постапката по редовни правни лекови **совет од тројца судии** во апелационите судови[69].

## 2. НАДЛЕЖНОСТ НА ПРЕКРШОЧНИОТ СУД

**Надлежноста** во прекршочното право **е право и должност** на прекршочниот суд да суди за конкретна прекршочна работа, при што се прави разлика меѓу стварна и месна надлежност на судовите.

Според Законот за прекршоците, прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече само надлежен суд. За одделни прекршоци за кои глобата е утврдена до најмногу 250 евра во денарска противвредност за физичко лице, 500 евра во денарска противвредност за одговорно лице во правно лице и службено лице и 1 000 евра во денарска противвредност за правни лица, прекршочна постапка може да водат и прекршочна санкција може да изречат прекршочен орган и овластено службено лице. По исклучок, прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече прекршочен орган за прекршоци за кои е предвидена глоба повисока од утврдената доколку

[69] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 73, ст. 1, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

тоа е предвидено со законодавството на Европската Унија. Постапката против одговорно лице во правно лице ја води судот, односно прекршочниот орган што е надлежен за водење на прекршочната постапка за правно лице. Сите јавни органи и носителите на јавни овластувања се должни на судот и на прекршочниот орган да им даваат бесплатно потребна помош и податоци потребни за утврдување на фактите во врска со прекршочната постапка и со извршувањето на санкциите.[70]

## 3. СТВАРНА НАДЛЕЖНОСТ

**Стварна надлежност** е право и должност на прекршочниот суд да одлучува за конкретна прекршочна работа во прв степен, освен за онаа прекршочна работа која е во надлежност на друг орган. Така, според Законот за судовите, основните судови со основна надлежност за подрачјата за кои се основани **се надлежни** да одлучуваат во прв степен **за сите видови прекршоци**, освен за прекршоци кои со закон се ставени во надлежност на орган на државна управа или на организација или на друг орган што врши јавни овластувања[71].

## 4. МЕСНА НАДЛЕЖНОСТ

**Месна надлежност** претставува право и должност на стварно надлежен прекршочен суд да одлучува за конкретна прекршочна работа, со оглед на **територијалната врска** што постои меѓу тој суд и прекршочната работа, односно судот и сторителот. **Основен критериум** за утврдување на месна надлежност на стварно надлежен прекршочен суд е **местото** каде што е сторен или е обиден прекршокот.

Бидејќи Законот за прекршоците во член 2 ст. 2 пропишува дека судовите во прекршочната постапка ги применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка што

[70] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 49, ст. 1, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.
[71] Закон за судовите, член 30, ст. 1.

се однесуваат на месната надлежност, Законот за кривичната постапка во член 26 ја определува општата месна надлежност на судовите, како и соодветните исклучоци.

Во оваа смисла, **месно надлежен**, **по правило**, е судот на чие подрачје е извршено или обидено кривичното дело. Ако кривичното дело е извршено или обидено на подрачја на различни судови или на границата на тие подрачја или е неизвесно на кое подрачје е извршено или обидено, надлежен е оној од тие судови што по барање од овластениот тужител прв ја започнал постапката, а ако постапката сè уште не е започната, судот до кој прво е поднесено барањето за поведување на постапката. Ако кривичното дело е сторено на домашен брод или на домашен воздухоплов додека се наоѓа во домашно пристаниште, надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа тоа пристаниште. Во други случаи кога кривичното дело е сторено на домашен брод или на домашен воздухоплов, надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа матичното пристаниште на бродот, односно на воздухопловот или домашното пристаниште во кое бродот, односно воздухопловот првпат ќе се запре. Ако кривичното дело е сторено преку печат, надлежен е судот на чие подрачје е печатен списот. Ако тоа место не е познато или списот е печатен во странство, надлежен е судот на чие подрачје се растура печатениот спис. Ако според Законот е одговорен составувачот на списот, надлежен е и судот на местото во кое составувачот има живеалиште или судот на местото каде што се случил настанот на кој се однесува списот. Ако не е познато местото на извршување на кривичното дело или ако тоа место е надвор од територијата на Република Северна Македонија, надлежен е судот на чие подрачје обвинетиот има живеалиште или престојувалиште. Ако судот на чие подрачје обвинетиот има живеалиште или престојувалиште веќе ја започнал постапката, останува надлежен иако се дознало за местото на извршувањето на кривичното дело. Ако не е познато местото на извршување на кривичното дело, ниту живеалиштето или престојувалиштето на обвинетиот или обете се надвор од територијата на Република Северна Македонија, надлежен е судот на чие подрачје обвинетиот ќе биде фатен или самиот ќе се пријави. Ако некое лице сторило кривични дела во Република Северна Македонија и во странство, надлежен е судот што е надлежен за кривичното дело сторено во Република Северна Македонија. Ако според одредбите на овој закон не може да се установи кој суд е месно надлежен, Врховниот суд

на Република Северна Македонија ќе определи еден од стварно надлежните судови пред кој ќе се спроведе постапката[72].

[72] Закон за кривичната постапка, „Службен весник на РСМ", бр. 150/2010 од 18.11.2010 година, член 26.

***Резиме:***

Прекршочната постапка во прв степен ја води судија поединец во основниот суд, а постапката по редовни правни лекови совет од тројца судии во апелационите судови.

Надлежноста во прекршочното право е право и должност на прекршочниот суд да суди за конкретна прекршочна работа, при што се прави разлика меѓу стварна и месна надлежност на судовите.

Стварна надлежност е право и должност на прекршочниот суд да одлучува за конкретна прекршочна работа во прв степен, освен за онаа прекршочна работа која е во надлежност на друг орган. Така, според Законот за судовите, основните судови со основна надлежност за подрачјата за кои се основани, се надлежни да одлучуваат во прв степен за сите видови прекршоци, освен за прекршоци кои со закон се ставени во надлежност на орган на државна управа или на организација или на друг орган што врши јавни овластувања.

Месна надлежност претставува право и должност на стварно надлежен прекршочен суд да одлучува за конкретна прекршочна работа, со оглед на територијалната врска што постои меѓу тој суд и прекршочната работа, односно судот и сторителот. Основен критериум за утврдување на месна надлежност на стварно надлежен прекршочен суд е местото каде што е сторен или е обиден прекршокот.

Бидејќи Законот за прекршоците во член 2 ст. 2 пропишува дека судовите во прекршочната постапка ги применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка што се однесуваат на месната надлежност, Законот за кривичната постапка во член 26 ја определува општата месна надлежност на судовите, како и соодветните исклучоци.

***Контролни прашања:***

1. Кој ја води прекршочната постапка во прв степен?
2. Кој ја води постапката по редовни правни лекови?
3. Поим за надлежност во прекршочното право.
4. Поим за стварна надлежност на прекршочниот суд.
5. Како кај нас е уредена стварната надлежност на основните судови за прекршоци?
6. Што претставува месна надлежност на прекршочен суд и кој е основен критериум за негово утврдување?
7. Како Законот за кривичната постапка ја определува општата месна надлежност на судовите, како и соодветните исклучоци?

**МОДУЛАРНА ЕДИНИЦА 2**

**ПРВОСТЕПЕНА СУДСКА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА**

**ГЛАВА I**

**ПОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА И МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ОБВИНЕТ**

***Цели на учењето:*** *идентификува составни делови на барањето за поведување на судска прекршочна постапка; набројува услови кога судот нема да поведе прекршочна постапка и ќе го отфрли барањето; објаснува потреба од примена на мерки за обезбедување присуство на обвинет; набројува мерки за обезбедување присуство на обвинет; набројува услови за прекин на постапката; определува потреба од привремено одземање предмети и привремени мерки.*

***Клучни поими:*** *барање за поведување на прекршочна постапка; мерки на обезбедување.*

## 1. БАРАЊЕ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА СУДСКА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Прекршочната постапка се поведува по барање на овластениот орган. **Овластени органи** за поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка се: органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и други органи и организации што вршат јавни овластувања во чија надлежност спаѓа непосредното извршување или надзор над извршувањето на законите во кои се предвидени прекршоци. Овластен орган по службена должност е и **јавниот обвинител** во случаи кога тоа е неопходно заради заштита на јавниот интерес. Овластените органи се должни во рок од 30 дена од денот по констатирањето на прекршокот или по поднесената пријава од страна на оштетениот за сторен прекршок да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка секогаш кога постои основано сомневање дека е сторен прекршок. Ако рокот е истечен или ако е добиено

известување дека барањето е неосновано, оштетениот има право да поднесе приговор до повисокиот орган надлежен за вршење надзор над работата на органите, чија одлука е конечна. Доколку **оштетениот** има имотно-правно барање, тоа може да го остварува во парнична постапка. Барањето за поведување на прекршочна постапка се поднесува писмено или по електронски пат определено со закон, во доволен број примероци за надлежниот орган и за лицата против кои е поведена прекршочна постапка.[73]

Барањето за поведување на прекршочна постапка **содржи**:

● Основни податоци за идентитетот на сторителот (име и презиме, прекар, ЕМБГ, место и датум на раѓање, место на живеење, улица и број, адреса на привременото престојувалиште, занимање, државјанство, ако физичкото лице е странец, тогаш наместо ЕМБГ број на патната исправа), а за правното лице назив и седиште на правното лице, ЕДБ, а за одговорното лице во правното лице и функцијата што ја врши во тоа правно лице;

● Фактички опис на прекршокот од кој произлегуваат правните обележја на прекршокот, време и место на извршувањето на прекршокот и други околности потребни што поблиску да се определи прекршокот;

● Правна квалификација на прекршокот што треба да се примени;

● Доказите што треба да се изведат, и

● Потпис на подносителот на барањето.

Кон барањето се приложуваат доказите. Кога не е можно да се утврди идентитетот на сторителот на прекршокот, во барањето наместо личните податоци ќе се наведе описот на лицето и фотографија, односно снимка и сите други податоци за утврдување на идентитетот на лицето. Тоа може да се задржи во прифатен центар сè додека не се утврди идентитетот, но најмногу до донесување на одлуката за прекршокот. Барање за поведување на прекршочна постапка во случаите каде што има одземени предмети или прибавена имотна корист од сторен прекршок може да се поднесе и против непознат сторител.[74]

[73] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 83 ст. 1-7, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.
[74] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 84 ст. 1-4, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

## *Шематски приказ на Барање за поведување на прекршочна постапка*

ДОВЕРЛИВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШЕНИ РАБОТИ- СКОПЈЕ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕКРШОЦИ
Бр.xx.xx.xx/x-x-xxxxx
Xx.xx.2022 год.
Скопје

ДО: ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ
-Оддел за прекршоци

Врз основа на член 83 став 2 од За онот за прекршоци, овој орган на Управата надлежен за внатрешни работи, поднесува

БАРАЊЕ ЗА ПОВЕДУВЊЕ НА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

ПРОТИВ:Xxxxxxx Xxxxxxx со ЕМБГ xxxxxxxxxxxxx роден на xx.xx.xxxx година, во Скопје каде и живее на ул.„Xxxxx Xxxxxx“ бр.XXX, со број на лк.xxxxxx, државјанин на Р.Северна Македонија.

ЗАТОА ТО:

На ден 01.09.2021 година во 09.28 часот по бул.„Србија” во Скопје, пријавениот управувал ПМВ марка »Голф ” со рег. број СК-xxx-xx, лична сопственост.

Пријавениот со возилото во населено место со брзина од 76 км/час која брзина е поголема од 10 до 30 км/час над дозволената брзина која на наведеното место со сообраќаен знак е ограничена на 50 км/час. Брзината била измерена со радар тип КАМ-4 бр. 950.

Прекршокот го констатирал ПС X.Xxxxx од ОБПС-Скопје, кој на лице место му врачил прекршочен платен налог, записник за сторен сообраќаен прекршок кои од страна на пријавениот се потпишани, но во определениот рок од 8 дена не ја платил глобата.
Со опишаното дејствие пријавениот постапил спротивно на член 35 став 1 од ЗБСП, со што сторил прекршок казнив по член 35 став 5 од истиот Закон поради кое бараме да биде огласен за виновен и казнет.

прилог: - прекршочен платен налог бр.xxxxxx, записник за сторен сообраќаен прекршок бр.xxxxxx, записник за извршена контрола на брзината на движење на возилото

НАЧАЛНИК НА ОДДЕЛЕНИЕ
ЗА ПРЕКРШОЦИ ПРИ СВР-СКОПЈЕ

Изготвила: [illegible] - Кашта ева

## 2. ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊЕТО ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА СУДСКА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Ако судот за времетраење на постапката дознае за прекршок за кој не било поднесено барање од овластениот орган, за ова ќе го извести овластениот орган.[75]

Ако барањето за поведување на прекршочната постапка **не ги содржи** сите податоци, ќе се побара од подносителот на барањето да го дополни во рок кој не може да биде подолг од 15 дена од денот на приемот на барањето. Во случај подносителот на барањето да не ги отстранил недостатоците во предвидениот рок, ќе се смета дека се откажал од барањето, а барањето ќе се отфрли.[76]

Ако судот утврди дека **не постојат услови** за поведување прекршочна постапка, барањето ќе го отфрли со решение.

**Не постојат услови за поведување на прекршочната постапка** кога: [77]

● Дејството опишано во барањето не е прекршок;

● Постојат основи што ја исклучуваат одговорноста за прекршок;

● Настапила застареност за поведување на прекршочната постапка;

● Барањето го поднел неовластен подносител, односно лице;

● Постојат други законски причини поради кои прекршочната постапка не може да се поведе;

● Барањето не е поткрепено со докази за сторен прекршок, и

● Барањето не ги содржи потребните податоци.

Решението се доставува до подносителот на барањето. Против решението подносителот на барањето има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до второстепениот суд. Решението не е пречка за водење на посебна постапка за одземање на предмети или за конфискација на имотна корист.

---

[75] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 85, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.
[76] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 86 ст. 1 и 2 достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.
[77] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 87 ст. 1-5, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

Ако обвинетиот со едно или повеќе дејства стори повеќе прекршоци за кои не била донесена одлука, а за сите одлуки е надлежен ист суд, по правило, ќе се спроведе единствена постапка и ќе се донесе единствена одлука за прекршок. Единствена постапка, по правило, ќе се спроведе и против правно лице и одговорно лице, против обвинет, соучесник, поттикнувач и помагач, освен ако постојат законски услови постапката да се води само против еден од нив. До донесување на одлука за прекршок од оправдани причини или поради целисходност, судот може да одлучи постапката за одделни прекршоци или против одделни обвинети, соучесници, поттикнувачи или помагачи да се раздвои од единствената постапка и да се заврши посебно. За спојувањето и за раздвојувањето на постапката судот ќе донесе решение против кое не е дозволена жалба.[78]

## 3. ПОВЕДУВАЊЕ НА СУДСКА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Ако судот не донесе решение за отфрлање на барањето, должен е да закаже рочиште и за тоа да го извести обвинетиот. Судот заедно со поканата за испитување ќе му достави на обвинетиот барање за поведување на прекршочна постапка заедно со писмените докази.[79]

Судбината на поведување судска прекршочна постапка е во рацете на судот. Тој е единственото овластено лице што одлучува дали ќе поведе или нема да поведе судска прекршочна постапка.

Во ситуација кога судот ќе одлучи да поведе прекршочна постапка, тогаш за тоа веднаш го известува обвинетиот против кого ќе се води прекршочната постапка. Во случај на поведување прекршочна постапка, судот сите докази, барањето за поведување на прекршочната постапка, како и поканата за испитување му ги доставува на обвинетиот.

[78] Член 88 ст. 1-3 од Законот за прекршоците.
[79] Член 89 ст. 1 и 2 од Законот за прекршоците.

## 4. МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ОБВИНЕТ

Со цел олеснување на целата постапка за подготвување за поведување и водење на прекршочната постапка, судот може да користи мерки за обезбедување присуство на обвинетиот, со помош на кои, всушност, се обезбедува присуство на лицето против кое се води прекршочната постапка.

**Мерки** што може да се преземат спрема обвинетиот заради обезбедување присуство и за водење на прекршочната постапка се: покана, приведување, гаранција, задржување и задржување странец во прифатен центар.[80]

### 4.1. Покана

Присуството на обвинетиот при сослушување во прекршочната постапка се обезбедува со покана. Поканата ја испраќа судот што ја води прекршочната постапка. Со поканата обвинетиот се известува за што е обвинет и дека е должен да се јави лично или одбраната да ја даде писмено. Обвинетиот што е поканет да дојде лично, во опомената треба да се предупреди дека ќе биде определено приведување ако не се јави на поканата. Ако за правилното одлучување не е нужно обвинетиот да биде сослушан, тој во поканата ќе се предупреди дека одлуката за прекршок ќе биде донесена без сослушување ако не се јави на поканата. Заедно со поканата ќе се достави примерок од барањето за поведување на прекршочна постапка.[81]

### 4.2. Приведување

Ако уредно повиканиот обвинет не се јави на поканата и своето недоаѓање не го оправда, или ако не било можно уредно да му се достави поканата, а од околностите е очигледно дека обвинетиот одбегнува, а неговото присуство е потребно за правилно одлучување, ќе се определи приведување. Приведувањето е можно да се определи само во случај кога во поканата е поучен обвинетиот дека е должен лично да се јави. Приведувањето се определува писмено. Во наредбата ќе се наведат името и презимето на обвинетиот што треба да се приведе, неговиот единствен матичен број, датумот на раѓање,

[80] Член 90 од Законот за прекршоците.
[81] Член 91 ст. 1 и 2 од Законот за прекршоците.

престојувалиштето на обвинетиот, предметот во кој се определува приведувањето и причината поради која е определено приведувањето. Наредбата мора да има печат и потпис на судијата што го определил приведувањето.[82]

### 4.3. Гаранција

Кога прекршочната постапка е поведена против обвинетиот што не живее постојано во Република Северна Македонија, а сака пред завршувањето на постапката да ја напушти, по негова молба судот може да дозволи да положи гаранција како обезбедување за исполнување на обврските што може да бидат определени во одлуката за прекршокот. Судот може да бара обвинетиот, покрај полагањето на гаранција, да определи полномошник што во негово име ќе ги прима писмената и ќе го застапува во постапката, ако во прашање се негови имотни права. Гаранција не може да се определи пред обвинетиот да биде сослушан. Гаранцијата секогаш гласи на паричен износ што се определува со оглед на тежината на прекршокот, висината на предизвиканата штета, личните и семејните прилики на обвинетиот и имотната состојба на лицето што ја дава. Гаранцијата се состои во полагање на готови пари, хартии од вредност, скапоцености или во други подвижни предмети од поголема вредност што може да се претворат во пари или да се чуваат. Ако постапката со одлука е запрена, положената гаранција ќе се врати. Ако сторителот на прекршокот по правосилноста на одлуката за прекршок не ја плати изречената глоба или не ја надомести предизвиканата штета, стекнатата имотна корист и трошоците на постапката, од положената гаранција ќе се исплатат: глобата, утврдената штета, стекнатата имотна корист и трошоците на постапката, а вишокот ќе се врати. За полагањето на гаранцијата и нејзиното враќање судот ќе донесе посебно решение.[83]

### 4.4. Задржување

Ако постои основано сомнение дека обвинетиот сторил прекршок, судот може да определи задржување ако не е можно да се утврди неговиот идентитет или ако нема престојувалиште во Република Северна Македонија, а постои основано сомнение за повторување на прекршокот или дека ќе побегне или ако со заминување заради престој во

[82] Член 92 ст. 1-3 од Законот за прекршоците.
[83] Член 93 ст. 1-8 од Законот за прекршоците.

странство може да ја избегне одговорноста за прекршок. Обвинетиот што е задржан има право веднаш да биде известен на мајчин јазик или на јазикот што го разбира за причините за задржување, како и да биде поучен дека не е должен ништо да изјави, дека има право на моментална правна помош од бранител кој слободно може да го избере и дека надлежниот орган по негово барање е должен за задржувањето да ги извести неговите најблиски, односно работодавачот, а ако е странски државјанин, по негово барање и дипломатското претставништво на неговата држава. На обвинетиот веднаш, а најдоцна за шест часа од моментот на задржување, мора да му биде врачено писмено решение, издадено од надлежен суд, за причините за задржувањето од слобода со правна поука и се назначува местото каде што лицето ќе биде задржано. Додека трае задржувањето, обвинетиот има право на жалба против решението. Жалбата не го одлага решението за задржување. По жалбата за законитоста на задржувањето одлучува кривичен совет во основниот суд во рок од 24 часа од приемот на жалбата. Задржувањето може да трае најмногу 12 часа од часот кога сторителот бил задржан, во кое време се сослушува и се носи одлука за прекршок или се пушта на слобода. За задржувањето на обвинетиот соодветно се применуваат одредбите на Законот за кривичната постапка, за извршување на притворот, ако со овој закон поинаку не е определено.

### 4.5. Задржување странец во прифатен центар

Ако сторителот на прекршокот е странец чиј идентитет не може да се утврди, судот веднаш му определува мерка задржување во прифатен центар. Со решение задржувањето странец може да трае до 30 дена од денот на задржувањето, а судот може да го продолжи уште за 30 дена. Против решението странецот има право на жалба до второстепениот суд во рок од 48 часа од моментот на задржувањето во прифатниот центар. Жалбата не го одлага извршувањето на решението. Кога судот ќе определи задржување странец во прифатен центар, ќе го извести Министерството за внатрешни работи и ќе го задолжи да преземе мерки за утврдување на идентитетот на странецот. Судот ќе донесе решение за престанок на задржувањето веднаш кога ќе ги добие податоците за идентитетот на странецот. Сместувањето во прифатен центар се уредува со посебен закон.[84]

[84] Член 95 ст. 1-6 од Законот за прекршоците.

## 5. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИН НА ПОСТАПКАТА

Судот што ја води прекршочната постапка со решение **ќе ја прекине** постапката ако:[85]

● Не може да се утврди живеалиштето, односно престојувалиштето на обвинетиот и ако од кои било други причини не е достапен на јавните органи или се наоѓа во странство на неопределено време,

● Кај обвинетиот настапила привремена душевна болест или привремено душевно растројство,

● За истото дело е покрената кривична постапка до завршувањето на кривичната постапка и

● Постапката што е прекината ќе продолжи кога кривичната постапка е запрена по некој друг основ, а и натаму постојат услови за водење на прекршочна постапка.

Пред да се донесе решение за прекин на прекршочната постапка, ќе се приберат сите докази за прекршокот и за одговорноста на обвинетиот до кои може да се дојде. Прекинатата постапка ќе продолжи кога ќе престанат причините за тоа. За прекинот и за продолжувањето на постапката ќе се извести подносителот на барањето.

## 6. ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМАЊЕ ПРЕДМЕТИ

Со закон може да се овластат службените лица во органите на државната управа или во организации и други органи што вршат јавни овластувања на надзор над спроведување на законите, привремено да ги одземат предметите кога во вршењето на службената должност ќе дознаат за прекршокот и да ги предадат на Агенцијата за управување со одземен имот. Овластените службени лица се должни во рок од 15 дена од денот на одземањето на предметите да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, односно прекршочниот орган и да го известат за извршеното привремено одземање на предметите. Доколку овластените службени лица не постапат во согласност со Законот за прекршоците, судот врз основа на поднесено барање од лицето од кое се

[85] Член 101 ст. 1-5 од Законот за прекршоците.

одземени предметите ќе донесе одлука за враќање на предметите, освен предметите чиј промет е забранет.[86]

## 7. ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ И ЗАБРАНИ

Предметите што може да бидат одземени привремено може да се одземаат и пред донесувањето на одлуката за прекршокот, за што се издава потврда. Во текот на водењето на прекршочната постапка судот со писмена наредба привремено може да одземе предмет. Преписот од наредбата мора да се достави до органот задолжен за чување на одземените предмети, како и до лицето од кое се одземени предметите. Ако предметот е лесно расиплив или ако неговото чување бара несразмерни трошоци, судот надлежен за водење на прекршочната постапка го предава на Агенцијата за управување со одземен имот која постапува во согласност со закон.[87]

Во определени ситуации, предметите што се дел од прекршочната постапка, заедно со обвинетиот, привремено може да се одземат дури и пред да се донесе конечната судска прекршочна одлука. Привременото одземање на предметите може да се случи само со одлука на судот кој ја води прекршочната постапка, и тоа со писмена наредба.

[86] Член 71 ст. 1-3 од Законот за прекршоците.
[87] Член 103 ст. 1-3 од Законот за прекршоците.

***Резиме:***

Прекршочната постапка се поведува по барање на овластениот орган. Овластени органи за поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка се: органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и други органи и организации што вршат јавни овластувања во чија надлежност спаѓа непосредното извршување или надзор над извршувањето на законите во кои се предвидени прекршоци. Овластен орган по службена должност е и јавниот обвинител во случаи кога тоа е неопходно заради заштита на јавниот интерес. Овластените органи се должни во рок од 30 дена од денот по констатирањето на прекршокот или по поднесената пријава од страна на оштетениот за сторен прекршок да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка секогаш кога постои основано сомневање дека е сторен прекршок.

Барањето за поведување на прекршочна постапка содржи: основни податоци за идентитетот на сторителот (име и презиме, прекар, ЕМБГ, место и датум на раѓање, место на живеење, улица и број, адреса на привременото престојувалиште, занимање, државјанство, ако физичкото лице е странец, тогаш наместо ЕМБГ број на патната исправа), а за правното лице назив и седиште на правното лице, ЕДБ, а за одговорното лице во правното лице и функцијата што ја врши во тоа правно лице; фактички опис на прекршокот од кој произлегуваат правните обележја на прекршокот, време и место на извршувањето на прекршокот и други околности потребни што поблиску да се определи прекршокот; правна квалификација на прекршокот што треба да се примени; доказите што треба да се изведат, и потпис на подносителот на барањето.

Ако судот утврди дека не постојат услови за поведување на прекршочна постапка, барањето ќе го отфрли со решение поради следниве причини: дејството опишано во барањето не е прекршок; постојат основи што ја исклучуваат одговорноста за прекршок; настапила застареност за поведување на прекршочната постапка; барањето го поднел неовластен подносител, односно лице; постојат други законски причини поради кои прекршочната постапка не може да се поведе; барањето не е поткрепено со докази за сторен прекршок и барањето не ги содржи потребните податоци.

Ако судот не донесе решение за отфрлање на барањето, должен е да закаже рочиште и за тоа да го извести обвинетиот. Заедно со поканата за испитување судот ќе му достави на обвинетиот барање за поведување на прекршочна постапка заедно со писмените докази.

Со цел олеснување на целата постапка за подготвување за поведување и водење на прекршочната постапка, судот може да користи мерки за обезбедување присуство на обвинетиот, со помош на кои, всушност, се обезбедува присуство на лицето против кое се води прекршочната постапка. Мерки што може да се преземат спрема обвинетиот заради обезбедување присуство и за водење на прекршочната постапка се: покана, приведување, гаранција, задржување и задржување странец во прифатен центар.

Судот што ја води прекршочната постапка со решение ќе ја прекине постапката ако: не може да се утврди живеалиштето, односно престојувалиштето на обвинетиот и ако од кои било други причини не е достапен на јавните органи или се наоѓа во странство на неопределено време; кај обвинетиот настапила привремена душевна болест или привремено душевно растројство; за истото дело е покрената кривична постапка до завршувањето на кривичната постапка и постапката што е прекината ќе продолжи кога кривичната постапка е запрена по некој друг основ, а и натаму постојат услови за водење на прекршочна постапка.

Со закон може да се овластат службените лица во органите на државната управа или во организации и други органи што вршат јавни овластувања на надзор над спроведување на законите, привремено да ги одземат предметите кога во вршењето на службената должност ќе дознаат за прекршокот и да ги предадат на Агенцијата за управување со одземен имот.

***Контролни прашања:***

1. Кои се овластени органи за поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка?
2. Што содржи барањето за поведување на прекршочна постапка?
3. Што ако барањето за поведување на прекршочната постапка не ги содржи сите податоци?
4. Кога не постојат услови за поведување на прекршочната постапка?
5. Наброј ги мерките за обезбедување присуство на обвинет!
6. Објасни ја поканата!
7. Објасни го приведувањето!
8. Објасни ја гаранцијата!
9. Објасни го задржувањето!
10. Објасни го задржувањето странец во прифатен центар!
11. Кога судот што ја води прекршочната постапка со решение ќе ја прекине постапката?

***Задача:***

Составете барање за поведување на прекршочна постапка!

## ГЛАВА II

## ТЕК НА ПРЕКРШОЧНА СУДСКА ПОСТАПКА

***Цели на учењето:*** *набројува права на обвинетиот во текот на постапката; толкува устен претрес; идентификува потреба од претрес во отсуство на обвинет; елаборира тек на усниот претрес; разликува видови докази; опишува скратена постапка.*
***Клучни поими:*** *доказ; скратена постапка.*

### 1. ТЕК НА ПОСТАПКАТА

Законот за прекршоците во членовите 108-111 го уредува текот на прекршочната постапка пред судот. Така, судот што ја води прекршочната постапка ќе определи **устен претрес** ако тоа е потребно за разјаснување на фактичката состојба. Ова значи дека одржувањето на устен претрес не е задолжително бидејќи тоа зависи од потребата за разјаснување на фактичката состојба.

На претресот **се повикуваат** подносителот на барањето за поведување на прекршочната постапка, обвинетиот, неговиот бранител и сведокот, а по потреба лицето што го констатирало прекршокот, оштетениот и вештакот. Ако обвинетиот е правно лице, на претресот се повикува неговиот застапник.

Судот што ја води постапката може да одлучи да се одржи устен претрес **во отсуство на обвинетиот**, кој е уредно повикан, ако судот утврди дека неговото присуство не е нужно за правилно утврдување на фактичката состојбата. Под истите услови може да се одржи претресот **и во отсуство** на уредно повиканиот застапник на обвинетото правно лице. Претресот ќе се одржи кога нема да дојде уредно повиканиот претставник на подносителот на барањето, ако неговото присуство не е неопходно за разјаснување на фактичката состојба. Претресот ќе се одржи и кога нема да дојде уредно повиканиот бранител на обвинетиот.

Претресот **започнува** со објавување на главната содржина на барањето. Потоа се пристапува кон испитување на обвинетиот. Ако се обвинети правно лице и одговорно лице

во правното лице, прво се сослушува застапникот на правното лице, а по него одговорното лице. По испитувањето на обвинетиот се спроведува доказна постапка со сослушување на сведоци, вештаци и изведување на други докази. Подносителот на барањето, обвинетиот и неговиот бранител и застапникот на правното лице **имаат право** во текот на претресот да предлагаат докази и да ставаат други предлози, а по одобрение на судијата што ја води прекршочната постапка можат да им поставуваат прашања на лицата кои се сослушуваат. На претресот последен збор секогаш има обвинетиот, односно застапникот на обвинетото правно лице. Ако судијата што ја води прекршочната постапка најде дека претресот не треба да се одложува заради дополнување на постапката или разјаснување на одделни прашања, ќе го заклучи претресот и ќе донесе одлука за прекршокот и јавно ќе ја објави изреката на одлуката со кусо образложение на причините. За работата на претресот се води записник во кој, во битни црти, се внесува целиот тек на претресот. Записникот го потпишуваат судијата и записничарот.

Ако за време на изведувањето на дејствата во прекршочната постапка **обвинетиот сторил нов прекршок** или **се открие порано сторен прекршок**, судот што ја води прекршочната постапка, по правило, по барање на присутниот подносител на барањето, **ќе ја прошири постапката** и за тој прекршок. Доколку подносителот на барањето **не е присутен** или **не е овластен** за поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за нов прекршок или за порано сторен прекршок или обвинетиот сторил кривично дело, судијата ќе состави записник за тоа и со него ќе го запознае надлежниот подносител на барањето, односно јавниот обвинител. На ист начин ќе се постапи ако и некој друг стори прекршок во текот на изведувањето на дејствата во прекршочната постапка[88].

## 2. ДОКАЖУВАЊЕ

Една од најзначајните фази на прекршочната постапка пред судот е докажувањето.

**Докажувањето** е процесно дејство на судот и на странките преку кое тие доаѓаат до утврдување на правно релевантни факти преку доказни средства.

[88] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 108-111, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

Во рамките на прекршочната постапка пред судот, докажувањето, главно, опфаќа **две доказни средства**, и тоа: признавање на сторување на прекршок и сослушување на сведоци.

Така, ако обвинетиот **го признае сторувањето** на прекршокот и признанието е доброволно, свесно, јасно и целосно, на судот не му е потребно да собира и други докази[89].

Од друга страна, **сведокот ќе биде сослушан** пред судот пред кој се води прекршочната постапка. Ако сведокот има живеалиште или престојувалиште надвор од седиштето на судот, сослушување на сведокот ќе се изврши по замолен пат до судот според местото на живеење или престој на сведокот[90].

## 3. СКРАТЕНА ПОСТАПКА И ИТНОСТ НА ПОСТАПКА

**Скратена постапка** се води кога: [91]

● Во барањето за поведување на прекршочна постапка се содржани сите факти и докази врз основа на кои судот може да одлучи без присуство на странка;

● Барањето за поведување на постапката се заснова врз јавни исправи издадени од надлежни јавни органи; и

● Сторителот е затечен при извршувањето на прекршокот од страна на овластено службено лице. Во скратена постапка судот одлучува без испитување на сторителот кога тој е уредно повикан, а не се јави и не достави доказ за оправдана спреченост да се јави пред судот.

Доколку обвинетиот се јави на испитување заради проверка на наводите во поднесеното барање за поведување на прекршочна постапка, судот може да повика и на записник да сослуша сведоци или вештаци.[92]

---

[89] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 99, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

[90] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 100, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

[91] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 104 ст. 1 и 2, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

[92] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 105, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

Заради брзина на постапката, судот обезбедува постојано работа во текот на 24 часа. Со распоредот за работа на судот се определуваат дежурен судија и судски работник во текот на целиот ден, неработен ден и празнични денови.[93]

Од друга страна, што се однесува до **итноста на прекршочната постапка пред судот**, судот е должен да поведе прекршочна постапка веднаш по приемот на барањето за поведување на прекршочна постапка, а најдоцна во рок од **три дена** од денот на приемот на барањето. Постапката пред првостепениот суд мора да се заврши во рок од **три месеци** од денот на поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка. Кога обвинетиот е странец, судот во итна постапка одлучува во најкраток можен рок, но не подолго од три дена од денот на приемот на барањето за поведување на прекршочна постапка. Жалбата изјавена од странецот не го одлага извршувањето на одлуката.[94]

[93] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 106 ст. 1 и 2, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.
[94] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 107 ст. 1-4, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

***Резиме:***

Законот за прекршоците го уредува текот на прекршочната постапка пред судот. Така, судот што ја води прекршочната постапка ќе определи устен претрес ако тоа е потребно за разјаснување на фактичката состојба. Ова значи дека одржувањето на устен претрес не е задолжително бидејќи тоа зависи од потребата за разјаснување на фактичката состојба.

На претресот се повикуваат подносителот на барањето за поведување на прекршочната постапка, обвинетиот, неговиот бранител и сведокот, а по потреба лицето што го констатирало прекршокот, оштетениот и вештакот. Ако обвинетиот е правно лице, на претресот се повикува неговиот застапник.

Судот што ја води постапката може да одлучи да се одржи устен претрес во отсуство на обвинетиот, кој е уредно повикан, ако судот утврди дека неговото присуство не е нужно за правилно утврдување на фактичката состојбата. Под истите услови може да се одржи претресот и во отсуство на уредно повиканиот застапник на обвинетото правно лице. Претресот ќе се одржи кога нема да дојде уредно повиканиот претставник на подносителот на барањето, ако неговото присуство не е неопходно за разјаснување на фактичката состојба. Претресот ќе се одржи и кога нема да дојде уредно повиканиот бранител на обвинетиот.

Претресот започнува со објавување на главната содржина на барањето. Потоа се пристапува кон испитување на обвинетиот. Подносителот на барањето, обвинетиот и неговиот бранител и застапникот на правното лице имаат право во текот на претресот да предлагаат докази и да ставаат други предлози, а по одобрение на судијата што ја води прекршочната постапка можат да им поставуваат прашања на лицата кои се сослушуваат. На претресот последен збор секогаш има обвинетиот, односно застапникот на обвинетото правно лице. Ако судијата што ја води прекршочната постапка најде дека претресот не треба да се одложува заради дополнување на постапката или разјаснување на одделни прашања, ќе го заклучи претресот и ќе донесе одлука за прекршокот и јавно ќе ја објави изреката на одлуката со кусо образложение на причините. За работата на претресот се води записник во кој, во битни црти, се внесува целиот тек на претресот. Записникот го потпишуваат судијата и записничарот.

Ако за време на изведувањето на дејствата во прекршочната постапка обвинетиот сторил нов прекршок или се открие порано сторен прекршок, судот што ја води прекршочната постапка, по правило, по барање на присутниот подносител на барањето, ќе ја прошири постапката и за тој прекршок. Доколку подносителот на барањето не е присутен или не е овластен за поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за нов прекршок или за порано сторен прекршок или обвинетиот сторил кривично дело, судијата ќе состави записник за тоа и со него ќе го запознае надлежниот подносител на барањето, односно јавниот обвинител. На ист начин ќе се постапи ако и некој друг стори прекршок во текот на изведувањето на дејствата во прекршочната постапка.

Една од најзначајните фази на прекршочната постапка пред судот е докажувањето. Докажувањето е процесно дејство на судот и странките преку кое тие доаѓаат до утврдување на правно релевантни факти преку доказни средства. Во рамките на прекршочната постапка пред судот, докажувањето, главно, опфаќа две доказни средства, и тоа: признавање на сторување на прекршок и сослушување на сведоци.

Скратена постапка се води кога: во барањето за поведување на прекршочна постапка се содржани сите факти и докази врз основа на кои судот може да одлучи без присуство на странка; барањето за поведување на постапката се заснова врз јавни исправи издадени од надлежни јавни органи; и сторителот е затечен при извршувањето на прекршокот од страна на овластено службено лице. Во скратена постапка судот одлучува без испитување на сторителот кога тој е уредно повикан, а не се јави и не достави доказ за оправдана спреченост да се јави пред судот.

Од друга страна, што се однесува до итноста на прекршочната постапка пред судот, судот е должен да поведе прекршочна постапка веднаш по приемот на барањето за поведување на прекршочна постапка, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето. Постапката пред првостепениот суд мора да се заврши во рок од три месеци од денот на поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка. Кога обвинетиот е странец, судот во итна постапка одлучува во најкраток можен рок, но не подолго од три дена од денот на приемот на барањето за поведување на прекршочна постапка. Жалбата изјавена од странецот не го одлага извршувањето на одлуката.

***Контролни прашања:***

1. Кога судот ќе определи устен претрес?

2. Кој се повикува на устен претрес?

3. Кога судот што ја води постапката може да одлучи да се одржи устен претрес во отсуство на обвинетиот?

4. Објасни го испитувањето на обвинетиот!

5. Кои права ги имаат подносителот на барањето, обвинетиот и неговиот бранител и застапникот на правното лице во текот на претресот?

6. Што ако за време на изведувањето на дејствата во прекршочната постапка обвинетиот сторил нов прекршок или се открие порано сторен прекршок?

7. Што е докажување?

8. Кои доказни средства ги опфаќа докажувањето во прекршочната постапка пред судот? Објасни ги!

9. Кога се води скратена постапка?

10. Објасни ја итноста на прекршочната постапка пред судот!

**ГЛАВА III**

# ОДЛУКИ ВО ПРЕКРШОЧНА СУДСКА ПОСТАПКА

***Цели на учењето:*** *опишува постапка за донесување прекршочна судска одлука; разликува видови одлуки во прекршочна судска постапка; набројува составни делови на одлуката.*

***Клучни поими:*** *одлука во прекршочна судска постапка.*

## 1. ДОНЕСУВАЊЕ И СООПШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА

Прекршочната постапка **завршува** со донесување на пресуда или на решение. Пресудата или решението за прекршок се однесува само на лицето за кое се бара поведување на прекршочната постапка и само за прекршокот што е предмет на барањето. Судот не е врзан за предлозите и оцената во однос на правната квалификација на прекршокот. Пресудата или решението за прекршокот се заснова врз изведените докази и фактите утврдени во прекршочната постапка.[95]

## 2. ВИДОВИ ОДЛУКИ

Во прекршочната постапка пред суд се донесуваат **два вида** одлуки, и тоа: пресуда за прекршок и решение.[96]

Со **пресуда за прекршок** обвинетиот **се огласува за виновен** и **му се изрекува прекршочна санкција** или **се ослободува од одговорност**. Ако прекршочната постапка се води за повеќе прекршоци, во пресудата ќе се наведе за кои прекршоци се огласува за виновен и која прекршочна санкција му се изрекува, односно се ослободува од одговорност[97]; додека, пак, со **решение** се запира прекршочната постапка пред суд или се одлучува за трошоците на постапката.

[95] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 112 ст. 1-4, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.
[96] Ибид, чл. 112 ст. 1.
[97] Ибид, чл.113 ст. 1 и 2.

### 2.1. Пресуда со која обвинетиот се ослободува од одговорност

**Пресуда со која обвинетиот се ослободува од одговорност** ќе се донесе ако: [98]

1) Дејството не е прекршок;

2) Обвинетиот не го сторил прекршокот;

3) Постојат околности што ја исклучуваат одговорноста за прекршок;

4) Постапката е водена без барање на овластениот орган;

5) Постапката е водена од стварно ненадлежен суд;

6) Обвинетиот за ист прекршок правосилно е санкциониран во прекршочна постапка или прекршочната постапка правосилно била запрена, но не поради ненадлежност;

7) Обвинетиот во кривична постапка правосилно е огласен за виновен за дело што ги опфаќа и обележјата на прекршокот;

8) Обвинетиот ужива дипломатски имунитет;

9) Настапила застареност за водење на прекршочната постапка;

10) Нема докази дека обвинетиот го сторил прекршокот; и

11) Подносителот на барањето се откажал од барањето пред правосилноста на пресудата за прекршок.

[98] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 114, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

## *Шематски приказ на Пресуда со која обвинетиот се ослободува од одговорност*

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**, преку судијата [redacted], со записничар [redacted], во прекршочниот предмет по барањето за поведување на прекршочна постапка поднесено од МВР на РСМ, СВР-Скопје, Одделение за прекршоци бр.22.21.19/1-7-13529 од 12.05.2022 година, против обвинетиот [redacted] од Скопје, за прекршок предвиден по чл.41 ст.1, а казнив по чл.41 ст.7 од Закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата, согласно чл.73, 104, 113, 114 и 118 од Законот за прекршоците, на ден 01.09.2022 година, донесе

**П Р Е С У Д А**

**ОБВИНЕТИОТ:**

[redacted], од татко /////////, со ЕМБГ ////////////////, роден на //.//.//// година во Скопје, каде и живее на с.//////////////// ул.„///“ бр.//, /////////, државјанин на Р.Северна Македонија, /////////, татко на ///// деца, со завршено високо образование, со лични приходи од //////// денари, прекршочно не казнуван.

**СЕ ОСЛОБОДУВА ОД ОДГОВОРНОСТ**

Согласно чл.114 ст.1 т.10 од Законот за прекршоците

**ЗАТОА ШТО:**

На ден 14.06.2021 година во 11,40 часот на крстосница од ул.„16-та Македонска Бригада“ со ул.„808“ во превец од „Пивара“ према „Пожарна“ во Скопје, управувал со ПМВ марка „Пасат" со рег. број СК-0807-АК, според системот на МВР лична сопственост, при што, движејќи се по ул.„808", кога дошол на горенаведената крстосница, свртел во лево према „Дојрана“ и продолжил со движење неостапувајќи првенство на минување и го попречил движењето на возилата кои се движеле од Автокоманда према „Дојрана“ и кои имале првенство на минување и биле принудени нагло да ја намалат брзината за да избегнат сообракајна незгода.

Со кое дејствие обвинетиота би сторил прекршок предвиден по чл.41 ст.1, а казнив по чл.41 ст.7 од Закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата, бидејќи нема докази дека обвинетиот го сторил прекршокот што му се става на товар.

Трошоците на прекршочната постапка паѓаат на товар на буџетот на Република Северна Македонија согласно чл.118 ст.4 од Законот за прекршоците.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

МВР на РСМ, СВР-Скопје, Одделение за прекршоци на ден 20.05.2022, поднесе барање за поведување на прекршочна постапка бр.22.21.19/1-7-13529 од 12.05.2022 година, против обвинетиот [redacted] од Скопје за прекршок предвиден по чл.41 ст.1, а казнив по чл.41 ст.7 од Закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата во кој се наведува дека за сторениот прекршок биле издадени записник за сторен сообраќаен прекршок бр.101505 и прекршочен платен налог бр.100475 од 14.06.2021 година, кој обвинетиот во законскиот рок од 8 дена не ја платил глобата, со предлог истиот да биде огласен виновен и казнет согласно законот.

Постапувајќи по барањето во скратена постапка судот го испита обвинетиот на ден 15.07.2022 година, кој посочи дека наводите во барањето не се точни, не точно е дека на критичниот ден, време и место бил сопрен од страна на полицијата и дека притоа истите констатирале дека не дал првенство на минување и не го попречил движењето на возилата кои што се движеле од Автокоманда према „Дојрана", посочи дека незнае како е сочинет записникот бидејќи ниту му е врачен прекршочен платен налог, ниту му е даден записник за сторен сообраќаен прекршок и од таа причина смета дека наводите во барањето се произволно дадени, па побара судот да го повика и сослуша работникот на полицијата, а по потреба и да го соочи со истиот.

Судот на ден 01.09.2022, со уредна покана го повика униформираниот полициски службеник [redacted] од ОБПС Скопје, да биде сослушан во својство на сведок, меѓутоа истиот, иако уредно повикан, а ниту пак го оправда неговото недоаѓање.

Судот потоа изврши увид во барањето за поведување на прекршочна постапка, како и во списите приложени кон предметот и тоа во: записник за сторен сообраќаен прекршок бр.101505 и прекршочен платен налог бр.100475 од 14.06.2021 година, па по сеопфатна оценка на приложените докази секој поединечно и сите заедно во една доказна целина а по слободно судиско убедување ценејќи ја и дадената одбрана на обвинетиот, судот ја утврди следната фактичка состојба:

**Остана недокажано дека** на ден 14.06.2021 година во 11,40 часот на крстосница од ул.„16-та Македонска Бригада" со ул.„808" во превец од „Пивара" према „Пожарна" во Скопје, управувал со ПМВ марка „Пасат" со рег. број СК-О807-АК, според системот на МВР лична сопственост, при што, движејќи се по ул.„808", кога дошол на горенаведената крстосница свртел во лево према „Дојрана" и продолжил со движење неостапувајќи првенство на минување и го попречил движењето на возилата кои се движеле од Автокоманда према „Дојрана" и кои имале првенство на минување и биле принудени нагло да ја намалат брзината за да избегнат сообракајна незгода.

Согласно одредбата од чл.114 ст.1 т.10 од Законот за прекршоците, предвидено е дека пресуда со кој обвинетиот се ослободува од

одговорност ќе се донесе ако нема докази дека обвинетиот го сторил прекршокот.

Одлучувајќи по барањето, судот ја ценеше одбраната на обвинетиот кој се произнесе со своите видувања за настанот, а дека според околностите под кои е сторен прекршокот за кој се теретел и дека не се чуствува виновен, па судот во отсуство на други релевантни и веродостојни докази кои би доведле до поинаква фактичка состојба од погоре утврдената, како со недавањето одговор на битните факти на УПС во врска со прекршокот за кој се теретел обвинетиот, се одолговлекува прекршочна постапка и судот не е во можност правилно да донесе одлука без да биде сослушан како сведок унифромираниот полициски службеник, на ваквата одбрана и поклони верба, бидејќи од изведените материјални докази во текот на постапката кои не се во корелација со ваквите наводи од одбранта, не се докажа дека обвинетиот го сторил прекршокот предвиден по чл.41 ст.1, а казнив по чл.41 ст.7 од Закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата, поради што следуваше да се одлучи како во изреката на ова пресуда, а согласно чл.114 ст.1 т.10 од Законот за прекршоците.

Одлуката за трошоците на прекршочната постапка се донесе согласно чл.118 ст.4 од Законот за прекршоците.

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**
**2 ПРК-С-5929/22 од 01.09.2022година**

| Записничар, | Судија, |
|---|---|
| [redacted] с.р. | [redacted] с.р. |

**ПОУКА:** Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на истата преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

Д.Н.
- подносител
- обвинет

### 2.2. Решение за запирање на прекршочната постапка

**Прекршочната постапка се запира** со решение ако:[99]

● Обвинетиот починал;

● Правното лице престанало да постои;

● Судот утврди дека прекршокот е извршен во состојба на непресметливост; и

● Во текот на постапката кај обвинетото лице настапило трајно душевно заболување и во други случаи определени со закон.

[99] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 115 ст. 1 и 2, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

## *Шематски приказ на Решение за запирање на прекршочната постапка*

**Р.**

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ,** преку судијата [redacted], со записничар [redacted], во прекршочниот предмет по барањето за поведување на прекршочна постапка поднесено од МВР на РСМ, Сектор за сообраќајни работи, Мобилна единица за БСП бр.22.2.2.2/18- 3821 од 28.10.2021 година, против обвинетиот [redacted] од ////////, за прекршок предвиден по чл.36 ст.2, а казнив по чл.36 ст.5 од Закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата, согласно чл.65 и чл.102 ст.1 од Законот за прекршоците, на ден 02.09.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ПРОТИВ ОБВИНЕТИОТ:**

[redacted], од татко ///////, со ЕМБГ /////////, роден на ///////// година во Скопје, каде и живее на ул.„/////////" бр.//////, /////////, државјанин на Р.Северна Македонија, //////, татко на ////// деца, со завршено //////// образование, вработен /////, лични месечни приходи //////////////////, прекршочно ///////// казнуван.

**СЕ ЗАПИРА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА**
согласно чл.102 ст.1 од Законот за прекршоците

**ЗАТОА ШТО:**

На ден 01.06.2021 година во 12,00 часот, на автопат Тетово-Скопје, поточно кај клучка Смилковци (Скопје), управувал ПМВ „Голф" со регистарски број СК-2О5-ПС, лична сопственост, при што, со возилото се движел надвор од населено место со брзина од 155 км/ч, која брзина е 35 км/ч поголема од дозволената која на наведеното место со сообраќаен знак е ограничена на 120 км/ч. Брзината е мерена со помош на радар марка „Ласер Кам-4" 292.

Со кое дејствие обвинетиот сторил прекршок предвиден по чл.36 ст.2, а казнив по чл.36 ст.5 од Закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата, бидејќи обвинетиот во законски предвидениот рок ја платил глобата.

Трошоците на прекршочната постапка паѓаат на товар на буџетот на РСМ согласно чл.102 ст.3 од Законот за прекршоците.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

МВР на РСМ, Сектор за сообраќајни работи, Мобилна единица за БСП на ден 24.11.2021 година, поднесе барање за поведување на прекршочна постапка бр.22.2.2.2/18- 3821 од 28.10.2021 година, против обвинетиот [redacted] од ////////// за прекршок предвиден по чл.36 ст.2, а казнив по чл.36 ст.5 од Закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата, со предлог истиот да биде огласен виновен и казнет согласно законот.

Во текот на постапката, на ден 02.09.2022 година судот ја сослуша одбраната на обвинетиот кој посочи дека глобата ја има платено, за што приложи извод од сметка од Стопанска банка АД Скопје, со која се потврдува дека изречената глоба во висина од /////////////// денари ја платил и го замоли судот да го ослободи од вина и ја запре постапката против него, за кој се утврди дека постапил согласно чл.47 ст.5 од Законот за прекршоците и ја платил глобата според платниот налог издаден од службеното лице во износ од една половина т.е. наместо 45 евра според прекшочниот платен налог за наплата на глоба за сторен прекршок издаден од МВР на РСМ бр.091283 од 25.06.2021 година, платил износ од /// евра во денарска противредност од ///////// денари.

Бидејќи обвинетиот во законски предвидениот рок од 8 дена ја платил глобата, согласно чл.102 ст.1 од Законот за прекршоците, судот ја запре прекршочната постапка и одлучи како во изреката на решението.

Одлуката за трошоците на прекршочната постапка се донесе согласно член 102 став 3 од Законот за прекршоците.

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**
**2 ПРК-С-4812/21 од 02.09.2022 година**

Записничар, Судија,
[redacted] [redacted]

**ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на истата преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

Д.Н.
- подносител

### 2.3. Пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен

Во пресудата за прекршок со која **обвинетиот ќе се огласи за виновен**, ќе се наведе:[100]

● за кој прекршок, односно прекршоци на обвинетиот му се изрекува прекршочна санкција, опис на прекршокот и правна квалификација за прекршокот;

● прекршочната санкција што му се изрекува на обвинетиот, односно одлуката за ослободување од санкцијата;

● прекршочни санкции за одделни прекршоци и единствена прекршочна санкција, ако се работи за стек на прекршоци;

● одлуката за конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети;

● одлуката за засметување на задржување;

● одлуката за трошоци на постапката; и

● одлуката за имотно-правно побарување.

Во пресудата за прекршок ќе се утврди рокот во кој треба да се плати глобата и се наведува предупредување за наплата по присилен пат.

[100] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 116 ст. 1 и 2, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

## *Шематски приказ на Пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен*

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ** , преку судијата [redacted], со записничар [redacted], во прекршочниот предмет по барањето за поведување на прекршочна постапка поднесено од МВР на РСМ, СВР-Скопје, Одделение за прекршоци бр.22.21.19/1-7- 14774 од 23.05.2022 година, против обвинетиот [redacted] од Скопје, за прекршок предвиден по чл.228 ст.1, а казнив по чл.228 ст.6 од Закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата вв со чл.141 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службеник весник на РСМ бр.302 од 18.12.2020 година), согласно чл.73, 104, 113, 116 и чл.117 од Законот за прекршоците, на ден 25.08.2022 година, донесе

**П Р Е С У Д А**

**ОБВИНЕТИОТ:**

[redacted] од татко ////, со ЕМБГ ////////, роден на //////// година во Скопје, каде и живее на ул.„///////“ бр./////, ///////, државјанин на Р.Северна Македонија, //////, со завршено ///////// образование, не вработен, со месечни лични приходи од ///////, прекршочно не казнуван.

**В И Н О В Е Н Е**

**ЗАТОА ШТО:**

На ден 27.06.2021 година во 03,10 часот, по ул.„Аминта Трети“ во Скопје, управувал ПМВ марка „Ауди“ со рег.број СК 7517-АК, сопственост на [redacted], и од извршента контрола и испитување со апаратот „Дрегер” број 003, било утврдено дека наведеното возило го управувал под [redacted], односно присуството на алкохолот во организмот на возачот изнесувало 0,94 промили.

Со кое дејствие обвинетиот сторил прекршок предвиден по чл.228 ст.1, а казнив по чл.228 ст.6 од Закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата вв со чл.141 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службеник весник на РСМ бр.302 од 18.12.2020 година), па согласно истиот член и чл.22, 26, 29, и 117 од Законот за прекршоците, судот му

**И З Р Е К У В А**

Прекршочна санкција - глоба во износ од 225 (двеста дваесет и пет) евра, во денарска противвредност од 13.838,00 (тринаесет илјади осумстотини триесет и осум) денари, сметано по средниот курс на НБ на РСМ, во времето на изрекувањето на глобата.

Обвинетиот е должен глобата да ја плати во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, во спротивно ќе се спроведе присилно

извршување согласно Законот за даночна постапка, а согласно чл.117 ст.2 и чл.129 Законот за прекршоците.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** обвинетиот согласно чл.117 ст.1 т.6 и чл.118 ст.1 од Законот за прекршоците, да плати износ од 2.000,00 (две илјади) денари, на име паушални трошоци во постапката во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, во спротивно истите ќе се наплатат по присилен пат.

Обвинетиот глобата да ја плати на сметка 100000000063095, приходна шифра 724153 програма 00, уплатна сметка 840__06852 со примач - Буџет на РСМ. во цел на дознака задолжително повикајте се на **2ПРК-С-7207/22.**

Трошоците во прекршочната постапка што припаѓаат на Основен Кривичен суд Скопје да ги плати на сметка 100000000063095, со банка на примач - НБ на РСМ, со приходна шифра 724132 и програма 20, начин 2, сметка на буџетски корисник-Единка корисник 2901000973__631__10, во цел на дознака задолжително повикајте се на **2ПРК-С-7207/22** и примерок од вирманите да се доставaт до судот на адреса бул.„Гоце Делчев“ бб Скопје.

Согласно чл.228 ст.6 вв со чл.391 од Закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата, на обвинетиот покрај глобата **МУ СЕ ИЗРЕКУВА** и прекршочна санкција Забрана на управување со моторно возило од „Б“ категорија во траење од 3 (три) месеци, која да се изврши по правосилноста на одлуката од страна на надлежен орган на МВР на РСМ согласно Законот за извршување на санкции.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

МВР на РСМ, СВР-Скопје, Одделение за прекршоци, на ден 13.06.2022 година, поднесе барање за поведување на прекршочна постапка бр.22.21.19/1-7-14774 од 23.05.2022 година, против обвинетиот xxxxxxx xxxxxx од Скопје, за прекршок предвиден по чл.228 ст.1, а казнив по чл.228 ст.6 вв со чл.391 од Закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата во кој се наведува дека за сторениот прекршок бил издаден записник за сторен сообраќаен прекршок бр.101539 од 27.06.2021 година, потврда за привремено одземање на возачка дозвола, записник за извршено испитување алкохолисаност кај возач со апарат „Дрегер“ и прекршочен платен налог бр.101769 од 27.06.2021, кој обвинетиот во законскиот определен рок од 8 дена глобата не ја платил, со предлог истиот да се огласи за виновен, и да биде казнет согласно законот.

Постапувајќи по барањето судот во скратена постапка го повика обвинетиот на ден 25.08.2022 година, на кој ден истиот уредно викан се јави, и посочи дека наводите во барањето се точни во целост, точно е дека на критичниот ден, време и место обвинетиот го управувал наведното ПМВ и точно е дека го сторил прекршокот што му се става на товар, појасни дека глобата не ја платил бидејќи е невработен, и побара судот да ја има предвид ова околност и поблаго да го казни, потоа изврши увид во списите приложени кон предметот и тоа во: записник за сторен сообраќаен прекршок бр.101539 од 27.06.2021 година, потврда за привремено одземање на возачка дозвола од 27.06.2021

година , записник за извршено испитување алкохолисаност кај возач со апарат „Дрегер"од 27.06.2021 година и прекршочен платен налог бр.101769 од 27.06.2021, па по сеопфатна оценка на изведените докази ценејќи го секој доказ посебно и сите докази заедно како една доказна целина а по слободно судиско убедување, судот ја утврди следнава фактичка состојба:

Обвинетиот на ден 27.06.2021 година во 03,10 часот, по ул.„Аминта Трети" во Скопје, управувал ПМВ марка „Ауди" со рег.број СК 7517-АК, сопственост на [redacted], при што, од извршента контрола и испитување со апаратот „Дрегер" број 003, било утврдено дека наведеното возило го управувал под дејство на алкохол, односно присуството на алкохолот во организмот на возачот изнесувало 0,94 промили.

Од вака утврдената фактичка состојба установена од изведените докази и дадената одбрана и признание за сторениот прекршок која е во корелација со изведените докази во предметот, судот најде дека во дејствието на обвинетиот се содржани одбележоците на прекршокот предвиден по чл.228 ст.1, а казнив по чл.228 ст.6 од Закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата вв со чл.141 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службеник весник на РСМ бр.302 од 18.12.2020 година), поради што обвинетиот го огласи за виновен и му изрече прекршочна санкција глоба од 225 евра, во денарска противвредност од 13.838,00 денари.

При одмерувањето на висината на глобата ги ценеше околностите од чл.16 од Законот за прекршоците и тоа: тежината на сторениот прекршок и степенот на одговорноста на обвинетиот, зачестеноста на извршување на ваков вид прекршоци, опасноста од истите, неговото однесување по сторениот прекршок , семејната и материјална сосотојба на обвинетиот па смета дека со вака изречена глоба ќе бидат постигнати целите на казнувањето и истиот во иднина нема да стори ваков или сличен прекршок.

Согласно чл.228 ст.6 вв со чл.391 од Закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата и чл. 29 ст. 1 од Законот за прекршоците, на обвинетиот покрај глобата **МУ СЕ ИЗРЕКУВА** и прекршочна санкција Забрана на управување со моторно возило од „Б" категорија во траење од 3 (три) месеци, која да се изврши по правосилноста на одлуката од страна на надлежен орган на МВР на РСМ согласно Законот за извршување на санкции.

Обвинетиот е задолжен да плати паушални трошоци на постапката во износ од 2.000,00 денари, согласно чл.117 ст.1 т.6 и чл.118 од Законот за прекршоците.

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**

**2 ПРК-С-7207/22 од 25.08.2022 година**

Записничар, [redacted]

Судија, [redacted]

**ПОУКА:** Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на истата преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

Д.Н.
- подносител
- обвинет

Верно на оригиналот тврди:

## 3. СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА ОДЛУКИТЕ

Во функција на повисока правна сигурност, Законот за прекршоците пропишува **четири задолжителни составни делови** (елементи) на одлуката (пресуда или решение) што се донесува во прекршочна постапка пред суд, и тоа: **увод, диспозитив, образложение** и **правна поука**.

**Уводот** на пресудата за прекршок го содржи називот на судот што ја донел, име и презиме на судијата што ја донел пресудата, име и презиме на обвинетиот и на бранителот, фирмата, односно називот и седиштето на обвинетото правно лице и прекршокот што е предмет на постапката.[101]

**Диспозитивот** на пресудата за прекршок мора да ги содржи личните податоци на обвинетиот, податоците за обвинетото правно лице, дека обвинетиот е одговорен за прекршок или прекршочната санкција што се изрекува или обвинетиот се ослободува од одговорност.[102]

Кога пресудата за прекршок има **образложение**, судот ќе ги наведе доказите и околностите врз основа на кои ја заснова својата одлука. Пресудата донесена во скратена постапка, како и пресудата со која го признава прекршокот и кога се откажува од правото на жалба, нема образложение. Пресудата содржи и **правна поука**.[103]

[101] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 113 ст. 4, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.
[102] Ибид, чл.113 ст. 5.
[103] Ибид, чл.113 ст. 6-8.

***Резиме:***

Во прекршочна постапка пред суд се донесуваат два вида одлуки, и тоа: пресуда за прекршок и решение. Со пресуда за прекршок обвинетиот се огласува за виновен и му се изрекува прекршочна санкција или се ослободува од одговорност, додека со решение се запира прекршочната постапка пред суд или се одлучува за трошоците на постапката.

Во функција на повисока правна сигурност, Законот за прекршоците пропишува четири задолжителни составни делови (елементи) на одлуката (пресуда или решение) што се донесува во прекршочна постапка пред суд, и тоа: увод, диспозитив, образложение и правна поука.

***Контролни прашања:***

1. Кои видови одлуки се донесуваат во прекршочна постапка пред суд и за што се одлучува со нив?
2. Кога се донесува пресуда со која обвинетиот се ослободува од одговорност?
3. Кога прекршочната постапка се запира со решение?
4. Што се наведува во пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен?
5. Кои се задолжителните елементи на одлуките во прекршочна постапка пред суд?
6. Што содржи уводот на пресудата за прекршок?
7. Што мора да содржи диспозитивот на пресудата за прекршок?
8. Што содржи образложението на пресудата за прекршок?
9. Која пресуда нема образложение?
10. Идентификувајте ги четирите задолжителни елементи на пресудите за прекршок дадени во шематските прикази!

***Задача:***

Составете пресуда за прекршок!

**ГЛАВА IV**

**ПОТРЕБА ОД ВОВЕДУВАЊЕ ПОСЕБНА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА**

***Цели на учењето:*** *објаснува потреба од водење посебна постапка за малолетници; прави разлика во начинот на водење посебна постапка за малолетници и прекршочна судска постапка за полнолетни сторители.*
***Клучни поими:*** *посебна прекршочна постапка.*

## 1. ПОИМ ЗА ПОСЕБНА ПОСТАПКА

Посебна постапка во смисла на воведување посебна прекршочна постапка претставува прекршочната постапка спрема дете (малолетник) што може да се поведе само пред судија за деца ако случајот не е разрешен во претходна постапка на посредување со деца сторители на дејства што со закон се предвидени како прекршоци, во согласност со Законот за прекршоците.

Прекршочната постапка ја води и одлуките ги донесува судијата за деца на надлежниот суд на чиешто подрачје детето има живеалиште или престојувалиште.[104]

## 2. ИЗДВОЈУВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА СПРЕМА МАЛОЛЕТНИК (ДЕТЕ)

И во казнените дела, но и во прекршоците како сторители се јавуваат физичките и правните лица. Кога како сторители се јавуваат физичките лица, тие може да бидат и полнолетни лица, но и малолетни лица, односно деца. Кога дете учествува во извршувањето

[104] Член 137 ст. 2 од Законот за правда за децата.

на дејство што со закон е предвидено како прекршок со полнолетно лице, постапката спрема детето се раздвојува и се води според одредбите на Законот за правда за децата.

Во прекршочната постапка, родителите, односно старателите, како и центарот, имаат право да се запознаат со текот на постапката, да учествуваат во сите дејства што ги презема судијата за деца, да даваат предлози и да укажуваат на фактите што се однесуваат на личноста и приликите во кои живее и се развива детето, а се од важност за донесување на правилна одлука.[105]

Судијата за деца со решение ќе ја запре постапката кога ќе утврди дека детето во времето на извршување на дејството што со закон е предвидено како прекршок не наполнило 14 години и за тоа ќе ги извести родителите, односно старателите на детето и центарот. Решение за запирање на постапката судијата за деца ќе донесе и кога ќе оцени дека дејството што му се става на товар на детето не е дејство што со закон е предвидено како прекршок или постојат околности што го исклучуваат гонењето за дејство што со закон е предвидено како прекршок, определени со Законот за прекршоците, или дека нема доволно докази дека детето сторило дејство што со закон е предвидено како прекршок, како и во случајот кога подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка се откажал од барањето. Против решението подносителот на барањето за поведување прекршочна постапка има право на жалба до Советот за деца на Апелациониот суд.[106]

За секое барање за спроведување на прекршочна постапка судијата за деца ќе побара мислење од центарот. За решението судијата за деца ќе ги извести детето, неговите родители, односно старатели, подносителот на барањето и центарот. Судијата за деца врз основа на мислењето на центарот може да одлучи да не се поведе прекршочна постапка и со решение да го отфрли барањето за поведување на таква постапка ако оцени дека не е целесообразно водењето на постапката со оглед на природата на дејството што со закон е предвидено како прекршок и околностите под кои е сторено, поранешниот живот на детето и неговите лични прилики. За решението судијата за деца ќе ги извести детето, неговите родители, односно старатели, подносителот на барањето и центарот. Против решението

[105] Член 138 од Законот за правда за децата.
[106] Член 139 ст. 1-3 од Законот за правда за децата.

подносителот на барањето за прекршочна постапка има право на жалба до Советот за деца на Апелациониот суд.[107]

## 3. ПОВИКУВАЊЕ НА МАЛОЛЕТНИКОТ (ДЕТЕТО)

Ако се исполнети условите за водење на прекршочна постапка, судијата за деца го повикува детето преку родителите, односно старателите. По сослушувањето на детето, судијата за деца може да предвиди и други дејства заради разјаснување на случајот пропишани со Законот за прекршоците.[108]

По преземањето на потребните дејства и обезбедувањето и оцената на доказите предложени од страна на подносителот на барањето за прекршочна постапка, судијата за деца со решение ќе ја запре постапката ако оцени дека се исполнети условите за тоа. Прекршочната постапка спрема детето завршува со решение со кое на детето му се изрекува воспитна мерка или глоба. Со решението за изрекување воспитна мерка детето се задолжува и да го исполни утврденото имотно-правно барање на оштетениот.[109]

Против решението за запирање на постапката, жалба може да се изјави до Советот за деца на Апелациониот суд од подносителот на барањето за прекршочна постапка.[110]

[107] Член 140 ст. 1-3 од Законот за правда за децата.
[108] Член 141 ст. 1 и 2 од Законот за правда за децата.
[109] Член 142 ст. 1-3 од Законот за правда за децата.
[110] Член 143 ст. 1 од Законот за правда за децата.

***Резиме:***

Посебна постапка претставува прекршочната постапка спрема дете (малолетник) што може да се поведе само пред судија за деца ако случајот не е разрешен во претходна постапка на посредување со деца сторители на дејства што со закон се предвидени како прекршоци, во согласност со Законот за прекршоците.

Прекршочната постапка ја води и одлуките ги донесува судијата за деца на надлежниот суд на чиешто подрачје детето има живеалиште или престојувалиште.

Кога дете учествува во извршувањето на дејство што со закон е предвидено како прекршок со полнолетно лице, постапката спрема детето се раздвојува и се води според одредбите на Законот за правда за децата.

Во прекршочната постапка, родителите, односно старателите, како и центарот, имаат право да се запознаат со текот на постапката, да учествуваат во сите дејства што ги презема судијата за деца, да даваат предлози и да укажуваат на фактите што се однесуваат на личноста и приликите во кои живее и се развива детето, а се од важност за донесување на правилна одлука.

Судијата за деца со решение ќе ја запре постапката кога ќе утврди дека детето во времето на извршување на дејството што со закон е предвидено како прекршок не наполнило 14 години и за тоа ќе ги извести родителите, односно старателите на детето и центарот. Решение за запирање на постапката судијата за деца ќе донесе и кога ќе оцени дека дејството што му се става на товар на детето не е дејство што со закон е предвидено како прекршок или постојат околности што го исклучуваат гонењето за дејство што со закон е предвидено како прекршок, определени со Законот за прекршоците, или дека нема доволно докази дека детето сторило дејство што со закон е предвидено како прекршок, како и во случајот кога подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка се откажал од барањето. Против решението подносителот на барањето за поведување прекршочна постапка има право на жалба до Советот за деца на Апелациониот суд.

Ако се исполнети условите за водење на прекршочна постапка, судијата за деца го повикува детето преку родителите, односно старателите. По сослушувањето на детето, судијата за деца може да предвиди и други дејства заради разјаснување на случајот пропишани со Законот за прекршоците.

***Контролни прашања:***

1. Поим за посебна постапка!
2. Кој ја води посебната постапка?
3. Објасни го раздвојувањето на прекршочната постапка спрема дете!
4. Кои права ги имаат родителите, односно старателите во прекршочна постапка спрема дете?
5. Кога судијата за деца со решение ќе ја запре постапката?
6. Објасни го повикувањето на малолетникот!

**МОДУЛАРНА ЕДИНИЦА 3**

**ВТОРОСТЕПЕНА СУДСКА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА**

**ГЛАВА I**

**ПОСТАПКА ПО РЕДОВЕН И ПО ВОНРЕДЕН ПРАВЕН ЛЕК**

***Цели на учењето:*** *дефинира редовен правен лек; прецизира законски рок во кој се вложува редовен правен лек; набројува вонредни правни лекови; означува законски рокови за вложување вонредни правни лекови; набројува услови за вложување редовни и вонредни правни лекови; ја разбира потребата од вложување правен лек; набројува составни делови на жалба.*

***Клучни поими:*** *правни лекови.*

## 1. РЕДОВНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

Правото на правен лек е универзално право на човекот и граѓанинот[111] бидејќи ова право го познаваат речиси сите законодавства во светот. Во оваа насока, Уставот на РСМ во членот 15 го гарантира правото на жалба против поединечните правни акти донесени во постапка во прв степен пред суд[112].

Под **правни лекови** се подразбираат процесни дејства со кои овластеното лице оспорува одлука (пресуда или решение) донесена во прекршочна постапка пред судот.

Сите правни лекови **се делат** во две основни групи, и тоа: редовни и вонредни.

**Редовни правни лекови** се оние со чие изјавување се одлага извршувањето на одлуката против која се изјавени. Во нашата прекршочна постапка пред судот **жалбата** е единствен редовен правен лек. Изјавувањето на **вонредните правни лекови** е по исклучок

[111] Tadija Bubalovič, Pravo na žalbu u kaznenom postupku, Sarajevo, 2006, стр. 1.
[112] Устав на РСМ, член 15, достапен на интернет на линкот: https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf.

против правосилни судски одлуки. Во нашата прекршочна постапка пред судот вонредни правни лекови се: **барање за повторување на прекршочната постапка** и **барање за заштита на законитоста**. Правните лекови, исто така, **се делат** на суспензивни и несуспензивни. Со **суспензивните** правни лекови се одлага извршувањето на одлуката против која се изјавени. Вонредните правни лекови **немаат** суспензивно дејство. Понатаму, правните лекови **се делат** на деволутивни и ремонстративни. **Деволутивни** се оние правни лекови кога по изјавениот правен лек одлучува друго, повисоко тело од она чија одлука се оспорува. Жалбата е деволутивен правен лек. **Ремонстративни** се оние за кои по изјавената жалба одлучува органот кој ја донел самата одлука[113].

**Жалбата** до второстепениот суд **е единствениот** редовен правен лек во нашата прекршочна постапка пред судот со кој се поведува второстепена прекршочна постапка. **Рокот** за изјавување на жалба е **осум дена** од денот на приемот на одлуката[114].

Бидејќи Законот за прекршоците во член 2 ст. 2 пропишува дека судовите во прекршочната постапка ги применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка што се однесуваат на редовни и на вонредни правни лекови, Законот за кривичната постапка го регулира **прашањето за субјектите што можат да изјават жалба**.

Во оваа насока, жалба **можат да изјават** странките, бранителот, законскиот застапник на обвинетиот и оштетениот. Во корист на обвинетиот жалба можат да изјават и неговиот брачен, односно вонбрачен другар, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител. Јавниот обвинител може да изјави жалба како на штета, така и во корист на обвинетиот. Оштетениот може да ја побива пресудата во однос на одлуката за трошоците на кривичната постапка, а доколку е досудено имотноправно побарување и во тој дел. Жалба може да изјави и лицето чиј предмет е одземен или од кое е конфискуван имот или имотна корист прибавена со кривичното дело, како и правното лице на кое му е изречено одземање на имотната корист[115].

---

[113] Гордан Калајџиев; Гордана Лажетиќ; Лидија Неделкова; Маја Денковска; Мери Тромбева; Тодор Витларов; Павлина Јанкуловска; Дељо Кадиев; Коментар на Законот за кривична постапка, Скопје, 2018, стр, 839-840.

[114] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 124 ст. 1 и член 126 ст. 1, достапен на интернет на линкот:
https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

[115] Закон за кривична постапка, член 411.

Според Законот за прекршоците, во прекршочната постапка по редовни правни лекови бранителот **мора** да приложи полномошно, а ако бранителот не приложи полномошно, се смета дека поднесениот правен лек е **неуреден**. Во постапката по редовни правни лекови странката **не може** да предлага нови докази за кои знаела и можела да ги предложи во првостепената прекршочна постапка[116].

[116] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 125, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

Адвокат
[redacted]

АДВОКАТ
[redacted]
бр. 03-1163
29.11.2022 год.
СКОПЈЕ

ЗА СУДОТ
[redacted]
Ул. Васил Главинов 3/1-2
1000 Скопје-Центар
www.medarskilaw.com
info@medarskilaw.com
Т: +389(0)23223253

ВРСКА: 10ПРК-С-2034/20

ПРИМЕНО
30-11-2022
ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

ДО
АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

ПРЕКУ
ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

Врз основа на чл. 2 ст.2 и чл.124 од Законот за прекршоците, чл.411 ст.1 и чл.414 од Законот за кривичната постапка, како бранител на обвинетата [redacted] поднесувам

ЖАЛБА

Против Пресудата на Основниот кривичен суд Скопје 10ПРК-С-2034/20 од 21.09.2022 година

ПОРАДИ:

- суштествени повреди на одредбите од Законот за прекршоци и Законот за кривичната постапка
- поради погрешно утврдена фактичка состојба
- поради повреда на материјалното право
- поради одлука за санкцијата

Образложение

Основниот кривичен суд Скопје постапувајќи по Барање за поведување на прекршочна постапка бр. 22.21.19/1-5-2080 од 07.02.2020 година на МВР-СВР Скопје, Одделение за прекршоци, донесе Пресуда 10 ПРК-С-2034/20 од 21.09.2022 година, со која обвинетиот [redacted] од Куманово го огласи за виновен за сторен прекршок предвиден по чл.41 ст.1, а казнив по чл.41 ст.7 в.в чл.390 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, поради што судот изрекол прекршочна санкција-ГЛОБА во износ од 3.075,00 денари и ЗАБРАНА на управување со моторно возило од "Б" категорија во траење од 30 (триесет) дена. Обвинетиот се задолжува да плати износ од 2.750,00 денари на име трошоци во постапката во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, во спротивно истите ќе се наплатат по присилен пат.

Адвокат
[redacted]

[redacted]
Ул. Васил Главинов 3/1-2
1000 Скопје-Центар
www.medarskilaw.com
info@medarskilaw.com
Т: +389(0)23223253

Незадоволен од ваквата пресуда, во смисла на чл. 2 ст.2 и чл.124 од Законот за прекршоците, чл.411 ст.1 и чл.414 од Законот за кривичната постапка, во законски предвидениот рок ја поднесувам жалбата, поради следното:

Првостепениот суд стори суштествена повреда на Законот за прекршоците во смисла на чл.44. Имено, согласно ст.2 од истиот член, надлежните органи овластени за поведување на прекршочна постапка се должни да му предложат на сторителот на прекршокот постапка за порамнување или спогодување пред да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка, доколку тоа е определено со закон. Со оглед да во текот на оваа постапка доказ за предлог за постапка за порамнување или спогодување во смисла на чл.45 од истиот закон не беше изведен, ниту таква постапка е спроведена претходно, судот стори суштествена повреда на постапката, со оглед да не постапи во смисла на чл.44 ст.3 од Законот за прекршоците, односно не го врати барањето за спроведување прекршочна постапка до подносителот.

Исто така, со вака донесената пресуда сторена е и суштествена повреда на одредбите на постапката, со оглед да е повредено правото на одбрана од чл.105 од Законот за прекршоци и се повредени <u>елементарните основни права на секој обвинет предвидени во чл.70 од Законот за кривичната постапка и чл.6 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи</u>, а како во случајов истиот не можеше да ја изнесе својата одбрана односно, Судот со бледо образложение дека од списите на предметот доволно се утврдила фактичката состојба, не било потребно да се испитаат предложените сведоци од страна на одбраната на обвинетиот. Со ваквото арбитрерно постапување, Судот не му даде можност на обвинетиот да ги испита сведоците во негова корист, односно не му дозволи да ја претстави својата одбрана на соодветен начин, со што го повреди елементарното право на обвинетиот да предлага докази во негова корист на ист и еднаков начин како подносителот на барање
еднаквост на оружјат

Освен претходно наведената суштествена повреда на кривичната постапка<u>, Судот сторил и суштествена повреда на постапката и по чл.415 ст.1 т.11, односно пресудата е нејасна, противречи самата себе, во неа ВООПШТО не се наведени причините за решавачките факти и докази изведени на главната расправа, па како таква и со сигурност не може да се испита.</u>

Иако станува збор за скратена постапка согласно Законот за прекршоци, оваа пресуда содржи образложение, но Судот воопшто не постапил во смисла на чл.113 ст.6 од Законот за прекршоци, односно ВООПШТО НЕ НАВЕЛ од кои околности и кои факти произлегуваат од изведен[redacted]а да со сигурност се утврди прекршочната
ување е спротивно и особено на

Адвокат
[redacted]

Адвокат [redacted]
[redacted] 3/1-2
1000 Скопје-Центар
www.medarskilaw.com
info@medarskilaw.com
T: +389(0)23223253

чл.408 ст.6 од ЗКП, каде е предвидено дека во образложението на пресудата судот ќе ги изнесе причините за секоја точка од изреката, а особено фактите што ги цени како докажани или недокажани, од кои докази ги утврдил тие факти, од кои причини не уважил одделни предлози на странките, од кои причини се раководел при решавање на правните прашања и кои околности ги зел предвид при одмерувањето на казната. Доколку го погледнете образложението на пресудата, ништо од предвиденото во овој член не е содржано во истото.

Со оглед на претходно наведеното, произлегува дека ваквата пресуда воопшто не може да се испита, тотално е нејасна, некомплетна, конфузна, па се доведува во прашање и нејзината законитост.

Сторените суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка имале влијание и при погрешно утврдување на фактичката состојба, со оглед да решавачките факти воопшто не се утврдени.

Одбраната заедно со обвинетиот [redacted] изврши увид во списите од предметот, па со оглед на тоа со сигурност тврдиме дека во списите од предметот постои доказ – кој судот не го изведе и воопшто не го ценел при донесување на пресудата, а кој е од есенцијална важност за оваа постапка. Имено, од тој доказ произлегува дека по извршените анализи произлегува дека обвинетиот [redacted] управувал ПМВ Волксваген Голф со ознаки СК-764-УИ под дејство на наркотични средства – марихуана, опијати и кокаин. Овој факт воопшто ниту е земен во предвид ниту пак е ценет во насока на утврдување дали за случениот настан воопшто обвинетиот [redacted] остварил обележје на некој прекршок од законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата, со оглед да и во фотографиите во албумот доставен прилог на барањето за поведување на прекршочна постапка, апсолутно, недвосмислено може да [redacted]ка токму обвинетиот РАМИ ДЕМИР со предниот дел од возилото удрил во десната страна од ПМВ Тојота РАВ 4 со ознаки СК-8595-АМ кое го управувал обвинетиот [redacted]. Доколку пак внимателно се погледнат фотографиите, ќе се забележи дека постојат и траги на кочење во насока на движење на ПМВ Волксваген Голф со ознаки СК-764-УИ, кои ниту е измерена нивната должина, ниту врз основа на тоа е измерена брзината на движење, со што се доведува под сомневање фактичката состојба, која патем, во образложението на оваа пресуда не е ни правилно опишана.

Доколку со внимателност се опишела фактичката состојба и се појаснело од кои докази се утврдиле фактите, можело со сигурност да се утврди дека позади ПМВ Тојота РАВ 4 со ознаки СК-8595-АМ кое го управувал обвинетиот [redacted] воопшто нема траги на кочење, што донесено во корелација со исказот на обвинетиот каде што опиша дека РАМИ ДЕМИР со голема брзина го удрил, а притоа во моментот на ударот на паркингот имало

Адвокат
[redacted]

Адвокат [redacted]
Ул. Васил Главинов 3/1-2
1000 Скопје-Центар
www.medarskilaw.com
info@medarskilaw.com
T: +389(0)23223253

паркирани автомобили, недвосмислено ќе се утврдеше дека кај обвинетиот [redacted] воопшто нема никаква одговорност за овој настан.

Токму и на околност за појаснување на настанот беше предложен и сведокот [redacted], кој критичниот момент бил совозач на обвинетиот [redacted], кој седел на седиштето од десната страна, односно од страната од која обвинетиот Рами Демир со возилото кое управувал удрил во возилото управувано од обвинетиот [redacted], меѓутоа, како што претходно наведовме, Судот повредувајќи го правото на обвинетиот да предлага сведоци, таквиот предлог го одби како непотребен.

Поради вака погрешно утврдената фактичка состојба, судот погрешно го применил и материјалното право, односно погрешно го огласил за виновен за прекршок од чл.41 ст.1 казнив по чл.41 ст.7 в.в чл.390 од Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

(1) Имено, во чл.41 е предвидено дека На крстосница на патишта од иста важност или во пресрет со друго возило, возачот е должен да го пропушти возилото што наидува од неговата десна страна.

Судот пропуштил да утврди дека настанот не е случен на крстосница на патишта, туку сообраќајната незгода е на необележан паркинг, без обележани насоки на движење, без никаква хоризонтална и вертикална сигнализација, па со оглед на тоа, местото на настанот не претставува ниту крстосница, ниту пат во согласност со значењето на изразите од чл.2, за да може евентуален прекршок да се подведе под овој член од наведениот закон.

Имајќи предвид се претходно наведено, а со оглед на основаноста на жалбените наводи, предлагам Апелациониот суд Скопје, обжалената пресуда да ја укине и предметот

Скопје, 29.11.2022 година

[redacted]
Бранител
[redacted]
Скопје - Центар, Центар
Лиценца Бр. 1872

Прилог: Полномошно од обвинетиот Марио Мициќ во оригинал, сертификат за дигитален потпис и Решение за ДДВ обврзник.

ТРОШКОВНИК:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ
СЕКТОР ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ И МИГРАЦИИ
ОТСЕК ЗА ПРЕКУГРАНИЧЕН КРИМИНАЛ,МИГРАЦИИ,СТРАНЦИ И
РЕАДМИСИЈА ТЕТОВО
16.12.2022 година
Т Е Т О В О

ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО
GJYKATA THEMELORE TETOVË
ПРИМЕНО
PRANUAR
На/Më 19. 12. 2022 г./v.
Примил/Pranoi

Ев.бр.22.17.4.3-1229/22

ПРЕКУ
ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО
Т Е Т О В О

ДО
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР
Г О С Т И В А Р

Ж А Л Б А

Од МВР на РСМ,РЦ за ГР Север,ОПКМСР Тетово,против Пресудата на Основниот суд Тетово ПРК.бр.7256/22-С од 15.12.2022 година , со која пресуда на обвинетите за сторени прекршоци по член 23 став 3 а в.в. со член 67 став 4 ,член 147 став 1 т.2 а казниво по член 217 став 1 т.2 и 6 како и прекршок по член 190 став 3 а казниво по член 218 став 1 т.8 од законот за странците , согласно членовите 117, 118 и 129 од Законот за прекршоците , не и се изрекува прекршочна санкција „протерување на странец од земјата„.

Врз основа на член 124 ст.1 од Законот за прекршоците и член 376 од Законот за кривична постапка,ја обжалуваме горенаведената Пресуда.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ОПКМСР Тетово како подносител на барањето за поведување на прекршочна постапка бр.22.17.4.3-464 од 15.12.2022 година против обвинетата :

1.[redacted] од т. [redacted] и м.[redacted] родена на [redacted] година во [redacted] ,Бугарија , државјанин на Р.Бугарија носител на ПИ бр.[redacted] издадена на 13.12.2018 година во Бугарија и ЛК бр.[redacted] издадена на 13.12.2018 година со важност до 13.12.2028 година во Бугарија ,за сторени прекршоци по член 23 став 3 а вв со член 67 став 4 и член 147 став 1 т.2 а казниво по член 217 став 1 т.2 и 6 и прекршок по член 190 став 3 а казниво по член 218 став 1 т.8 од законот за странците ,не е задоволен од одлуката во Пресудата на Основниот суд Тетово,во делот на,

не изрекување на санкција „протерување на странец„ од територијата на Р.С.Македонија.Имено судот нецелосно ја утврдил фактичката состојба во делот на прекршоците што и се ставаат на товар на обвинетата .

Во делот на прекршокот по член 23 став 3 а в.в. со член 67 став 4 а казниво по член 217 став 1 точка 2 од Законот за странци оценуваме дека судот нецелосно ја утврдил фактичката состојба, имено горенаведената странска државјанка во РСМ дошла очигледно да работи и престојува спротивно на целта за која и е оддобрен туристички престој, истата во моментот на контролата е пронајдена во угостителскиот објект „[redacted]„ како работи а воедно при разговорот истата се произнесува дека подолг период работи во истиот угостителски објект.во делот на прекршокот по член 147 став 1 т.2 а казниво по член 217 став 1 т.6 од ЗС ,судот нецелосно ја утврдил фактичката состојба имено горенаведената странска државјанка веќе престојувала 90 дена во 180 дена и истата не ги испочитувала законските одредби 90 ден веќе да ја напушти РСМ туку продолжува да престојува спротивно на законските одредби,во делот на прекршокот по член 190 став 3 а казниво по член 218 став 1 т.8 од ЗС ,судот нецелосно ја утврдува фактичката состојба со тоа што истата при остварување на влез во РСМ се упатила во Тетово туристичкиот престој го пријавува кај нејзин позханик во с.[redacted] а додека престојува во стан под Кирија во Тетово на ул„120 " во склоп на РЕ-Мол во Тетово

Обвинетата [redacted] и предходно во повеќе наврати била затекната и приведена за исти и слични прекршоци за што истата во два наврати е санкционирана со протерување од Р.СМ.со забрана за влез поради нелегална работа и илегален влез во РСМ . Истото нешто е наведено и во барањето за поведување на ПП како и во самата ПП и до ОС доставени се како доказ односно копие од претходно изречените мерки забрана за влез во РСМ. Од горенаведеното произлегува дека ОС -Тетово ја ценел и поклонил целосна доверба само на изјавите на обвинетата која е повеќекратен рецидивист и тоа истата постојано се приведува во угостителски објект

Според погореизнесеното сметаме дека ослободувањето на обвинетите од „прекшочна санкција„ протерување на странец од територијата на РСМ не е соодветна на тежината на прекршоците и дека со ослободувањето не се постигнуваат целите на казнувањето како на индивидуален така и на генерален план и постои можност од повторување на делото од страна на истата .

Од горенаведеното предлагаме Апелациониот суд во Гостивар да ја уважи жалбата на ОПКМСР Тетово, ја преиначи пресудата на ОС Тетово и на обвинетите им изрече и прекршочна санкција „протерување странец„ со забрана за влез.

НАЧАЛНИК НА ОПКМСР ТЕТОВО

[redacted]

## 2. ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

**Вонредните правни лекови** се поднесуваат против правосилни судски одлуки и имаат за цел да се измени материјалната правосилност на донесената пресуда – создавање право со судска одлука што е резултат од примена на општите законски одредби врз конкретен случај. Вонредните правни лекови може да се поднесат **по исклучок**. Имено, тие не се дозволени за каков било недостаток, туку **само за** недостатоци што се особено значајни и водат кон измена на правосилната судска одлука. Судот што има надлежност да одлучува за вонредниот правен лек има можност да го одбие како неоснован доколку оцени дека основот за неговото поднесување не е особено значаен и не води кон измена на правосилната судска одлука (пресуда или решение)[117].

Во нашата прекршочна постапка пред судот вонредни правни лекови се: **барање за повторување на прекршочната постапка** и **барање за заштита на законитоста**[118].

[117] Гордан Калајџиев; Гордана Лажетиќ; Лидија Неделкова; Маја Денковска; Мери Тромбева; Тодор Витларов; Павлина Јанкуловска; Дељо Кадиев; Коментар на Законот за кривична постапка, Скопје, 2018, стр. 904-905.
[118] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ", бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 124 ст. 2, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

**_Шематски приказ на Барање за повторување на прекршочната постапка_**

[redacted]
Адвокатско друштво

не е прз. Н.И.

ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО
GJYKATA THEMELORE TETOVË
ПРИМЕНО
PRANUAR
На/Më 16. 12. 2022 г/v.
Примил/Pranoj

Врска: ПРК-С-[redacted]

До:
Основен суд Тетово

## БАРАЊЕ ЗА ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

**од [redacted] од Белорусија,**
**со датум на раѓање 18.10.1998 година, со број на пасош [redacted] издаден од Министерство за внатрешни работи на Белорусија**
*преку Адвокатско друштво [redacted] Адвокати од [redacted], преку адвокат [redacted],*

**СО ПРЕДЛОГ:** Да се дозволи повторувањето на постапката пред Основниот суд Тетово, завршена со пресуда ПРК-С-2867/22 од 11.04.2022 година.

***Образложение***

Со пресуда на Основниот суд Тетово ПРК-С-2867/22 од 11.04.2022 година тука барателот се огласува за виновен за прекшок сотер со надминување на туристичкиот престој во РСМ, со кои дјствија бил сторен прекршок по член 147 ст. 1 т. 7, а казнив по член 217 ст.7 т.6 од Законот за странци.

Согласно наведното била изречена глоба од во износ од 300 евра во денарска противвредност од по 18.450,00 денари и прекршочна санкција протерување на странец од земјата.

Видно од пресудата е дека станува збор за странски државјанин. По направениот увид во предметот е констатирано дека не бил присутен преведувач кој ќе ја објасни ситуацијата и ќе даде соодветно образложение на тука барателот.

Оттука, јасно е дека е постапено во спротивност со член 9 ст.2 од ЗКП, в.в. со член 2 ст.2 од ЗП.

Во повторената постапка со соодветен превод тука барателот би имала можност да ангажира и свој бранител и да даде соодветна одбрана што не било случај во веќе завршената постпка.

***ПРИЛОГ:*** *Полномошно;*
*Пасош;*

Поради ова бараме постапката да се повтори, како обвинетата би можела да има соодветна одбрана.

За барателот,
полномошник,

[redacted]
Адвокатско друштво

ул. [redacted]

## 3. УСЛОВИ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ РЕДОВНИ И ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

Пресудата може да се побива со **жалба** поради:

● Суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка;

● Погрешно утврдена фактичка состојба;

● Повреда на Кривичниот законик; и

● Одлука за кривичните санкции, за одземање на имотна корист, за трошоците за кривичната постапка, за имотноправните барања, како и поради одлука за објавување на пресудата преку печатот, радиото или телевизијата[119].

**Барањето за повторување на прекршочната постапка** е вонреден, несуспензивен и недеволутивен правен лек со кој под определени услови се побиваат правосилни судски одлуки. Судски одлуки за кои може да се бара повторување на постапката се правосилните пресуди и решенија. Повторување на постапката може да се бара **само поради** фактички прашања, а не и поради повреда на одредби од материјалниот или од процесниот закон. Поаѓајќи од тоа дека целта на овој вонреден правен лек е корекција на неправилни судски одлуки, тој може да се употреби како во корист, така и на штета на осудениот. Ова барање може да го поднесат странките и бранителот, а по смртта на осудениот барање може да поднесат јавниот обвинител, ако постапката се водела по негово барање, или лицата блиски на починатото осудено лице. Повторувањето на постапката има **за цел** правосилно осуденото лице да биде ослободено или осудено по поблаг закон или повторно да се испита правосилната пресуда. **Не постои единствен рок** за поднесување на барањето за повторување на постапката, туку рокот зависи од повеќе околности: дали повторувањето се бара во корист или на штета на осудениот; дали пресудата била донесена во отсуство; дали барањето се поднесува додека осудениот е жив или по неговата смрт; застареност на кривичното гонење и др[120].

Против правосилни судски одлуки јавниот обвинител на Република Северна Македонија може да поднесе **барање за заштита на законитоста** ако се повредени Уставот на Република Северна Македонија, законот или меѓународен договор, ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија. **Барањето за заштита на**

[119] Закон за кривична постапка, член 414.
[120] Гордан Калајџиев; Гордана Лажетиќ; Лидија Неделкова; Маја Денковска; Мери Тромбева; Тодор Витларов; Павлина Јанкуловска; Дељо Кадиев; Коментар на Законот за кривична постапка, Скопје, 2018, стр. 906-907.

**законитоста** е вонреден, несуспензивен и деволутивен правен лек со кој јавниот обвинител може да ги напаѓа правосилните судски одлуки ако со нив се повредени Уставот, законот и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Барањето за заштита на законитоста поднесено од јавниот обвинител на Република Северна Македонија се поднесува до Врховниот суд на Република Северна Македонија, кој за барањето одлучува на седница[121].

## 4. СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА ПРАВНИТЕ ЛЕКОВИ

Во однос на **составните делови** на правните лекови, односно на жалбата како единствен редовен правен лек во нашата прекршочна постапка пред судот, Законот за кривичната постапка го регулира прашањето за содржината на жалбата.

Имено, жалбата **треба да содржи**:

● Означување на пресудата против која се изјавува жалбата;

● Основ за побивање на пресудата;

● Образложение на жалбата;

● Предлог побиваната пресуда наполно или делумно да се укине или да се преиначи;

● Потпис на лицето што изјавува жалба[122].

Во Коментарот на Законот за кривична постапка се подвлекува дека, **жалбата мора да биде составена** така што да може да послужи како основ за испитување на пресудата што се напаѓа (иако постои обврска за второстепениот суд да ја испитува пресудата по службена должност, а не само во оној дел кој се побива со жалбата). Законската содржина на жалбата е сведена на **најнужни елементи** кои, во суштина, му помагаат на жалителот да му се олесни користењето на овој правен лек. Еден од **основните елементи** е наведување на бројот и датумот на пресудата што се напаѓа, како и судот што ја донел обжалената пресуда. **Друг елемент** е наведување на законската основа поради која се напаѓа пресудата. Овој законски елемент, во суштина, значи правно квалификување на повредата на која се повикува подносителот на жалбата. Постојат неколку основи за повреда на материјалното право и значително поголем број суштествени повреди на одредбите на кривичната

---

[121] чл.457 и 458 од Законот за кривична постапка

[122] чл.413 од Законот за кривична постапка

постапка кои секогаш, ако жалбата ја поднесува самиот обвинет, со оглед на фактот што не му се познати, не би му користеле на второстепениот суд. Но затоа пак, од друга страна, постојат законски обврски на второстепениот суд да внимава по службена должност на повреди на кривичната постапка и повреда на материјалното право кога тие се направени на штета на обвинетиот. Од особена важност во постапката по жалба **е образложението** како законски елемент на жалбата. Во него поблиску се опишуваат и се објаснуваат причините поради кои жалителот ги оправдува жалбените основи по кои ја оспорува нападнатата првостепена одлука. Жалителот е должен во жалбата **да го стави и предлогот**, односно каква одлука бара од второстепениот суд: укинување или преиначување на првостепената пресуда (потполно или делумно)[123].

[123] За повеќе види во: Гордан Калајџиев; Гордана Лажетиќ; Лидија Неделкова; Маја Денковска; Мери Тромбева; Тодор Витларов; Павлина Јанкуловска; Дељо Кадиев; Коментар на Законот за кривична постапка, Скопје, 2018, стр. 846.

***Резиме:***

Правото на правен лек е универзално право на човекот и граѓанинот бидејќи ова право го познаваат речиси сите законодавства во светот. Во оваа насока, Уставот на РСМ во членот 15 го гарантира правото на жалба против поединечните правни акти донесени во постапка во прв степен пред суд.

Под правни лекови се подразбираат процесни дејства со кои овластеното лице оспорува одлука (пресуда или решение) донесена во прекршочна постапка пред судот.

Сите правни лекови се делат во две основни групи, и тоа: редовни и вонредни.

Редовни правни лекови се оние со чие изјавување се одлага извршувањето на одлуката против која се изјавени. Во нашата прекршочна постапка пред судот жалбата е единствен редовен правен лек. Изјавувањето на вонредните правни лекови е по исклучок против правосилни судски одлуки. Во нашата прекршочна постапка пред судот вонредни правни лекови се: барање за повторување на прекршочната постапка и барање за заштита на законитоста.

Жалбата до второстепениот суд е единствениот редовен правен лек во нашата прекршочна постапка пред судот со кој се поведува второстепена прекршочна постапка. Рокот за изјавување на жалба е осум дена од денот на приемот на одлуката.

Бидејќи Законот за прекршоците во член 2 ст. 2 пропишува дека судовите во прекршочната постапка ги применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка кои се однесуваат на редовни и на вонредни правни лекови, Законот за кривичната постапка го регулира прашањето за субјектите што можат да изјават жалба.

Вонредните правни лекови се поднесуваат против правосилни судски одлуки и имаат за цел да се измени материјалната правосилност на донесената пресуда – создавање право со судска одлука што е резултат од примена на општите законски одредби врз конкретен случај. Вонредните правни лекови може да се поднесат по исклучок. Имено, тие не се дозволени за каков било недостаток, туку само за недостатоци што се особено значајни и водат кон измена на правосилната судска одлука.

Во однос на составните делови на правните лекови, односно на жалбата како единствен редовен правен лек во нашата прекршочна постапка пред судот, Законот за кривичната постапка го регулира прашањето за содржината на жалбата. Имено, жалбата треба да содржи: означување на пресудата против која се изјавува жалбата; основ за

побивање на пресудата; образложение на жалбата; предлог побиваната пресуда наполно или делумно да се укине или да се преиначи, и потпис на лицето што изјавува жалба.

***Контролни прашања:***

1. Зошто правото на правен лек е универзално право на човекот и граѓанинот?

2. Поим и видови правни лекови!

3. Кои се редовните и вонредните правни лекови во нашата прекршочна постапка пред судот?

4. Суспензивни и несуспензивни и деволутивни и ремонстративни правни лекови.

5. Кој е рокот за изјавување на жалба?

6. Кои субјекти можат да изјават жалба?

7. Кога пресудата може да се побива со жалба?

8. Објасни го барањето за повторување на прекршочната постапка!

9. Објасни го барањето за заштита на законитоста!

10. Што треба да содржи жалбата?

11. Како треба да биде составена жалбата?

***Задача:***

Составете жалба до второстепениот суд!

## ГЛАВА II

## ВТОРОСТЕПЕНА ПРЕКРШОЧНА СУДСКА ПОСТАПКА

***Цели на учењето:*** *идентификува орган што постапува по правните лекови; елаборира постапка по жалба пред првостепен и пред второстепен суд; анализира постапка по вонредни правни лекови; разликува првостепена и второстепена одлука.*
***Клучни поими:*** *второстепена одлука.*

### 1. ПОСТАПКА ПО ЖАЛБА И ПО ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

**Прекршочната постапка по редовни правни** лекови ја води совет од тројца судии во апелационите судови. Прекршочната постапка за поднесено **барање за заштита на законитоста** ја води совет од тројца судии во Врховниот суд. Прекршочната постапка за поднесено **барање за повторување на постапката** ја води кривичен совет од тројца судии во основниот суд. Во прекршочната постапка по редовни и по вонредни правни лекови, бранителот мора да приложи полномошно, а ако бранителот не приложи полномошно, се смета дека поднесениот правен лек е неуреден. Во постапката по редовни и по вонредни правни лекови, странката не може да предлага нови докази за кои знаела и можела да ги предложи во првостепената прекршочна постапка[124].

[124] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 73 и член 125 ст. 1 и 2, достапен на интернет на линкот: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

***Шематски приказ на Решение по барање за повторување на прекршочната постапка***

**ПРК.ПОВ.бр.10/22**

**ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО,** во Совет составен од ВД Претседателот на судот – советот [redacted] и членовите на советот – судиите [redacted] и [redacted], со помлад судски соработник [redacted] како записничар, одлучувајќи по Барањето за повторување на прекршочната постапката завршена со Пресуда (во скратена постапка) ПРК.бр.[redacted] од 18.02.2021 година, правосилна од 15.03.2021 година, поднесено од осудените [redacted] со ЕМБГ-[redacted], роден на ден [redacted] година во Тетово, а со место на живеење во с.[redacted], [redacted] со ЕМБГ-[redacted], роден на ден [redacted] година во Тетово, а со место на живеење во с.[redacted] ул.[redacted] и [redacted] со ЕМБГ-[redacted], роден на ден [redacted] година во Тетово, а со место на живеење во с.[redacted] за прекршок казнив по чл.11 ст.1 од ЗППЈРМ, на нејавна седница одржана на ден 28.11.2022 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за повторување на прекршочната постапка поднесно од осудените [redacted] со ЕМБГ-[redacted], роден на ден [redacted] година во Тетово, а со место на живеење во с.[redacted] со ЕМБГ-[redacted], роден на ден [redacted] година во Тетово, а со место на живеење во с.[redacted] ул.[redacted] и [redacted] со ЕМБГ-[redacted] роден на ден [redacted] година во Тетово, а со место на живеење во с.[redacted], завршена со Пресуда (во скратена постапка) ПРК.бр.[redacted] од 18.02.2021 година, правосилна од 15.03.2021 година, за прекршок казнив по чл.11 ст.1 од ЗППЈРМ, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Пресуда (во скратена постапка) ПРК.бр.[redacted] од 18.02.2021 година, правосилна од 15.03.2021 година, сега осудените [redacted] со ЕМБГ-[redacted], роден на ден [redacted] година во Тетово, а со место на живеење во с.[redacted] ул.[redacted] со ЕМБГ-[redacted], роден на ден [redacted] година во Тетово, а со место на живеење во с.[redacted] ул.[redacted] и [redacted] со ЕМБГ-[redacted] роден на ден [redacted] година во Тетово, а со место на живеење во с.[redacted] ул.[redacted] огласени се за виновни за прекршок казнив по чл.11 ст.1 од ЗППЈРМ и им се изрекува Прекршочна санкција-Глоба

на првопријавениот, второпријавениот и третопријавениот од по 100 евра во денарска противвредност од 6.140,00 денари.

Осудените [redacted] со од с.Долно Палчиште ул.[redacted], [redacted] од с.[redacted] ул.[redacted] и [redacted] ос [redacted] е ул.[redacted] до овој суд поднеле барање за повторување на прекршочната постапка, во која се наведува дека со правосилна пресуда ПРК.бр.[redacted] од 18.02.2021 година, се огласени за виновни за сторен прекршок по чл.11 ст.1 од ЗППЈРМ и изречена им е прекршочна санкција. Правосилната одлука на судот во Тетово е донесена во отсуство на осудените согласно чл.104 ст.2 од ЗП. Осудените немале можност да се произнесат за наводите во пријавата на МВР Тетово, а немале можност да достават свои предлози и докази, со кои евентуално би биле ослободени од обвинение, кон барањето за повторување на постапката приложуваат и докази, а како се осудени во отсуство сметаат дека се исполнети законските услови за повторување на постапката кои ЗКП и ЗП ги предвидува.

Подносителот на прекршочната постапка МВР СВР-Тетово ПО Жеровјане даде одговор-Мислење под Рег.бр.[redacted] од 07.11.2022 година, дека нема потреба од повторување на постапката бидејќи истата е пресудена во рамките на Законот.

Кривичниот совет по извршениот увид во списите на прекршочниот предметот на Основен суд Тетово ПРК.бр.13/21-Ј, Барањето за повторување на прекршочната постапка и Мислењето на МВР СВР-Тетово ПО Жеровјане под Рег.бр.[redacted] од 07.11.2022 година, најде дека:

**Барањето за повторување на постапката е Неосновано.**

Имено согласно чл.452 ст.1 од ЗКП, за барањето за повторување на кривична постапка одлучува советот од чл.25 ст.5 на овој закон, на судот што во поранешна постапка судел во прв степен.

Согласно чл.104 ст.2 од Законот за прекршоци, во скратена постапка судот одлучува без испитување на сторителот кога тој е уредно повикан, а не се јави и не достави доказ за оправдана спреченост да се јави пред судот.

Во конкретниот случај спрема осудените [redacted] со ЕМБГ-[redacted], роден на ден [redacted] година во Тетово, а со место на живеење во с.[redacted] ул.[redacted], [redacted] со ЕМБГ-[redacted], роден на ден [redacted] година во Тетово, а со место на живеење во с.[redacted] ул.[redacted] и [redacted] со ЕМБГ-[redacted], роден на ден [redacted] година во Тетово, а со место на живеење во с.[redacted] ул.[redacted] Основен суд Тетово донел Пресуда (во скратена постапка) ПРК.бр.[redacted] од 18.02.2021 година, правосилна од 15.03.2021 година, обвинетите биле уредно канети видно од вратените доставници, својот изостанок не го оправдале, па судот сметал дека не е нужно испитување на обвинетите за правилно утврдување на фактичката положба и дека одлука може да се донесе без нивно испитување, бидејќи во барањето за поведување на прекршочна постапка има доволно факти и докази за сторениот прекршок (службени белешки, потврда за одземени предмети, записник за примање на пријава, записник за констатиран прекршок), осудените имаат примено и пресуда видно од вратените доставници имале право на жалба во рок од 8 дена, постапката се водела согласно чл.30 од ЗС и чл.112, 113, 116, чл.104 ст.2 од ЗП и се огласени за виновни за сторен прекршок по чл.11 ст.1 од ЗППЈРМ.

Имајќи го предвид наведеното, спрема осудените не е дозволено повторување на прекршочната постапка, истите се судени согласно ЗППЈРМ, ЗС и ЗП, па Советот одлучи како во изреката на ова решение.

**Решено во Основен суд Тетово на ден 28.11.2022 година под ПРК.ПОВ.бр.10/22.**

**Записничар,**
[redacted]

**ВД Претседател на судот – совет,**
[redacted] **с.р.**

**ПОУКА:** Против ова Решение дозволена е Жалба во рок од 3 дена по приемот на истото преку овој суд, до Апелационен суд Гостивар.

**Д-на:** На [redacted] од с.[redacted]те [redacted],
На [redacted] од с.[redacted]е [redacted],
На [redacted]и од с.[redacted]
На МВР СВР-Тетово ПО-Жеровјане.

## 2. ВТОРОСТЕПЕНА ОДЛУКА

Второстепениот суд одлучува најдоцна во рок од **60 дена** од денот на приемот на жалбата, на нејавна седница. Кога се работи за странец, второстепениот суд решава веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на жалбата. Второстепениот суд може да ја укине првостепената одлука и предметот да го врати на првостепениот суд ако биде предложено изведување на нови докази за коишто странката не знаела и не можела да ги предложи во првостепената постапка. Кога второстепениот суд постапува по изјавена жалба против одлука **која еднаш била укината и вратена на повторно решавање**, тој сам задолжително ќе го реши предметот. Второстепениот суд при повторно одлучување не е врзан за правната квалификација содржана во одлуката. Кога второстепениот суд ја потврдува првостепената донесена одлука, не мора да даде писмено образложение во својата одлука[125].

Жалбата се поднесува до судот што ја донел првостепената одлука. Ненавремена, недозволена и неовластена жалба судот **ќе ја отфрли**. Судот што ја донел првостепената одлука за прекршоци, навремената, дозволената и жалбата поднесена од овластено лице заедно со списите на предметот ги доставува до Апелациониот суд.

Одлучувајќи по жалбата, Апелациониот суд може:

● Да ја отфрли жалбата;

● Да ја одбие жалбата како неоснована и да ја потврди првостепената одлука или

● Да ја усвои жалбата и да ја преиначи или да ја укине првостепената одлука.

Апелациониот суд **ќе ја одбие** жалбата како неоснована и ќе ја потврди првостепената одлука кога ќе утврди дека нема причини за оспорување на одлуката, ниту пак повреди на законот на кои внимава по службена должност.

Апелациониот суд **ќе ја усвои жалбата** и **ќе ја преиначи** првостепената одлука ако утврди дека: 1) правилно се утврдени решителни факти во првостепената постапка и дека поради утврдената фактичка состојба треба да се донесе поинаква одлука според правилната примена на законот; 2) има такви повреди на законот што може да се отстранат со изменување и дополнување на првостепената одлука; 3) при изрекување на казна или

[125] Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019, од 17.5.2019 година, член 125 ст. 2-7, достапен на интернет на линкот:https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b3ebdf26c692446394c8b105a4262810.pdf.

изрекување на заштитна мерка не се земени предвид сите околности што влијаат на правилното изрекување на казната или на законското изрекување на заштитната мерка; 4) земените околности предвид не се соодветно оценети; 5) судот што ја водел прекршочната постапка погрешно ги оценил списите и доказите што не ги извел, а одлуката или пресудата е заснована врз тие списи и докази.

Апелациониот суд **ќе ја усвои жалбата** и **ќе ја укине** првостепената одлука и ќе го врати предметот на **повторно постапување и решавање** ако: 1) постои битна повреда на одредбите од прекршочната постапка што влијаела врз законското одлучување; 2) судот, спротивно на одредбите на законот, погрешно или нецелосно ја утврдил фактичката состојба поради што таа треба да се дополни или да се спроведе нова постапка; 3) прекршочната постапка е запрена или е донесена пресуда со која обвинетиот се ослободува од одговорност поради погрешно оценување на доказите или погрешна примена на материјалното право.

ПРКЖ.бр.[redacted]

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ГОСТИВАР,** во совет составен од судиите: [redacted] -претседател на советот, [redacted] и [redacted], членови на советот, со записничар [redacted] – судски соработник, постапувајќи жалбата на обвинетиот [redacted] од с.[redacted], изјавена против пресудата на Основниот суд Тетово ПРК-[redacted] од 27.05.2022 година, на нејавната седница одржана на ден 27.10.2022 година, врз основа на одредбата од чл.2 ст.2 од ЗП в.в. со чл.434 од ЗКП и чл.126 ст.7 од ЗП, донесе:

**П Р Е С У Д А**

**ЖАЛБАТА** на обвинетиот [redacted] од с.[redacted], **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.**

**ПРЕСУДАТА** на Основниот суд Тетово ПРК-[redacted] од 27.05.2022 година, **СЕ ПОТВРДУВА.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** обвинетиот [redacted] од с.[redacted], да на име трошоци во постапката по жалба плати износ од 2.000,00 денари, а согласно чл. 121 ст.1 в.в. со чл.117 ст.1 алинеја 6 и ст.2 и чл.129 од ЗП, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Паушалните трошоци во постапката по жалба обвинетиот да ги плати на сметка 100000000063095, примач Апелационен суд Гостивар, банка на примачот - Народна Банка на Република Северна Македонија, уплатна сметка 2901060739 631 16, приходна шифра 724132, програма 20 и примерок од уплатницата како доказ за извршена уплата да достави до Апелационен суд Гостивар.

**О б р а з л о ж е н и е**

Бидејќи овој суд ја потврди обжалената пресуда која е донесена според чл.113 ст.7 од ЗП, не се дава посебно образложение, согласно чл.126 ст.7 од ЗП.

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР, ПРКЖ.бр.[redacted] од 27.10.2022 година.**

**Записничар,**
**[redacted] с.р.**

**Претседател на совет-судија,**
**[redacted] с.р.**

ПРКЖ.бр.[redacted]

ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ГОСТИВАР**, во совет составен од судиите: [redacted] - претседател на советот, [redacted] и [redacted], членови на советот, со записничар [redacted] ари, судски соработник, постапувајќи по жалбата на обвинетиот [redacted] од Тетово, изјавена против пресудата на Основниот суд ово ПРК-[redacted] од 01.07.2022 година, на нејавна седница одржана ден 27.10.2022 година, согласно чл.2 ст.2 од ЗП в.в. со чл.435 ст.1 и 34 од ЗКП, донесе:

**П Р Е С У Д А**

**ЖАЛБАТА** на обвинетиот [redacted] од Тетово, **ДЕЛУМНО ВАЖУВА.**

По жалбата и по службена должност, **ПРЕСУДАТА** на Основниот Тетово ПРК-[redacted] од 01.07.2022 година, **СЕ ПРЕИНАЧУВА** ади правилна примена на материјалното право во делот на одлуката екршочната санкција, на начин што на обвинетиот [redacted] Тетово, кој со првостепената пресуда е огласен за виновен за ршок по чл.35 ст.1, а казнив по чл.35 ст.4 од ЗБСП, согласно едениот член и одредбите од чл.7, 16, 22, 23 ст.3 и 26 ст.1 од ЗП, **МУ ИЗРЕКУВА прекршочна санкција-глоба** од 250 евра во денарска тивредност износ од 15.375,00 денари, сметано според средниот на НБ на РСМ на денот на пресудувањето, која обвинетиот е жен да ја плати во рок од 15 дена по приемот на пресудата, во тивно истата ќе се изврши присилно согласно чл.129 ст.2 од ЗП, и согласно одредбата од чл.29 од ЗП, **МУ СЕ ИЗРЕКУВА и ршочна санкција Забрана на управување со моторно возило од категорија во траење од 3-три месеци**, која забрана се впишува во чката дозвола во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата и нува да тече од денот на впишувањето во возачката дозвола.

Во останатиот дел **жалбата се одбива како неоснована**, а степената пресуда **СЕ ПОТВРДУВА**.

**О б р а з л о ж е н и е**

Основниот суд Тетово, со обжалената пресуда обвинетиот [redacted] од Тетово, го огласил за виновен за прекршок по чл.35 ст.1, а е по чл.35 ст.4 од ЗБСП и му изрекол прекршочна санкција глоба во од 300 евра, во денарска противвредност од по 18.450,00 денари, едно обвинетиот е задолжен да на име паушални трошоци за е на постапката платат износ од 1.500,00 денари, сето во рок од ена по правосилноста на пресудата, под закана на присилноување.

Покрај глобата на обвинетиот му е изречена и прекршочна санкција Забрана на управување со моторно возило од „Б" категорија во траење од 4-четири месеци.

Незадоволен од ваквата пресуда, навремена жалба изјавил обвинетиот [redacted] од Тетово, со која ја обжалува истата поради суштествена повреда на одредбите од постапката и погрешно утврдена фактичка состојба и поради одлуката за прекршочната санкција, со предлог жалбата да се уважи, обжалената пресуда да се преиначи или истата да ја укине и предметот да се врати пред првостепениот суд на повторно постапување и одлучување.

Одговор на жалба не е поднесен.

Апелациониот суд Гостивар постапувајќи по изјавената жалба, согласно чл.427 ст.1 од ЗКП, откако ги разгледа списите во предметот, обжалената пресуда и жалбата, утврди:

Жалбата е делумно основана.

Постапувајќи согласно чл.2 ст.2 од ЗП в.в. со чл.427 од ЗКП, овој суд по службена должност испита дали е сторена суштествена повреда на одредбите на прекршочната постапка од чл.415 ст.1 т.1,5,6,8, 9, 10 и 11 од ЗКП, дали претресот е одржан во отсуство на обвинетиот спротивно на одредбите на овој закон, па утврди дека таква повреда не е сторена, а обжалената пресуда е јасна, разбирлива и подобна целосно да се испита во однос на нејзината правилност и законитост.

Имено, описот во изреката на обжалената пресуда ги содржи сите битни елементи на чл.35 ст.1, а казнив по чл.35 ст.4 од ЗБСП, а во образложението на истата првостепениот суд дал доволно образложени причини за утврдените решителни факти.

Советот на овој суд, ги цeнеше жалбените наводи за сторени суштествени повреди на одредбите на постапката, кои се однесуваат на неуредна достава и повреда на правото на одбрана, но истите ги одби како неосновани.Наведеното од причина што, видно од списите приложени кон предметот,односно видно од доставницата со која на обвинетиот му е доставена покана за рочиштето за испитување на обвинет закажано за 01.07.2022 година, стои краток потпис, од каде произлегува дека обвинетиот бил уредно канет за закажаното рочиште, на која истиот не се јавил и изостанокот не го оправдал, причина на што првостепениот суд оправдано обжалената пресуда ја донел без испитување на обвинетиот.

Советот на овој суд ги цeнеше жалбените наводи со кои се оспорува утврдената фактичка состојба во предметот, на околноста дека првостепениот суд врз основ на погрешна оценка на доказите извел погрешен заклучок за вината на обвинетиот, меѓутоа истите не ги прифати за основани.

Наведеното од причина што, првостепениот суд од фактите содржани во барањето за поведување на прекршочна постапка и доказите приложени кон барањето со сигурност ги утврдил решителните факти во врска со предметниот прекршок и прекршочната одговорност на страна на обвинетите, и тоа од записникот за сторен сообраќаен прекршок на име на обвинетиот од 15.05.2022 година, прекршочен платен налог и записник за извршена контрола на брзина на движење, па првостепениот суд со сигурност утврдил дека обвинетиот на критичниот ден, време и место го сторил предметниот прекршок што му се става на товар, а доколку пак обвинетиот сметал дека е потребно изведување и на други докази во негова корист од кои евентуално би можела да се утврди поинаква фактичка состојба, истиот имал право да се јави пред првостепениот суд и да даде своја одбрана, кое нешто од негова страна не било направено, причина на што судот ја утврдил фактичката состојба врз анализа и оценка на расположливите докази, а кои по наоѓање на советот на овој суд упатуваат на одговорност на обвинетиот за прекршокот што му се става на товар.

Советот на овој суд ги ценеше жалбаните наводи изнесени во жалбата на обвинетиот во делот на одлуката за прекршочните санкции и истите ги прифати за основани.

Наведеното од причина што ценејќи ја одлуката за прекршочната санкција советот на утврди дека иако за предметниот прекршок е предвидена глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност, сепак имајќи го предвид начелото на задолжително применување на поблаг закон содржано во чл.3 ст.2 од КЗ на чија примена упатува чл.2 ст.2 од Законот за прекршоците објавен во Службен весник на РСМ бр.96 од 17.05.2019 година, кој стапил на сила на ден 25.05.2019 година, со кој во чл.26 ст.1 е предвидено "Глобата за физичко лице се состои во плаќање на определен паричен износ кој не може да биде помал од 15 евра во денарска противвредност ниту поголем од 250 евра во денарска противвредност, освен ако со законодавството на Европската Унија не е поинаку определено.", произлегува дека највисока глоба која можел да ја изрече судот за овој вид на прекршок е 250 евра во денарска противвредност, при што судот ги пречекорил овластувањата што ги има според закон и на обвинетиот му изрекол повисока глоба за предметниот прекршок од кои причини советот на овој суд на обвинетиот Рахман за прекршокот кој му се става на товар му изрече прекршочна санкција глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност, со оценка дека вака одмерена прекршочна санкција е во законските рамки и со истата ќе се постигнат целите на казнувањето предвидени во чл.32 од КЗ.

Исто така советот на овој суд оцени дека првостепениот суд правилно погрешно постапил кога на обвинетиот му изрекол и прекршочна санкција Забрана на управување со моторно возило во траење од 4-четири месеци , а од причина што првостепениот суд во конкретниот случај превисоко ја одмерил и прекршочната санкција забрана на управување со моторно возило од Б категорија во траење од

...тири месеци, а имајќи ја предвид тежината на сторениот прекршок и ...двидената санкција за истиот, па советот на овој суд ценејќи ги ги ...е овие околности е на ставот дека и со прекршочна санкција забрана ... управување со моторно возило од Б категорија во траење од 3-три ...сеци, односно во минималниот рок предвиден во одредбата од чл.36 ...ав 4 од ЗБСП за ваков вид на прекршоци, оправдано може да се ...екува дека ќе се исполни целта на казнувањето, во смисла на чл.32 од ...С, од која причина жалбените наводи истакнати во таа насока, советот ...з овој суд ги прифати како основани.

Со оглед на претходно изнесеното, овој суд одлучи делумно да ја ...важи жалбата на обвинетиот [redacted] од с.[redacted] по жалбата и ... службена должност обжалената пресуда да ја преиначи заради ...авилна примена на материјалното право во делот на одлуката за ...екршочната санкција, така што на обвинетиот [redacted] од ...етово,, кој со првостепената пресуда е огласен за виновен за прекршок ...о чл.36 ст.1, а казнив по чл.36 ст.3 од ЗБСП, согласно наведениот член ... одредбите од чл.7, 16, 22, 23 ст.3 и 26 ст.1 од ЗП му изрече ...рекршочна санкција-глоба од 250 евра во денарска противвредност од ...5.375,00 денари, како и согласно член 29 од ЗП му изрече прекршочна ...анкција Забрана на управување со моторно возило од „Б" категорија во ...раење од 3- три месеци, а во останатиот дел првостепената пресуда ја ...отврди.

Со оглед на наведеното, а согласно чл.2 ст.2 од ЗП в.в. со чл.435 ст.1 и чл.434 од ЗКП, се одлучи како во изреката на оваа пресуда.

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР, ПРЈЖ.бр.[redacted] од 27.10.2022 година.**

**Записничар,**
[redacted] **с.р.**

**Претседател на совет-судија,**
[redacted] **с.р.**

4

ПРКЖ.бр.[redacted]

**АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ГОСТИВАР**, во совет составен од судиите: [redacted], претседател на советот, [redacted] и [redacted], членови на советот, со записничар [redacted] судски советник, постапувајќи по жалбата на подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка Министерство за финансии-Царинска Управа-Централна управа, изјавена против пресудата на Основниот суд Тетово ПРК.бр.[redacted] од 15.03.2022 година, на нејавната седница одржана на ден 12.05.2022 година, врз основа на одредбата од чл.2 ст.2 од ЗП в.в. со чл.436 ст.1 од ЗКП, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

По повод жалбата, а по службена должност, **ПРЕСУДАТА** на Основниот суд Тетово ПРК.бр.[redacted] од 15.03.2022 година**, СЕ УКИНУВА** и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно судење.

**ЖАЛБАТА** на подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка Министерство за финансии-Царинска Управа - Централна управа, **Е БЕСПРЕДМЕТНА.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Основниот суд Тетово, со обжалената пресуда обвинетите правното лице [redacted] со седиште во Тетово и [redacted] од Тетово, како одговорно лице во правното лице, ги огласил за виновни за прекршок по чл.10 ст.6 в.в. со чл.118 ст.7 и 8 од Законот за акцизите и на правното лице му изрекол прекршочна санкција глоба во износ од 2000 евра во денарска противвредност од 122.800,00 денари, а на второобвинетиот, како одговорно лице во правното лице, му изрекол прекршочна санкција глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност од 61.400,00 денари, по куповен курс на денот на пресудувањето, а воедно обвинетите се задолжени да платат паушални трошоци за водење на постапката, сума во износ од 1.500,00 денари, сето во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, под закана на присилно извршување.

Незадоволен од ваквата пресуда, навремена жалба изјавил подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка Министерство за финансии-Царинска Управа - Централна управа, од чија содржина произлегува дека ја обжалува истата поради неизречена мерка на безбедност – одземање на стоките кои се предмет на прекршокот, со предлог жалбата да се уважи, обжалената пресуда да се укине и предметот се врати на првостепениот суд на повторно одлучување.

1

Одговор на жалба е поднесен од страна на обвинетите [redacted] [redacted] со седиште во Тетово и [redacted] од Тетово, како одговорно лице во правното лице, со кој во целост се негираат жалбените наводи содржани во изјавената жалба од страна на подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка, со предлог жалбата да се одбие како неоснована, а првостепената пресуда да се потврди.

Апелациониот суд Гостивар постапувајќи по изјавената жалба, откако ги разгледа списите во предметот, обжалената пресуда, жалбата и одговорот на жалба утврди:

Жалбата е беспредметна.

Постапувајќи по изјавената жалба, а испитувајќи ја обжалената пресуда по службена должност согласно чл.427 ст.1 од ЗКП в.в. чл.2 ст.2 од ЗП, советот на овој суд утврди дека во текот на првостепената постапка е сторена суштествена повреда на одредбите на постапката од чл.415 ст.1 т.11 од ЗКП, со оглед да првостепената пресуда содржи такви недостатоци што ја прават манлива и неподобна за испитување по однос на нејзината правилност и законитост, особено што изреката на пресудата е неразбирлива, а во образложението на пресудата наведените причини за решителните факти се нејасни, последица на што судот погрешно ја утврдил фактичката состојба и применил материјалното право.

Наведеното од причина што, видно од изреката на првостепената пресуда, воопшто не е јасно времето на сторувањето на прекршокот со оглед да во истата се наведува “На ден 23 и 25.12.2020 година во 12 часот, при извршена надворешна контрола од страна на Царинската управа, сектор за контрола и истраги на трговското друштво [redacted] од Тетово заради утврдување и оценување на состојбите што се од важност по однос на акцизите за акцизен период од 01.01.2019 година до моментот на контролата од 16.01.2021 година....", па за овој суд воопшто не е јасно во кој период е сторена контролата во обвинетото правно лице, а имајќи предвид дека во списите на предметот воопшто не постои доказ дека било каква контрола е извршена на ден 16.01.2021 година, што ја прави првостепената пресуда нејасна, неразбирлива, а како таква и неподобна за испитување по однос на нејзината правилност и законитост. Прашањето на времето за извршување на прекршокот е важно заради примена на одредени институти од Законот за прекршоците и Кривичниот законик, како што се примена на поблагиот закон и утврдување на застареност на гонењето за прекршокот. Описот на прекршокот треба да биде јасно и прецисно формулиран, за да може од него да се види за кој прекршок се работи и кога прекршокот е извршен.

Наведеното дотолку повеќе што, описот на дејствијата на обвинетите во изреката на првостепената пресуда се премногу опширен и конфузен и воопшто не е јасно точно за кои производи не е поднесена

акцизна декларација и не е платена акциза согласно Законот за акцизите, а со тоа и точниот износ за настанатата акциза, што е од битно значење за правилно утврдување на фактичката состојба и правилна примена на материјалното право врз истата.

Овие пропусти сторени од страна на првостепениот суд ја прават обжалената пресуда нејасна, неразбирлива и неподобна за испитување, поради што советот на овој суд по повод жалбата, а по службена должност, првостепената пресуда ја укина и предметот го врати на првостепениот суд на повторно судење.

Имајќи предвид дека првостепената пресуда се укинува по службена должност поради сторена суштествена повреда на одредбите на постапката од чл.415 ст.1 т.11 од ЗКП, советот на овој суд не се впушти во оценка на жалбените наводи по однос на неизречената мерка на безбедност – одземање на предметите, изнесени во жалбата на подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка и истата во оваа фаза на постапката се јавува како беспредметна.

При повторното одлучување, првостепениот суд ќе треба да ги има во предвид укажувањата изнесени во ова решение. Истиот ќе треба да ги отстрани констатираните суштествени повреди на одредбите на постапката, на начин што ќе донесе пресуда со изрека која ќе содржи јасен опис на прекршокот за кој се теретат обвинетите и во која ќе бидат содржани јасни и разбирливи причини за решителните факти, за да биде во можност правилно и целосно да ја утврди фактичката сосотојба и притоа во зависност од утврденото, со правилна примена на материјалното право, да донесе правилна и на закон заснована одлука.

Со оглед на сето погоре наведено, а согласно чл.2 ст.2 од ЗП в.в. со чл.436 ст.1 од ЗКП, се одлучи како во изреката на ова решение.

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР, ПРКЖ.бр.[redacted] од 12.05.2022 година.**

**Записничар,**
**[redacted] с.р.**

**Претседател на совет-судија,**
**[redacted] с.р.**

***Резиме:***

Прекршочната постапка по редовни правни лекови ја води совет од тројца судии во апелационите судови. Прекршочната постапка за поднесено барање за заштита на законитоста ја води совет од тројца судии во Врховниот суд. Прекршочната постапка за поднесено барање за повторување на постапката ја води кривичен совет од тројца судии во основниот суд. Во прекршочната постапка по редовни и по вонредни правни лекови, бранителот мора да приложи полномошно, а ако бранителот не приложи полномошно, се смета дека поднесениот правен лек е неуреден. Во постапката по редовни и по вонредни правни лекови, странката не може да предлага нови докази за кои знаела и можела да ги предложи во првостепената прекршочна постапка.

Второстепениот суд одлучува најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на жалбата, на нејавна седница. Кога се работи за странец, второстепениот суд решава веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на жалбата. Второстепениот суд може да ја укине првостепената одлука и предметот да го врати на првостепениот суд ако биде предложено изведување на нови докази за коишто странката не знаела и не можела да ги предложи во првостепената постапка. Кога второстепениот суд постапува по изјавена жалба против одлука која еднаш била укината и вратена на повторно решавање, тој сам задолжително ќе го реши предметот. Второстепениот суд при повторно одлучување не е врзан за правната квалификација содржана во одлуката. Кога второстепениот суд ја потврдува првостепената донесена одлука, не мора да даде писмено образложение во својата одлука.

Жалбата се поднесува до судот што ја донел првостепената одлука. Судот што ја донел првостепената одлука за прекршоци, навремената, дозволената и жалбата поднесена од овластено лице заедно со списите на предметот ги доставува до Апелациониот суд.

Одлучувајќи по жалбата, Апелациониот суд може: да ја отфрли жалбата; да ја одбие жалбата како неоснована и да ја потврди првостепената одлука или да ја усвои жалбата и да ја преиначи или да ја укине првостепената одлука.

***Контролни прашања:***

1. Кој ја води прекршочната постапка по редовни правни лекови?
2. Кој ја води прекршочната постапка по барање за заштита на законитоста?
3. Кој ја води прекршочната постапка по барање за повторување на постапката?
4. Какви докази странката не може да предлага во постапката по редовни и по вонредни правни лекови?
5. Во кој рок се донесува второстепената одлука?
6. Кога второстепениот суд сам задолжително ќе го реши предметот?
7. Кои се можностите за одлучување на Апелациониот суд по жалба?
8. Кога Апелациониот суд ќе ја одбие жалбата како неоснована?
9. Кога Апелациониот суд ќе ја усвои жалбата и ќе ја преиначи првостепената одлука?
10. Кога Апелациониот суд ќе ја усвои жалбата и ќе ја ќе ја укине првостепената одлука?

***Задача:***

Составете второстепена одлука!

# ПОИМНИК

**А**

**Административна постапка –** не е дефинирана со закон, но посредно може да се дефинира како постапка регулирана со закон за донесување на административниот акт.

**Административен акт** – е поединечен акт со кој јавниот орган одлучил за права, обврски и правни интереси на физичко или правно лице, односно друго лице кое може да биде странка во определена управна работа, како и поединечен акт донесен во прекршочна постапка, кој може да биде насловен како: решение, одлука, наредба, лиценца, дозвола, забрана, одобрение, известување и др.

**Административно дејство –** е донесување на управни акти, склучување на управни договори, заштита на корисниците на јавни услуги и услуги од општ интерес, како и преземање на други управни дејства во управните работи во согласност со закон.

**Административен договор –** е двостран правен акт склучен меѓу јавен орган и физичко или правно лице чиј предмет е вршење на јавна служба или пружање јавни услуги на граѓаните од надлежност на јавниот орган.

**Административен надзор** – е еден вид контрола што се врши од страна на администрацијата врз примената на законите од страна на граѓаните и на организациите или надзор што администрацијата го врши врз субјектите што имаат јавни овластувања.

**Административен (управен) спор** – е посебен вид судска контрола врз законитоста на административниот акт. Негов предмет е законитоста на административниот акт, при што во управниот спор вообичаено не се одлучува за административната работа (која била предмет на решавање во претходната управна постапка), туку само се оценува дали административниот акт е законит или не. Доколку се утврди дека административниот акт е незаконит, тогаш судот ќе го поништи таквиот акт и ќе го врати на повторно одлучување на органот кој го донел при што органот е врзан за правното мислење на судот.

**Административни прекршоци** – се прекршоци за кои постапката ја водат и санкцијата ја изрекуваат прекршочниот орган и овластеното службено лице. Административни прекршоци се оние прекршоци за кои е предвидена глоба во помал износ од: 250 евра за физичко лице; 500 евра за одговорно лице во правно лице или службено лице и 1 000 евра за правно лице.

**В**

**Вонредни правни лекови** - се поднесуваат против правосилни судски одлуки и имаат за цел да се измени материјалната правосилност на донесената пресуда - создавање право со судска одлука која е резултат од примена на општите законски одредби врз конкретен случај. Во нашата прекршочна постапка пред судот вонредни правни лекови се: барање за повторување на прекршочната постапка и барање за заштита на законитоста.

**Г**

**Глоба** – се смета паричен износ пресметан во денарска противвредност на износот на средниот курс на еврото според Народната банка на Република Северна Македонија во времето на изрекувањето на глобата пресметана во денарска противвредност без децимали.

**Д**

**Докажување -** е процесно дејствие на судот и странките преку кое тие доаѓаат до утврдување на правно релевантни факти преку доказни средства.

**Државна администрација** – ја сочинуваат министерства, други управни органи и управни организации.

**З**

**Записник** – е пишана исправа за усна расправа или за друго поважно дејство во постапката, како и за поважни усни изјави на странките или на трети лица во постапката.

**Застареност –** е гаснење на правото на државата за поведување и за водење на прекршочна постапка или за извршување на прекршочни санкции поради протек на определено време пропишано со закон.

**Ј**

**Јавна администрација** – не ги опфаќа само органите на државната управа туку и локалните органи, установите и институтите (јавните служби), приватните субјекти со јавни овластувања, невладиниот сектор во рамките на вршењето јавни дејности или, со еден збор, целата администрација на која ѝ е доверено вршењето на јавни овластувања.

**Јавни органи** – се министерствата и други органи на државната управа, организации утврдени со закон, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општината, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје.

**К**

**Комисии –** се колегијални органи на администрацијата што може да се основаат како самостојни органи или во состав на други органи на министерствата.

**Комисија за одлучување по прекршок** – е составена од овластени службени лица со соодветен степен и вид на стручна подготовка и работно искуство, определени со закон, од кои најмалку еден од членовите е дипломиран правник со положен правосуден испит.

**М**

**Месна надлежност во прекршочното право** - е право и должност на стварно надлежен прекршочен суд да одлучува за конкретна прекршочна работа, со оглед на територијалната врска што постои меѓу тој суд и прекршочната работа, односно судот и сторителот.

**Н**

**Надлежност во прекршочното право -** е право и должност на прекршочниот суд да суди за конкретна прекршочна работа.

**О**

**Овластено службено лице –** е службено лице во јавен орган што е овластено да издава прекршочен платен налог, да води прекршочна постапка и да изрекува прекршочни санкции во прекршочните постапки утврдени со закон.

**Основни субјекти на прекршочната постапка пред судот –** се: подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка (кој ја врши процесната функција на прекршочно гонење); обвинетиот (кој е физичко или правно лице против кое се води прекршочната постапка и кој ја врши процесната функција на одбрана); и надлежен суд (кој ја врши процесната функција на решавање по прекршочни работи).

**Основни обележја на прекршокот** – се: противправноста; дејството на извршување; определувањето на обележјата на прекршокот со закон; и прекршочната санкција.

**П**

**Поднесоци** – барања, пријави, предлози, жалби, приговори и други изјави со кои странките се обраќаат до јавниот орган во врска со определена управна работа.

**Правно лице** – се подразбираат: Република Северна Македонија, јавните органи, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, трговските друштва,

установите, политичките партии, здруженијата, фондациите, сојузите и организационите облици на странски организации, спортски здруженија и други правни лица од областа на спортот и други правни лица и други заедници и организации на кои им е признаено својството на правно лице.

**Правни лекови -** се процесни дејства со кои овластеното лице оспорува одлука (пресуда или решение) донесена во прекршочна постапка пред судот.

**Прекршочни органи** – се: јавните органи, самостојните регулаторни тела и другите органи надлежни во согласност со Законот за водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочни санкции.

**Прекршочно право** – подразбира цел збир законски прописи што ги пропишуваат прекршоците и санкциите предвидени за тие прекршоци.

**Прекршок** – е противправно дело што со закон е определено како прекршок, чии обележја се определени со закон и за кое е пропишана прекршочна санкција.

**Прекршочна постапка** – е постапка која во согласност со одредбите на Законот за прекршоците ја водат суд, прекршочен орган и овластено службено лице.

**Пресуда за прекршок** – е одлука со која обвинетиот се огласува за виновен и му се изрекува прекршочна санкција или се ослободува од одговорност.

**Р**

**Реален акт** – е акт или дејство на јавниот орган што не е управен акт или управен договор, што може да има правно дејство врз правата, обврските или правните интереси на некое лице, како што се јавните информации, примање изјави, водење евиденција, издавање уверенија, дејства на извршување и други фактички дејства.

**Решение за прекршок** – е решение со кое прекршочниот орган му утврдува одговорност на сторителот и му изрекува прекршочна санкција.

**Редовни правни лекови -** се оние со чие изјавување се одлага извршувањето на одлуката против која се изјавени. Во нашата прекршочна постапка пред судот жалбата е единствен редовен правен лек.

**С**

**Судски прекршоци** – се прекршоци за кои постапката ја води и санкцијата ја изрекува судот. Судски прекршоци се оние прекршоци за кои е предвидена глоба во

повисок износ од: 250 евра за физичко лице; 500 евра за одговорно лице во правно лице или службено лице и 1 000 евра за правно лице.

**Стварна надлежност во прекршочното право** - е право и должност на прекршочниот суд да одлучува за конкретна прекршочна работа во прв степен, освен за онаа прекршочна работа која е во надлежност на друг орган.

**У**

**Управни организации** – се органи на државната администрација што вршат определени стручни и други работи во рамките на правата и должностите на Републиката со примена на научни и стручни методи.

**Ф**

**Физичко лице** – се подразбира секое полнолетно лице сторител на прекршок, одговорно лице во правно лице, трговец поединец, овластено службено лице и лице кое самостојно врши дејност.

# БИБЛИОГРАФИЈА

### *А) Користена научна и стручна литература*


- Alenka Šelih, *“The Legal and Practical Problems Posed by the Difference between Criminal Law and Administrative Penal Law”,* Revue Internationale de Droit Penal, no. 1-2, 1988.
- Гордан Калајџиев; Гордана Лажетиќ; Лидија Неделкова; Маја Денковска; Мери Тромбева; Тодор Витларов; Павлина Јанкуловска; Дељо Кадиев; Коментар на Законот за кривична постапка, Скопје, 2018.
- Damir Aviani, Prekršajno pravo, Pravni fakultet, Split, 2009.
- Derenčinović D., Gulišija M., Dragičević Prtenjača M., *“Novosti u materijalnopravnim odredbama prekršajnog zakona”*, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu, vol. 20, br. 2/2013, Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, 2013.
- Емир Ћоровић, Прекршајно право, Правни факултет, Државни универзитет у Новом Пазару, 2015.
- Игор Вуковић, Прекршајно право, друго издање, Правни факултет, Универзитет у Београду, 2016.
- Milo Bošković; Tatjana Skakavac, Prekršajno pravo, Fakultet za pravne i poslovne studije, Novi Sad, 2017.
- Миленко Јелачић, Прекршајно право: теорија и пракса, Београд, 2004.
- Предраг Димитријевић, Управно право-општи део, пето издање, Ниш, 2019.
- Предраг Димитријевић; Драган Јовашевић, Прекршајно право, Београд, 2005.
- Slavoljub Popovič, Upravno pravo-opšti deo, Beograd, 1979.
- Stanko Pihler, Prekršajno pravo, Graphica Academica, Novi Sad, 2000.
- Tadija, Bubalovič, Pravo na žalbu u kaznenom postupku, Sarajevo, 2006.
- Željko Horvatić, Rječnik kaznenog prava, Masmedia, Zagreb, 2002.

### ***Б) Правни извори***


- Устав на Република Северна Македонија, „Службен весник на РСМ“, бр. 52/91 со 36. уставни амандмани.
- Закон за прекршоците, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019.
- Закон за управните спорови, „Службен весник на РСМ“, бр. 96/2019.
- Закон за правда за децата, „Службен весник на РСМ“, бр. 148/2013.
- Закон за кривична постапка, „Службен весник на РСМ“, бр. 150/2010.
- Правилник на МВР за формата и содржината на обрасците на прекршочниот платен налог, записник за сторен сообраќаен прекршок и записник за контрола на техничката исправност на возила на јавен пат од 1 февруари 2021 година.